# ЗАКОН ЗА ПАРНИЧНАТА ПОСТАПКА

**Дел први**

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Глава прва**

## ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој закон се определуваат правилата на постапката врз основа на кои судот расправа и одлучува за основните права и обврски на човекот и граѓанинот во споровите од личните и семејните односи, од работните односи, како и од имотните и другите граѓанско-правни односи на физичките и правните лица, освен ако за некои од наведените спорови со посебен закон не е предвидено за нив судот да одлучува според правилата на некоја друга постапка.

### Член 2

(1) Во парничната постапка судот одлучува во границите на барањата што се ставени во постапката.

(2) Судот не може да одбие да одлучува по барање за кое е надлежен.

### Член 3

(1) Странките можат слободно да располагаат со барањата што ги ставиле во текот на постапката.

(2) Тие можат да се одречат од своето барање, да го признаат барањето на противникот и да се порамнат.

(3) Судот нема да ги уважи располагањата на странките кои се:
1) во спротивност со присилните прописи;
2) во спротивност со одредбите на меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот на Република Македонија и
3) во спротивност со моралот.

### Член 4

Судот одлучува за тужбеното барање, по правило, врз основа на усно, непосредно и јавно расправање.

### Член 5

(1) Судот на секоја странка ќе и даде можност да се изјасни за барањата и наводите на противната странка.

(2) Судот е овластен да одлучи за барање за кое на противната странка не и била дадена можност да се изјасни само кога тоа е определено со овој закон.

### Член 6

(1) Парничната постапка се води на македонски јазик и неговото кирилско писмо.

(2) Во парничната постапка друг службен јазик и неговото писмо што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните, се користи во согласност со овој закон.

(3) Припадник на заедница, кој како странка или друг учесник во постапката не го разбира и не го зборува македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, има право на преведувач.

(4) Трошоците за преведувањето паѓаат на товар на судот.

(5) Судот е должен да ја поучи странката, односно другиот учесник во постапката за правото предвидено во ставовите (2) и (3) на овој член. Претседателот на советот или судија поединец е должен да ја внесе во записникот поуката на судот и изјавата на странката, односно на другиот учесник во постапката.

### Член 7

(1) Странките се должни да ги изнесат сите факти врз кои ги засноваат своите барања и да предложат докази со кои се утврдуваат тие факти.

(2) Судот е овластен да ги утврди и фактите што странките не ги изнеле и да ги изведе и доказите што странките не ги предложиле, ако од резултатите од расправата и од докажувањето произлегува дека странките одат кон тоа да располагаат со барања со кои не можат да располагаат, но својата одлука не може да ја заснова врз факти и докази за кои на странките не им е дадена можност да се изјаснат.

### Член 8

Кои факти ќе ги земе како докажани одлучува судот по свое убедување врз основа на совесна и грижлива оцена на секој доказ посебно и на сите докази заедно, како и врз основа на резултатите од целокупната постапка.

### Член 9

Странките и замешувачите се должни пред судот да ја зборуваат вистината и совесно да ги користат правата што им се признаени со овој закон.

### Член 10

(1) Судот е должен да настојува постапката да се спроведе без одолжување, во разумен рок, со што помалку трошоци и да ја оневозможи секоја злоупотреба на правата што на странките им припаѓаат во постапката.

(2) Со парична казна од 50 до 500 евра во денарска противвредност ќе се казни физичко лице (странка, замешувач, одговорно лице во правно лице), а со казна во висина од 250 до 2.500 евра во денарска противвредност ќе се казни правно лице, кое ќе ги злоупотреби правата што му припаѓаат во постапката, доколку со овој закон поинаку не е определено.

(3) Со паричната казна од ставот (2) на овој член ќе се казни и застапникот (полномошник или законски застапник), доколку е одговорен за злоупотребата на правата.

(4) Паричната казна од ставовите (2) и (3) на овој член ја изрекува првостепениот суд. Надвор од рочиштето за главна расправа казната ја изрекува судија поединец, односно претседателот на советот.

(5) Против решението со кое е изречена парична казна, не е дозволена посебна жалба.

(6) Ако изречената парична казна не биде доброволно платена во рокот кој го определил судот, таа присилно се наплатува по службена должност како парично побарување според законот за извршувањето.

### Член 11

(1) Кога одлуката на судот зависи од претходното решение на прашањето дали постои некое право или правен однос, а за тоа прашање уште не донел одлука судот или друг надлежен орган (претходно прашање), судот може сам да го реши тоа прашање, ако со посебни прописи поинаку не е определено.

(2) Одлуката на судот за претходното прашање има правно дејство само во парницата во која е решено тоа прашање.

(3) Во парничната постапка судот во однос на постоењето на кривично дело и кривична одговорност на сторителот е врзан за правосилната пресуда на кривичниот суд со која обвинетиот се огласува за виновен.

### Член 12

(1) Во парничната постапка судовите судат во совет.

(2) Со овој закон се определува во кои случаи суди судија поединец.

### Член 13

Ако за одделни дејствија со закон не е определена формата во која можат да се преземат, странките ги преземаат парничните дејствија писмено надвор од рочиштето или усно на рочиште.

### Глава втора

## НАДЛЕЖНОСТ И СОСТАВ НА СУДОТ

## 1. Заеднички одредби

### Член 14

(1) Судот оценува по службена должност, веднаш по приемот на тужбата, дали е надлежен и во кој состав е надлежен.

(2) Оценувањето на надлежноста се врши врз основа на наводите во тужбата и врз основа на фактите што му се познати на судот.

(3) Ако во текот на постапката се променат околностите врз кои е заснована надлежноста на судот, судот што бил надлежен во времето на поднесувањето на тужбата останува и натаму надлежен и ако поради овие промени би бил надлежен друг суд.

### Член 15

(1) Судот во текот на целата постапка по службена должност внимава дали решавањето на спорот спаѓа во судска надлежност и дали решавањето на спорот спаѓа во надлежност на суд во Република Македонија.

(2) Кога судот во текот на постапката ќе утврди дека за решавање на спорот не е надлежен суд туку некој друг домашен орган, ќе се огласи за ненадлежен, ќе ги укине спроведените дејствија во постапката и ќе ја отфрли тужбата.

(3) Кога судот во текот на постапката ќе утврди дека за решавање на спорот не е надлежен суд во Република Македонија, по службена должност ќе се огласи за ненадлежен, ќе ги укине спроведените дејствија во постапката и ќе ја отфрли тужбата, освен во случаите во кои надлежноста на суд во Република Македонија зависи од согласноста на тужениот, а тој ја дал својата согласност.

### Член 16

(1) Секој суд во текот на целата постапка по службена должност внимава на својата стварна надлежност.

(2) Ако е одржано подготвително рочиште или, ако тоа не е одржано, откако тужениот на првото рочиште за главната расправа се впуштил во расправање за главната работа, судот што ја започнал постапката не може ни по приговор ни по службена должност да се огласи за ненадлежен за предмети од надлежноста на друг суд од ист степен.

### Член 17

(1) Кога судскиот совет во текот на постапката или претседателот на советот на подготвително рочиште, по службена должност или по приговор од странките, ќе утврди дека се работи за спор што треба да го суди судија поединец на истиот суд, постапката по правосилноста на ова решение ќе продолжи пред судијата поединец и тоа по можност пред претседателот на советот како судија поединец. Судијата поединец е врзан за правосилната одлука со која предметот му се отстапува во надлежност.

(2) Во случај од ставот (1) на овој член советот може, според состојбата на постапката, да одлучи предметот да не му го отстапи на судија поединец, туку тој сам да ја спроведе постапката. Против оваа одлука на советот не е дозволена жалба.

(3) Одредбите на ставовите (1) и (2) од овој член ќе се применуваат и кога во текот на постапката пред советот ќе се променат околностите или тужителот ќе го намали тужбеното барање, така што спорот би требало да го суди судија поединец.

(4) Ако советот донел одлука за спор што требало да го суди судија поединец, оваа одлука не може да се побива поради тоа што одлуката за спорот не ја донел судија поединец.

(5) Кога судија поединец во текот на постапката, по службена должност или по приговор од странка, ќе најде дека за судење е надлежен совет на истиот суд, постапката ќе продолжи пред совет. Против ова решение на судијата поединец не е дозволена жалба.

### Член 18

(1) До донесувањето на одлука за главната работа судот со решение ќе ја запре парничната постапка, ако утврди дека постапката треба да се спроведе според правилата на вонпарничната постапка. Постапката по правосилноста на решението ќе продолжи според правилата на вонпарничната постапка пред надлежниот суд.

(2) Дејствијата што ги спровел парничниот суд (увид, вештачење, сослушување на сведоци и друго), како и одлуките што ги донел тој суд, не се без важност само поради тоа што се преземени во парничната постапка.

### Член 19

(1) Судот може, по приговор од тужениот, да се огласи за месно ненадлежен ако приговорот е поднесен најдоцна на подготвителното рочиште или, ако тоа не е одржано, до впуштањето на тужениот во расправање за главната работа на првото рочиште за главната расправа.

(2) По службена должност судот може да се огласи за месно ненадлежен само кога постои исклучителна месна надлежност на некој друг суд најдоцна на подготвителното рочиште или, ако тоа не е одржано, до впуштањето на тужениот во расправање за главната работа на првото рочиште за главната расправа.

## Член 20

(1) По правосилноста на решението со кое се огласил за ненадлежен (член 19), судот ќе му го отстапи предметот на надлежниот суд.

(2) Судот на кој му е отстапен предметот како надлежен ќе ја продолжи постапката како да била поведена кај него.

(3) Ако одлуката за ненадлежност била донесена на главната расправа, судот на кој му е отстапен предметот ќе закаже главна расправа и ќе постапи како расправата да се држи пред изменет совет (член 301 став (3)). Ако одлуката за ненадлежност била донесена на подготвителното рочиште, нема да се закаже ново подготвително рочиште ако претседателот на советот смета дека тоа не е потребно со оглед на дејствијата преземени на поранешното подготвително рочиште.

(4) Парничните дејствија на ненадлежниот суд (увид, вештачење, сослушување на сведоци и друго) не се без важност само поради тоа што ги презел ненадлежен суд.

## Член 21

(1) Ако судот на кој му е отстапен предметот како на надлежен смета дека е надлежен судот што му го отстапил предметот или некој друг суд, ќе му го достави предметот на судот кој треба да го реши овој судир на надлежноста, освен ако најде дека предметот му е отстапен поради очигледна грешка, а требало да му биде отстапен на некој друг суд, во кој случај предметот ќе му го отстапи на тој друг суд и за тоа ќе го извести судот кој му го отстапил предметот.

(2) Кога по повод жалба против одлуката на првостепениот суд со кој тој се огласил за месно ненадлежен одлука донел второстепениот суд, за таа одлука во прашањето за надлежноста е врзан и судот на кој му е отстапен предметот, ако второстепениот суд што ја донел одлуката е надлежен за решавање на судирот на надлежноста меѓу тие судови.

(3) Одлуката на второстепениот суд за стварната ненадлежност на првостепениот суд го врзува секој суд кому подоцна истиот предмет ќе му биде отстапен, ако второстепениот суд е надлежен за решавање за судирот на надлежноста меѓу тие судови.

## Член 22

Судирот на надлежноста меѓу судовите го решава заеднички непосредно повисокиот суд.

## Член 23

(1) За судирот на надлежноста може да се одлучи и кога странките претходно не се изјасниле за надлежноста.

(2) Додека не се реши судирот на надлежноста судот кому предметот му е отстапен е должен да ги презема оние дејствија во постапката за кои постои опасност од одлагање.

(3) Против решението со кое се одлучува за судирот на надлежноста не е дозволена жалба.

## Член 24

Секој суд ги врши дејствијата во постапката на своето подрачје, но ако постои опасност поради одлагање судот ќе презема одделни дејствија и на подрачјето на соседниот суд. За ова ќе се извести судот на чие подрачје е преземено дејствието.

## Член 25

(1) За надлежноста на судовите во Република Македонија за судење на странци кои уживаат право на имунитет во Република Македонија и за судење на странски држави и меѓународни организации важат правилата на меѓународното право.

(2) Во случај на сомневање за постоењето и обемот на правото на имунитет, објаснување дава Министерството за правда.

## 2. Надлежност на судовите во спорови со меѓународен елемент

### Член 26

Суд во Република Македонија е надлежен за судење кога неговата надлежност во спор со меѓународен елемент е изрично определена со закон или со меѓународен договор. Ако во законот или во меѓународниот договор нема изрична одредба за надлежноста на суд во Република Македонија за определен вид спорови, тогаш суд во Република Македонија е надлежен за судење во тој вид спорови и кога неговата надлежност произлегува од одредбите на законот за месната надлежност на суд во Република Македонија.

## 3. Стварна надлежност

### Член 27

Во парничната постапка судовите судат во границите на својата стварна надлежност определена со закон.

## Утврдување на вредноста на предметот на спорот

### Член 28

(1) Кога за утврдување на составот на судот, правото на изјавување ревизија и во други случаи предвидени во овој закон е меродавна вредноста на предметот на спорот, како вредност на предметот на спорот се зема предвид само вредноста на главното барање.

(2) Каматите, парничните трошоци, договорната казна и другите споредни барања не се земаат предвид, ако не го сочинуваат главното барање.

### Член 29

Ако барањето се однесува на идни давања што се повторуваат, вредноста на предметот на спорот се смета според нивниот збир, но најмногу до износот што му одговара на збирот на давањата за време од пет години.

### Член 30

(1) Ако една тужба против истиот тужен опфаќа повеќе барања што се засноваат врз иста фактичка и правна основа, вредноста се определува според збирот на вредноста на сите барања.

(2) Ако барањата во тужбата произлегуваат од разни основи или се истакнати против повеќе тужени, вредноста се определува според вредноста на секое одделно барање.

### Член 31

Кога спорот се води за постоење на наемен или закупен однос или за однос на користење на станбен или деловен простор, вредноста се смета според едногодишната наемнина, односно закупнина, освен ако се работи за наемен, односно закупен однос склучен на пократко време.

### Член 32

Ако со тужбата се бара само обезбедување на побарување или засновање на заложно право, вредноста на предметот на спорот се определува според износот на побарувањето што треба да се обезбеди. Ако предметот на залогот има помала вредност од побарувањето што треба да се обезбеди, како вредност на предметот на спорот ќе се земе вредноста на предметот на залогот.

### Член 33

(1) Ако тужбеното барање не се однесува на паричен износ, но тужителот во тужбата навел дека се согласува наместо исполнување на тоа барање да прими определен паричен износ, како вредност на предметот на спорот ќе се земе тој износ.

(2) Во други случаи, кога тужбеното барање не се однесува на паричен износ, меродавна е вредноста на предметот на спорот што тужителот ја определил во тужбата.

(3) Ако во случајот од ставот (2) на овој член вредноста на предметот на спорот тужителот очигледно ја определил многу високо или многу ниско, така што се поставува прашање за составот на судот или за правото на изјавување ревизија, судот најдоцна на подготвителното рочиште, а ако подготвителното рочиште не е одржано, тогаш на главната

расправа пред почетокот на расправањето за главната работа, брзо и на погоден начин ќе ја провери точноста на означената вредност.

## 4. Состав на судот

### Член 34

(1) Во парничната постапка судовите судат во совет, а Врховниот суд на Република Македонија и на општа седница.

(2) Во кои случаи суди судија поединец се определува со овој закон.

(3) Претседателот на советот може да ги презема само оние дејствија во постапката и да ги донесува само оние одлуки за чие преземање односно донесување е овластен со овој закон.

(4) Ако со овој закон поинаку не е определено, судијата поединец во решавањето на предметите од својата надлежност ги има сите права и должности што му припаѓаат на претседателот на советот и на советот.

### Член 35

(1) Во прв степен споровите ги суди совет или судија поединец.

(2) Кога суди во прв степен, советот е составен од еден судија како претседател на советот и двајца судии поротници.

### Член 36

(1) Судија поединец суди спорови за имотно-правните барања кога вредноста на предметот на спорот не го надминува износот од 600.000 денари.

(2) Во текот на постапката странките можат да се спогодат имотно-правните спорови да ги суди судија поединец, без оглед на вредноста на спорот.

(3) Судија поединец суди спорови поради смеќавање на владение.

(4) Судија поединец ја спроведува постапката и донесува одлука во предметите за правна помош.

(5) Споровите од авторски и сродни права, како и споровите што се однесуваат на заштита или на употреба на правата од индустриска сопственост, или на право на употреба на фирма или назив, споровите од нелојална конкуренција или монополистичко однесување, во прв степен ги суди совет, без оглед на вредноста на предметот на спорот.

### Член 37

(1) Кога суди во втор степен на седница судот одлучува во совет составен од тројца судии. Во ист состав повисокиот суд го решава судирот на надлежноста (член 22) и одлучува во сите други случаи, ако со овој закон поинаку не е определено.

(2) Кога суди во втор степен на расправа, советот на второстепениот суд е составен од двајца судии и тројца судии-поротници.

(3) Кога одлучува за ревизија, Врховниот суд на Република Македонија суди во совет составен од пет судии.

(4) Ако правосилната одлука ја донел Врховниот суд на Република Македонија, за ревизија одлучува тој суд во совет составен од петмина судии.

## 5. Месна надлежност

### Општа месна надлежност

### Член 38

(1) Ако со законот не е определена исклучителна месна надлежност на некој друг суд, за судење е надлежен судот што е општо месно надлежен за тужениот.

(2) Во случаите предвидени во овој закон за судење покрај судот од општа месна надлежност е надлежен и друг определен суд.

## Член 39

(1) За судење општо месно надлежен е судот на чие подрачје тужениот има живеалиште.

(2) Ако тужениот нема живеалиште во Република Македонија, општо месно надлежен е судот на чие подрачје тужениот има престојувалиште.

(3) Ако тужениот покрај живеалиште има и престојувалиште во некое друго место, а според околностите може да се претпостави дека таму ќе престојува подолго време, општо месно надлежен е и судот на престојувалиштето на тужениот.

## Член 40

(1) За судење во спорови против единица на локалната самоуправа, општо месно надлежен е судот на чие подрачје се наоѓа нејзиното седиште.

(2) За судење во спорови против правни лица, општо месно надлежен е судот на чие подрачје се наоѓа нивното седиште.

## Член 41

За судење во спорови против државјанин на Република Македонија кој постојано живее во странство каде што е упатен на служба или на работа од страна на државен орган или правно лице, општо месно надлежен е судот на неговото последно живеалиште во Република Македонија.

## б) Посебна месна надлежност

## Надлежност за сопарничарите

## Член 42

Ако со една тужба се тужени повеќе лица (член 186 став (1) точка 1), а за нив не постои месна надлежност на ист суд, надлежен е судот кој е месно надлежен за еден од тужените, а ако меѓу нив има главни и споредни должници, судот кој е месно надлежен за некој од главните должници.

## Надлежност во спорови за законска издршка

## Член 43

(1) За судење во спорови за законска издршка ако тужител е лице кое бара издршка, покрај судот од општа месна надлежност надлежен е и судот на чие подрачје тужителот има живеалиште, односно престојувалиште.

(2) Ако во споровите за законска издршка со меѓународен елемент е надлежен суд во Република Македонија затоа што тужителот има живеалиште во Република Македонија, месно надлежен е судот на чие подрачје тужителот има живеалиште.

(3) Ако надлежноста на суд во Република Македонија во споровите за законска издршка постои затоа што тужениот има имот во Република Македонија од кој може да се наплати издршката, месно надлежен е судот на чие подрачје се наоѓа тој имот.

## Надлежност во спорови за надоместок на штета

## Член 44

(1) За судење во спорови за вондоговорна одговорност за штета, покрај судот од општа месна надлежност, надлежен е и судот на чие подрачје е извршено штетното дејствие или судот на чие подрачје настапила штетната последица.

(2) Ако штетата настапила поради смрт или тешки телесни повреди, покрај судот од ставот (1) на овој член, надлежен е и судот на чие подрачје тужителот има живеалиште, односно престојувалиште.

(3) Одредбите на ставовите (1) и (2) од овој член ќе се применуваат и во спорови против друштвото за осигурување заради надоместок на штета на трети лица врз основа на прописите за непосредната одговорност на друштвото за осигурување, а одредбата на ставот (1) од овој член и во спорови за регресни барања по основа на надоместок на штета против регресни должници.

### Надлежност во спорови заради заштита на правата врз основа на гаранција на производителот

### Член 45

За судење во спорови за заштита на правата врз основа на писмена гаранција против производителот кој ја дал гаранцијата надлежен е, освен судот од општа месна надлежност за тужениот, и судот од општа месна надлежност за продавачот кој при продажбата на предметот му ја врачил на купувачот писмената гаранција на производителот.

### Надлежност во брачните спорови

### Член 46

(1) За судење во спорови заради утврдување на постоење или непостоење на брак, поништување на брак или развод на брак (брачни спорови), покрај судот од општа месна надлежност, надлежен е и судот на чие подрачје брачните другари имале последно заедничко живеалиште.

(2) Ако во брачните спорови судот во Република Македонија е надлежен затоа што брачните другари имале последно заедничко живеалиште во Република Македонија, односно затоа што тужителот има живеалиште во Република Македонија, месно надлежен е судот на чие подрачје брачните другари имале последно заедничко живеалиште, односно судот на чие подрачје тужителот има живеалиште.

### Член 47

Ако во споровите за имотни односи на брачните другари надлежен е суд во Република Македонија затоа што имотот на брачните другари се наоѓа во Република Македонија или затоа што тужителот во време на поднесувањето на тужбата има живеалиште или престојувалиште во Република Македонија, месно надлежен е судот на чие подрачје тужителот има живеалиште или престојувалиште во времето на поднесувањето на тужбата.

### Надлежност во споровите за утврдување или оспорување на татковство или мајчинство

### Член 48

(1) Во споровите заради утврдување или оспорување на татковство или мајчинство, дете може да поднесе тужба било до судот од општа месна надлежност, било до судот на чие подрачје има живеалиште, односно престојувалиште.

(2) Ако во споровите заради утврдување или оспорување на татковство или мајчинство надлежен е суд во Република Македонија затоа што тужителот има живеалиште во Република Македонија, месно надлежен е судот на чие подрачје тужителот има живеалиште.

### Надлежност во споровите за недвижности и поради смеќавање на владение

### Член 49

(1) За судење во спорови за сопственост и за други стварни права на недвижностите, за спорови поради смеќавање на владение на недвижности, како и за спорови од закупни или наемени односи на недвижности, или од договори за користење на стан или деловни простории, исклучиво е надлежен судот на чие подрачје се наоѓа недвижноста.

(2) Ако недвижноста лежи на подрачје на повеќе судови, надлежен е секој од тие судови.

(3) За споровите поради смеќавање на владение на подвижни предмети, покрај судот од општа месна надлежност надлежен е и судот на чие подрачје се случило смеќавањето.

### Надлежност во споровите за воздухоплов и брод

### Член 50

(1) Кога за судење во спорови за право на сопственост и за други права на бродови, односно воздухоплови, како и во спорови од закупни односи на воздухоплов и брод е надлежен суд во Република Македонија, исклучиво месно надлежен е судот на чие подрачје се води уписникот во кој е запишан воздухопловот, односно бродот.

(2) Кога за судење во спорови поради смеќавање на владение на бродовите, односно воздухопловите од ставот (1) на овој член надлежен е суд во Република Македонија, покрај судот на чие подрачје се води уписникот во кој е запишан бродот, односно воздухопловот и судот на чие подрачје се случило смеќавањето.

### Надлежност за лица кои немаат општа месна надлежност во Република Македонија

## Член 51

(1) Тужба за имотно-правните барања против лице кое нема општа месна надлежност во Република Македонија може да се поднесе до секој суд во Република Македонија на чие подрачје се наоѓа некаков имот од тоа лице или предметот што се бара со тужбата.

(2) Ако надлежноста на суд во Република Македонија постои затоа што обврската настанала за време на престојот на тужениот во Република Македонија, месно надлежен е судот на чие подрачје настанала обврската.

(3) Во споровите против лице кое во Република Македонија нема општа месна надлежност, за обврските што треба да ги исполни во Република Македонија, тужба може да се поднесе до судот на чие подрачје треба да се исполни таа обврска.

## Надлежност според местото во кое се наоѓа деловната единица на правното лице

## Член 52

За судење во спорови против правно лице кое има деловна единица надвор од своето седиште, ако спорот произлегува од правниот однос на таа единица, покрај судот од општа месна надлежност надлежен е и судот на чие подрачје се наоѓа таа деловна единица.

## Надлежност според местото во кое се наоѓа застапништвото на странско лице во Република Македонија

## Член 53

Во спорови против физичко или правно лице кое има седиште во странство во однос на обврските што се засновани во Република Македонија или мораат да се исполнат во Република Македонија, тужба може да се поднесе до суд во Република Македонија на чие подрачје се наоѓа неговото постојано застапништво за Република Македонија или седиштето на органот на кој му е доверено да ги врши неговите работи.

## Надлежност за споровите од односите со воени единици

## Член 54

Во споровите против Република Македонија од односите со воени единици исклучиво е надлежен судот на чие подрачје се наоѓа седиштето на командата на воената единица.

## Надлежност во споровите од наследно-правни односи

## Член 55

Додека оставинската постапка не е правосилно завршена, за судење во спорови од наследно-правните односи, како и во спорови за побарувањата на доверителот спрема оставителот, покрај судот од општа месна надлежност, месно надлежен е и судот на чие подрачје се наоѓа судот кој ја спроведува оставинската постапка.

## Надлежност во споровите во извршната и стечајната постапка

## Член 56

За судење во споровите што настануваат во текот и по повод судска или административна извршна постапка, односно во текот и по повод стечајна постапка, исклучиво месно надлежен е судот на чие подрачје се наоѓа судот што ја спроведува извршната, односно стечајната постапка односно судот на чие подрачје се спроведува административното извршување.

## Надлежност според местото на плаќање

## Член 57

За судење во споровите на имателите на меница или чек против потписниците е надлежен, покрај судот од општа месна надлежност и судот на местото на плаќањето.

## Надлежност во споровите од работните односи

## Член 58

Ако во спор од работен однос тужителот е работник, за судење е надлежен покрај судот кој е општо месно надлежен за тужениот и судот на чие подрачје се врши работата или се вршела, односно судот на чие подрачје работата би морала да се врши, како и судот на чие подрачје е заснован работниот однос.

## Заемна надлежност за тужби против странски државјани

## Член 59

Ако во странска држава државјанин на Република Македонија може да биде тужен пред суд кој според одредбите од овој закон не би бил месно надлежен за судење во таа граѓанско-правна работа, истата надлежност ќе важи и за судење на државјанин на таа странска држава пред суд во Република Македонија.

## в) Определување на месна надлежност од страна на повисок суд

## Член 60

Ако надлежниот суд поради изземање на судија не може да постапува, за тоа непосредно ќе го извести повисокиот суд, кој ќе определи во тој предмет да постапува друг стварно надлежен суд од неговото подрачје.

## Член 61

Врховниот суд на Република Македонија може, по предлог од странката или од надлежниот суд, да определи во одделен предмет да постапува друг стварно надлежен суд, ако е очигледно дека така полесно ќе се спроведе постапката или ако за тоа постојат други важни причини.

## Член 62

Ако за судење е надлежен суд во Република Македонија, но според одредбите од овој закон не може да се утврди кој суд е месно надлежен, Врховниот суд на Република Македонија, по предлог од странката, ќе определи кој стварно надлежен суд ќе биде месно надлежен.

## г) Спогодба за месна надлежност

## Член 63

(1) Ако со закон не е определена исклучителна месна надлежност на некој суд, странките можат да се спогодат во прв степен да им суди суд кој месно не е надлежен, под услов тој суд да е стварно надлежен.

(2) Странките не можат да се спогодат за месна надлежност и кога е во прашање членот 45 од овој закон.

(3) Ако со закон е определено дека за судење во определен спор месно надлежни се два или повеќе судови, странките можат да се спогодат во прв степен да им суди еден од тие судови или некој друг стварно надлежен суд.

(4) Оваа спогодба важи само ако е составена во писмена форма и ако се однесува на определен спор или на повеќе спорови што произлегуваат од определен правен однос.

(5) Исправата за спогодбата тужителот мора да ја приложи кон тужбата.

## Глава трета

# ИЗЗЕМАЊЕ

## Член 64

Судија или судија-поротник не може да ја врши судиската должност:
1) ако самиот е странка, законски застапник или полномошник на странка, ако со странката е во однос на соовластеник, сообврзник или регресен обврзник или ако во истиот предмет е сослушан како сведок или вештак;
2) ако постојано или привремено работи кај работодавец кој е странка во постапката;
3) ако странката или законскиот застапник или полномошникот на странката му е роднина по крв во права линија до кој и да е степен, а во странична линија до четврти степен, или му е брачен другар, вонбрачен другар или роднина по сватовство до втори степен, без оглед дали бракот престанал или не,
4) ако е старател, посвоител, посвоеник, хранител или храненик на странката, на нејзин законски застапник или полномошник;
5) ако во истиот предмет учествувал во донесувањето на одлуката на понискиот суд или на друг орган и
6) ако постојат други околности што ја доведуваат во сомневање неговата непристрасност.

## Член 65

(1) Судија или судија-поротник, штом ќе узнае дека постои некоја од причините за изземање од членот 64 точки 1 до 5 на овој закон, должен е да ја прекине секоја работа врз тој предмет и за тоа да го извести претседателот на судот, кој ќе определи замена. Ако се работи за изземање на претседателот на судот кој постапува во конкретен предмет, тој ќе си определи заменик од редот на судиите на тој суд, а ако тоа не е можно ќе постапи согласно со членот 60 од овој закон.

(2) Ако судијата или судија-поротник смета дека постојат други околности што ја доведуваат во сомневање неговата непристрасност (член 64 точка 6), тој за тоа ќе го извести претседателот на судот, кој ќе одлучи за изземањето.

(3) Ако претседателот на судот смета дека постојат други околности што ја доведуваат во сомневање неговата непристрасност (член 64 точка 6), тој за тоа ќе го извести претседателот на непосредно повисокиот суд, кој ќе одлучи за изземањето.

(4) До донесувањето на решението од ставовите (2) и (3) на овој член, судијата може да ги преземе само оние дејствија за кои постои опасност од одлагање.

## Член 66

(1) Странките можат да бараат изземање само на судијата, односно судијата-поротник пред кој се води постапката, односно на претседателот на судот кој треба да одлучи за барањето за изземање.

(2) Не е допуштено барање за изземање:
- на сите судии од еден суд кои би можеле да постапуваат во тој предмет,
- ако е засновано врз исти причини односно околности за кои веќе е одлучено,
- во кое не е образложена причината заради која се бара изземањето и
- на претседателот на непосредно повисок суд да одлучува по барање за изземање на претседателот на понизок суд.

(3) Барањето од ставот (2) на овој член веднаш го отфрла судија поединец или претседателот на советот кој постапува по предметот.

(4) Против решението од ставот (3) на овој член не е дозволена посебна жалба.

(5) Странката е должна да поднесе барање за изземање на судија, судија-поротник односно на претседателот на судот, кога ќе узнае дека постои причина за изземање, а најдоцна до завршување на главната расправа пред првостепениот суд, а ако главна расправа не се одржала, до донесување на одлуката.

(6) Барање за изземање на судија од повисок суд странката може да поднесе во правниот лек или во одговорот на правниот лек, а ако пред повисокиот суд се одржува расправа, тогаш до завршувањето на расправата.

## Член 67

(1) За барањето на странката за изземање одлучува претседателот на судот ако со овој закон поинаку не е определено.

(2) Ако странката бара изземање на претседателот на судот, одлука за изземање донесува претседателот на непосредно повисокиот суд.

(3) За барањето на странките за изземање на судија на Врховниот суд на Република Македонија, одлучува претседателот на тој суд, а за барање за изземање на претседателот на Врховниот суд на Република Македонија одлучува Врховниот суд на Република Македонија на општа седница на тој суд.

(4) Пред донесувањето на решението за изземање ќе се земе изјава од судијата или од судијата-поротник чие изземање се бара, а по потреба ќе се извршат и други извиди.

(5) Против решението со кое се усвојува барањето за изземање не е дозволена жалба, а против решението со кое барањето е отфрлено или одбиено не е дозволена посебна жалба.

## Член 68

(1) Кога судија или судија-поротник, претседателот на советот, член на советот или претседателот на судот, ќе узнае дека е поднесено барање за негово изземање, тој е должен веднаш да ја запре работата врз односниот предмет, а ако е во прашање изземање од членот 64 точка 6 на овој закон, до донесувањето на решението за барањето може да ги презема само оние дејствија за кои постои опасност од одлагање.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, судијата поединец или претседателот на советот може со решение, против кое не е дозволена посебна жалба, да одлучи и понатаму да продолжи со работата доколку оцени дека барањето за изземање очигледно е истакнато заради попречување на судот при преземање на одредени дејствија, односно заради одолжување на постапката.

(3) Ако се усвои барањето за изземање, дејствијата кои се преземени или одлуките донесени согласно со ставовите (1) и (2) од овој член, ги укинува судијата поединец или претседателот на советот кој ќе го преземе водењето на постапката.

(4) Судот со парична казна од членот 10 ставови (2) и (3) на овој закон ќе ја казни странката, замешувачот, полномошникот или законскиот застапник, доколку утврди дека барањето за изземање е истакнато заради очигледно попречување на судот во преземањето на одредени дејствија или заради одолжување на постапката.

(5) На барање на противната странка, судот без одлагање со решение ќе одлучи за надоместок на трошоците на постапката кои на странката и се причинети со истакнувањето на неоснованото барање за изземање. Против тоа решение не е дозволена посебна жалба, а извршување може да се бара и пред тоа да стане правосилно.

### Член 69

(1) Одредбите за изземање на судија и на судија-поротник ќе се применуваат и за записничарот.

(2) За изземањето на записничарот одлучува судијата поединец, односно претседателот на советот.

### Глава четврта

## СТРАНКИ И НИВНИ ЗАКОНСКИ ЗАСТАПНИЦИ

### Член 70

(1) Странка во постапка може да биде секое физичко и правно лице.

(2) Со посебни прописи се определува кој може да биде странка во постапката освен физички и правни лица.

(3) Парничниот суд може, по исклучок, со правно дејство во определена постапка, да им го признае својството на странка и на оние форми на здружување кои немаат способност на странка во смисла на одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член, ако утврди дека, со оглед на предметот на спорот, во суштина ги исполнуваат условите за стекнување на способност на странка и ако располагаат со имот над кој може да се спроведе извршување.

(4) Против решението од ставот (3) на овој член со кое се признава својство на странка во постапката е дозволена посебна жалба.

### Член 71

(1) Странката која е целосно деловно способна може сама да ги врши дејствијата во постапката (парнична способност).

(2) Полнолетно лице на кое му е делумно ограничена деловната способност парнично е способно во границите на својата деловна способност.

(3) Малолетно лице кое не стекнало целосна деловна способност парнично е способно во границите во кои му се признава деловната способност.

### Член 72

(1) Странката која нема парнична способност ја застапува нејзиниот законски застапник.

(2) Законскиот застапник се определува со закон или со акт на надлежниот државен орган.

### Член 73

(1) Законскиот застапник од име на странката може да ги презема сите дејствија во постапката, но ако за поднесување или за повлекување на тужба, за признавање, односно одрекување од тужбеното барање, за склучување на порамнување или за преземање на други дејствија во постапката во посебни прописи е определено дека застапникот мора да има посебно овластување, тој може тие дејствија да ги презема само ако има такво овластување.

(2) Лицето кое се појавува како законски застапник е должно на барање од судот да докаже дека е законски застапник. Кога за преземање на определени дејствија во постапката е потребно посебно овластување, законскиот застапник е должен да докаже дека има такво овластување.

(3) Кога судот ќе оцени дека законскиот застапник на лице под старателство не покажува потребно внимание во застапувањето, за тоа ќе го извести Центарот за социјална работа. Ако поради пропуштање на застапникот би можела

да настане штета за лицето под старателство, судот ќе застане со постапката и ќе предложи да се определи друг законски застапник.

## Член 74

Во текот на целата постапка судот по службена должност ќе внимава дали лицето кое се јавува како странка може да биде странка во постапката и дали е парнично способно, дали парнично неспособната странка ја застапува нејзиниот законски застапник и дали законскиот застапник има посебно овластување кога тоа е потребно.

## Член 75

(1) Кога судот ќе утврди дека лицето кое се појавува како странка не може да биде странка во постапката, а тој недостаток може да се отстрани, ќе го повика тужителот да изврши потребни исправки во тужбата или ќе преземе други мерки за да може да продолжи постапката со лице кое може да биде странка во постапката.

(2) Исто така, кога судот ќе утврди дека странката нема законски застапник или дека законскиот застапник нема посебно овластување кога тоа е потребно, ќе побара надлежниот Центар за социјална работа да му постави старател на парнично неспособното лице, односно ќе го повика законскиот застапник да прибави посебно овластување или ќе преземе други мерки што се потребни за да може парнично неспособната странка да биде правилно застапувана.

(3) Судот ќе и определи на странката рок за отстранување на недостатоците од ставовите (1) и (2) на овој член.

(4) Додека не се отстранат овие недостатоци, во постапката можат да се преземаат само оние дејствија поради чие одлагање би можеле да настанат штетни последици за странката.

(5) Ако наведените недостатоци не можат да се отстранат или ако определениот рок безуспешно истече, судот со решение ќе ги укине дејствијата спроведени во постапката, доколку се зафатени со овие недостатоци и ќе ја отфрли тужбата ако недостатоците се од таква природа што го попречуваат натамошното водење на постапката.

(6) Против решението со кое се определуваат мерки за отстранување на недостатоците не е дозволена жалба.

## Член 76

(1) Ако во текот на постапката пред првостепениот суд се покаже дека редовната постапка околу назначувањето на законски застапник на тужениот би траела долго, па поради тоа за едната или за двете странки би можело да настанат штетни последици, судот ќе му назначи на тужениот привремен застапник.

(2) Под условот од ставот (1) на овој член судот ќе му назначи на тужениот привремен застапник особено, ако:
1) тужениот не е парнично способен, а нема законски застапник,
2) постојат спротивни интереси на тужениот и на неговиот законски застапник,
3) двете странки имаат ист законски застапник,
4) престојувалиштето на тужениот е непознато, а тужениот нема полномошник и
5) тужениот или неговиот законски застапник, кои немаат полномошник во Република Македонија, се наоѓаат во странство, а доставување не можело да се изврши.

(3) За назначувањето привремен застапник судот без одлагање ќе го извести Центарот за социјална работа, како и странките кога тоа е можно.

## Член 77

(1) Привремениот застапник во постапката за која е поставен ги има сите права и должности на законски застапник.

(2) Тие права и должности привремениот застапник ги врши сé додека тужениот или неговиот полномошник не се појави пред судот, односно додека Центарот за социјална работа не го извести судот дека поставил старател.

## Член 78

(1) Ако привремен застапник на тужениот му е назначен од причините наведени во членот 76 став (2) точки 4 и 5 на овој закон, судот ќе издаде оглас што ќе го објави во “Службен весник на Република Македонија”, преку огласната табла на судот, а по потреба и на друг погоден начин.

(2) Огласот треба да содржи: означување на судот кој го назначил привремениот застапник, законска основа, име на тужениот на кој му се назначува застапник, предмет на спорот, име на привремениот застапник и неговото занимање и престојувалиште, како и предупредување дека застапникот ќе го застапува тужениот во постапката сé додека тужениот или неговиот полномошник не се појави пред судот, односно додека Центарот за социјална работа не го извести судот дека назначил старател.

## Член 79

Странски државјанин кој парнично не е способен според законот на државата чиј државјанин е, а парнично е способен според законот на Република Македонија, може сам да презема дејствија во постапката. Законскиот застапник може да презема дејствија во постапката само додека странскиот државјанин не изјави дека сам го презема водењето на парницата.

## Глава петта

# ПОЛНОМОШНИЦИ

## Член 80

(1) Странките можат да преземаат дејствија во постапката лично или преку полномошници, но судот може да ја повика странката која има полномошник пред судот лично да се изјасни за фактите што треба да се утврдат во парницата.

(2) Странката што ја застапува полномошник може пред суд и да дава изјави и покрај својот полномошник.

## Член 81

(1) Полномошник на странката може да биде:
- адвокат,
- лице - дипломиран правник кое со странката е во работен однос и
- роднина по крв во права линија, брат, сестра или брачен другар, доколку е потполно деловно способен.

(2) Ако како полномошник се јавува лице спротивно на одредбите од ставот (1) на овој член, судот ќе донесе решение со кое на тоа лице ќе му оневозможи натамошно застапување и за тоа ќе ја извести странката.

(3) Против решението од ставот (2) на овој член не е дозволена посебна жалба.

## Член 82

Ако вредноста на предметот на спорот надминува 1.000.000 денари, полномошник на правно лице може да биде лице кое е дипломиран правник со положен правосуден испит и кое е во работен однос со правното лице.

## Член 83

(1) Дејствијата во постапката што полномошникот ги презема во границите на полномошното имаат исто правно дејство како да ги презела самата странка.

(2) На барање на странката или на нејзиниот полномошник државните органи, органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа и лицата кои вршат јавни овластувања, се должни во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето да им достават исправи и податоци што се од интерес за водење на парничната постапка.

## Член 84

(1) Странката може да ја измени или отповика изјавата на својот полномошник на рочиштето на кое е дадена таа изјава.

(2) Ако полномошникот признал некој факт на рочиштето на кое странката не присуствувала или некој факт признал во поднесок, а странката тоа признание подоцна ќе го измени или отповика, судот ќе ги цени обете изјави во смисла на членот 207 став (2) од овој закон.

## Член 85

(1) Обемот на полномошното го определува странката.

(2) Странката може да го овласти полномошникот да презема само определени дејствија или да ги презема сите дејствија во постапката.

## Член 86

(1) Ако странката му издала на адвокатот полномошно за водење на парницата, а поблиску не ги определила овластувањата во полномошното, адвокатот врз основа на таквото полномошно е овластен:
1) да ги врши сите дејствија во постапката, а особено да поднесе тужба, да ја повлече тужбата, да го признае тужбеното барање или да се одрече од тужбеното барање, да склучи порамнување, да поднесе правен лек и да се одрече или

откаже од него, како и да бара издавање на привремени мерки за обезбедување;
2) да става барање за извршување или обезбедување и да презема потребни дејствија во постапката по повод такво барање и
3) од противната странка да ги прими досудените трошоци.

(2) За поднесување на предлог за повторување на постапката на адвокатот му е потребно посебно полномошно, ако од правосилноста на одлуката изминало повеќе од шест месеца.

(3) Адвокатот може да го заменува и адвокатски приправник кој е вработен кај него, и тоа само пред суд од прв степен, за спорови чија вредност не надминува 1.000.000 денари.

## Член 87

Ако странката во полномошното не ги определила поблиску овластувањата на полномошникот, полномошникот кој не е адвокат врз основа на ваквото полномошно може да ги врши сите дејствија во постапката, но секогаш му е потребно изрично овластување за повлекување на тужба, за признавање или за одрекување од тужбеното барање, за склучување на порамнување, за одрекување или откажување од правен лек и за пренесување на полномошното врз друго лице, како и за поднесување на вонредни правни лекови.

## Член 88

(1) Странката го издава полномошното писмено или усно на записник во судот.

(2) Странката која не е писмена или не е во состојба да се потпише на писменото полномошно наместо потпис ќе стави отпечаток од показалецот. Ако полномошното се дава на лице кое не е адвокат, полномошното се заверува кај нотар.

(3) Ако се посомнева во вистинитоста на писменото полномошно, судот со решение може да определи да се поднесе заверено полномошно. Против ова решение не е дозволена жалба.

## Член 89

(1) Полномошникот е должен при првото дејствие во постапката да поднесе полномошно.

(2) Судот може да дозволи дејствијата во постапката за странката привремено да ги врши лице кое не поднело полномошно, но истовремено на тоа лице ќе му нареди дополнително во определен рок да поднесе полномошно или одобрение од странката за извршување на парничното дејствие.

(3) Додека не истече рокот за поднесување на полномошното, судот ќе го одложи донесувањето на одлуката. Ако тој рок истече безуспешно, судот ќе ја продолжи постапката, не земајќи ги предвид дејствијата што ги извршило лицето без полномошно.

(4) Судот е должен во текот на целата постапка да внимава дали лицето кое се појавува како полномошник е овластено за застапување. Ако судот утврди дека лицето кое се појавува како полномошник не е овластено за застапување, ќе ги укине парничните дејствија што ги презело тоа лице, ако тие дејствија странката не ги одобрила дополнително.

## Член 90

(1) Странката може во секое време да го отповика полномошното, а полномошникот може во секое време да го откаже полномошното.

(2) Отповикувањето, односно откажувањето на полномошното мора да му се соопшти на судот пред кој се води постапката, писмено или усно на записник.

(3) Отповикувањето, односно откажувањето на полномошното важи за противната странка од моментот кога и е соопштено.

(4) По откажувањето на полномошното, полномошникот е должен уште еден месец да ги врши дејствијата за лицето кое му го издало полномошното, ако е потребно од него да отстрани некаква штета што во тоа време би можела да настане.

## Член 91

(1) Ако на полномошникот му е дадено овластување дека може да ги врши сите дејствија во постапката, а на странката и биде одземена деловната способност или ако нејзиниот законски застапник умре или му биде одземена деловната способност, или ако застапникот според закон биде разрешен од должност, полномошникот е овластен и натаму да ги презема дејствијата во постапката, но наследникот односно новиот законски застапник може да го отповика полномошното.

(2) Во случаите од ставот (1) на овој член, на полномошникот кој не е адвокат, секогаш му престануваат овластувањата што во полномошното мораат изречно да се наведат (член 87).

## Член 92

(1) Со смрт на физичкото лице, односно со престанувањето на правното лице престанува и полномошното што тоа го издало.

(2) Во случај на стечај, полномошното што го издал стечајниот должник престанува кога според важечките прописи ќе настапат правните последици од отворањето на стечајната постапка.

(3) По исклучок од одредбите на ставовите (1) и (2) од овој член, полномошникот е должен уште еден месец да ги врши дејствијата во постапката ако е потребно од странката да отстрани штета.

## Јазикот во постапката

## Член 93

(1) Странките и другите учесници во постапката граѓани на Република Македонија, кои зборуваат друг службен јазик, кој исто така е службен јазик во Република Македонија, во постапката имаат право при учество на рочиштата и при усно преземање на други процесни дејствија пред судот да го употребуваат својот јазик.

(2) На странките и на другите учесници од ставот (1) на овој член во постапката ќе им се обезбеди усно преведување на нивниот јазик на тоа што се изнесува на рочиштето, како и усно и писмено преведување на исправите кои се користат на рочиштето за докажување.

(3) Преведувањето го вршат судски преведувачи.

## Член 94

(1) Поканите, одлуките и другите судски писмена се упатуваат до странките и до другите учесници во постапката на македонски јазик и неговото кирилско писмо.

(2) На странките и другите учесници граѓани на Република Македонија, чиј јазик е службен јазик различен од македонскиот јазик, поканите, одлуките и другите судски писмена им се доставуваат и на тој јазик.

## Член 95

(1) Странките и другите учесници во постапката, тужбите, жалбите и другите поднесоци ги поднесуваат до судот на македонски јазик и неговото кирилско писмо.

(2) Странките и другите учесници во постапка граѓани на Република Македонија, чиј јазик е службен јазик различен од македонскиот јазик и кирилското писмо, тужбите, жалбите и другите поднесоци, можат да ги поднесуваат до судот на нивниот јазик и писмо. Ваквите поднесоци судот ги преведува на македонски јазик и кирилското писмо и ги доставува до другите странки и учесници во постапката.

## Член 96

(1) Странките и другите учесници во постапката граѓани на Република Македонија, чиј јазик не е македонскиот јазик и кирилското писмо, а не е ни службен јазик различен од македонскиот јазик и кирилското писмо, во постапката имаат право при учество на рочиштата и при усно преземање на други процесни дејствија пред судот да го употребуваат својот јазик. На тие странки и учесници во постапката ќе им се обезбеди усно преведување на нивниот јазик на тоа што се изнесува на рочиштето, како и усно преведување на исправите кои се користат на рочиштето за докажување.

(2) Странките и другите учесници во постапката од ставот (1) на овој член, ќе се поучат за правото усната постапка пред судот да ја следат на својот јазик со посредство на преведувач. Тие можат да се одречат од правото на преведување ако изјават дека го знаат јазикот на кој се води постапката. Во записникот ќе се забележи дека се поучени за тоа право, како и изјавите на странките, односно учесниците.

## Член 97

Трошоците за преведување, за странките и учесниците во постапката кои се граѓани на Република Македонија што настануваат со примената на одредбите на овој закон за правото на употреба на својот јазик и писмо, паѓаат на товар на Буџетот на Република Македонија.

## Глава шеста

## ПОДНЕСОЦИ

### Член 98

(1) Тужбата, одговорот на тужбата, правните лекови и другите изјави, предлози и соопштенија што се даваат надвор од расправата се поднесуваат писмено (поднесоци).

(2) Поднесоците мораат да бидат разбирливи и мораат да го содржат сето она што е потребно за да може да се постапи по нив. Тие особено треба да содржат: означување на судот, име, занимање и живеалиште, односно престојувалиште на странките, односно фирмата и седиштето на правното лице, на нивните законски застапници и полномошници, ако ги имаат, предмет на спорот, содржина на изјавата и потпис на подносителот.

(3) Странката во поднесокот е должна да го наведе својот единствен матичен број на граѓанинот и даночниот број.

(4) Ако изјавата содржи некое барање, странката треба во поднесокот да ги наведе фактите врз кои се заснова барањето, како и докази кога е тоа потребно.

(5) Изјавата што се дава со поднесокот може, наместо со поднесок, да се даде усно на записник кај парничниот суд.

(6) Поднесокот од адвокат задолжително содржи штембил од адвокатот и адвокатска маркичка предвидена со посебен закон, во спротивно поднесокот е неуреден и судот ќе го отфрли. До донесување на посебен закон со кој се уредува адвокатската маркичка, поднесокот од адвокат задолжително треба да содржи само штембил.

### Член 99

(1) Поднесоците што треба да се достават до спротивната странка му се предаваат на судот во доволен број примероци за судот и за спротивната странка. Така треба да се постапи и кога со поднесокот се поднесуваат прилози.

(2) Ако на спротивната страна има повеќе лица кои имаат заеднички законски застапник или полномошник, за сите тие лица поднесоците и прилозите можат да се предаваат во еден примерок.

### Член 100

(1) Исправите што се прилагаат кон поднесокот, се поднесуваат во оригинал, препис или фотокопие.

(2) Ако странката приложи исправа во оригинал, судот таквата исправа ќе ја задржи, а на спротивната странка ќе и дозволи да ја разгледа. Кога ќе престане потребата таквата исправа да се држи во судот, таа ќе му се врати на подносителот на негово барање, но судот може да бара од подносителот кон списите да приложи препис или фотокопие од исправата.

(3) Ако исправата е приложена во препис или фотокопие, судот на барање од спротивната странка ќе го повика подносителот да му ја поднесе на судот исправата во оригинал, а на спротивната странка ќе и дозволи да ја прегледа. Кога е тоа потребно, судот ќе го определи рокот во кој исправата ќе се предаде, односно прегледа.

(4) Против овие решенија не е дозволена жалба.

### Член 101

(1) Ако поднесокот е неразбирлив или не го содржи сето она што е потребно за да може да се постапи по него, судот ќе му укаже на подносителот да го исправи поднесокот.

(2) Кога судот ќе му го врати поднесокот на подносителот заради исправка или дополнение, ќе определи рок за повторно поднесување на поднесокот кој не може да биде подолг од 15 дена.

(3) Ако поднесокот што е врзан за рок биде исправен, односно дополнет и предаден на судот во рокот определен за дополнение или исправка, ќе се смета дека му е поднесен на судот оној ден кога прв пат бил поднесен.

(4) Ќе се смета дека поднесокот е повлечен ако не му биде вратен на судот во определениот рок, а ако биде вратен без исправка односно дополнение, ќе се отфрли.

(5) Ако поднесоците или прилозите не се поднесени во доволен број примероци, судот ќе го повика подносителот да ги поднесе во рок од три дена.

### Член 102

(1) Со парична казна од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност парничниот суд ќе го казни лицето кое во поднесокот го навредува судот, странката или друг учесник во постапката.

(2) Изречената казна според ставот (1) од овој член не влијае врз изрекувањето на казната за кривично дело.

(3) Ако изречената парична казна не биде доброволно платена во рокот кој го определил судот, истата присилно се наплатува по службена должност како парично побарување според Законот за извршувањето.

(4) Одредбата на ставот (3) од овој член се применува во сите случаи кога судот изрекува парична казна (членови 233, 240, 302 и 304).

(5) За изречената казна на адвокат, судот ја известува Адвокатската комора на Република Македонија.

## Глава седма

## РОКОВИ И РОЧИШТА

### Рокови

### Член 103

(1) Ако роковите не се определени со закон, ги определува судот со оглед на околностите на случајот.

(2) Рокот што судот ќе го определи може да се продолжи на предлог од заинтересираното лице, ако за тоа постојат оправдани причини.

(3) Предлогот мора да се поднесе пред истекот на рокот чие продолжување се бара.

(4) Против решението за продолжување на рокот не е дозволена жалба.

### Член 104

(1) Роковите се сметаат на денови, месеци и години.

(2) Кога рокот е определен на денови, во рокот не се засметува денот кога доставувањето или соопштувањето е извршено, односно денот во кој паѓа настанот од кога треба да се смета траењето на рокот, туку за почеток на рокот се зема првиот нареден ден.

(3) Роковите определени на месеци, односно на години завршуваат со истекот на оној ден од последниот месец, односно година кој по својот број одговара на денот кога започнал рокот. Ако го нема тој ден во последниот месец, рокот завршува последниот ден на тој месец.

(4) Ако последниот ден на рокот паѓа на државен празник или во недела или во некој друг ден кога судот не работи, рокот истекнува со истекот на првиот нареден работен ден.

### Член 105

(1) Кога поднесокот е врзан за рок, се смета дека е даден во рокот ако пред да истече рокот му е предаден на надлежниот суд.

(2) Ако поднесокот е упатен по пошта со препорачана пратка или по телеграфски пат, денот на предавањето на поштата се смета како ден на предавање на судот до кој е упатен.

(3) Ако поднесокот е упатен по телеграфски пат, а не содржи сé што е потребно за да може по него да се постапи, ќе се смета дека е даден во рокот ако уреден поднесок дополнително му биде предаден на судот или биде упатен до судот со препорачана пратка во рок од три дена од денот на предавањето на телеграмата во пошта.

(4) За лица кои се наоѓаат во Армијата на Република Македонија на воена служба, денот на предавањето на поднесокот на воената единица, односно на воената установа или на штаб се смета како ден на предавање на судот.

(5) Одредбата на ставот (4) од овој член се однесува и на други лица во Армијата на Република Македонија кои се наоѓаат во служба во воени единици, односно воени установи или штабови во места во кои не постои редовна пошта.

(6) За лицата лишени од слобода, денот на предавањето на поднесокот до управата на затворот, казнено-поправната установа или воспитно-поправниот дом се смета како ден на предавање на судот.

(7) Ако поднесокот што е врзан за рок е предаден или упатен до ненадлежен суд пред истекот на рокот, а ќе стигне до надлежниот суд по истекот на рокот, ќе се смета дека е поднесен навреме, ако неговото поднесување до ненадлежниот суд може да му се припише на незнаење или на очигледна грешка на подносителот.

(8) Одредбите од ставовите (1) до (7) на овој член се применуваат и врз рокот во кој според посебни прописи мора да се поднесе тужба, како и врз рокот на застареноста на побарувањата или на некое друго право.

## Рочишта

### Член 106

(1) Рочиштето го определува судот кога тоа е пропишано со закон или кога тоа го бараат потребите на постапката. Против решението за определување на рочиштето не е дозволена жалба.

(2) Судот на рочиштето навремено ќе ги повика странките и другите лица чие присуство го смета за потребно. Кон поканата до странките ќе се достави поднесокот што дал повод за определување на рочиштето, а во поканата ќе се назначи местото, просторијата и времето на одржувањето на рочиштето. Ако кон поканата не се доставува поднесок, во поканата ќе се наведат странките, предметот на спорот, како и дејствието што ќе се изврши на рочиштето.

(3) Судот во поканата особено ќе предупреди на законските последици поради изостанување од рочиштето.

### Член 107

(1) Рочиштето, по правило, се одржува во судската зграда.

(2) Судот може да одлучи рочиштето да се одржи надвор од судската зграда кога ќе најде дека е тоа нужно или дека на тој начин ќе се заштеди во време или во трошоците на постапката. Против ова решение не е дозволена жалба.

### Член 108

(1) Судот може да го одложи рочиштето кога тоа е потребно заради изведување на докази или кога за тоа постојат други оправдани причини.

(2) Кога ќе се одложи рочиштето, судот веднаш на присутните ќе им го соопшти местото и времето на новото рочиште.

(3) Против решението за одлагање на рочиштето не е дозволена жалба.

## Враќање во поранешна состојба

### Член 109

(1) Ако странката пропушти рочиште или рок за преземање на некое дејствие во постапката и поради тоа го загуби правото на преземање на тоа дејствие, судот на таа странка на нејзин предлог ќе и дозволи дополнително да го изврши тоа дејствие (враќање во поранешна состојба), ако оцени дека постојат оправдани причини за пропуштањето.

(2) Кога ќе се дозволи враќање во поранешна состојба, постапката се враќа во онаа состојба во која се наоѓала пред пропуштањето и се укинуваат сите одлуки што ги донел судот поради пропуштањето.

(3) Странката која бара враќање во поранешна состојба должна е на спротивната странка да и ги надомести трошоците на постапката предизвикани со пропуштањето и одлучувањето за предлогот за враќање во поранешна состојба, независно од исходот на спорот. За барањето на спротивната странка за надомест на трошоците на постапката судот е должен да одлучи со решение без одлагање, независно од одлуката за главната работа. Против тоа решение не е дозволена посебна жалба, а извршување по таа основа може да се бара пред неговата правосилност.

### Член 110

(1) Предлогот за враќање во поранешна состојба се поднесува до судот кај кого требало да се изврши пропуштеното дејствие.

(2) Предлогот мора да се поднесе во рок од 15 дена, сметајќи од денот кога престанала причината што го предизвикала пропуштањето, а ако странката дури подоцна дознала за пропуштањето, од денот кога дознала за тоа.

(3) Ако странката во поканата за преземање на некои парнични дејствија или во поканата за рочиште била предупредена на последиците од пропуштањето, ќе се смета дека дознала за пропуштањето оној ден кога истекол рокот во кој дејствието требало да го преземе, односно оној ден кога е одржано рочиштето на кое е повикана.

(4) По истекот на три месеца од денот на пропуштањето не може да се бара враќање во поранешна состојба.

(5) Ако враќањето во поранешна состојба се предлага поради пропуштање на рокот, предлагачот е должен истовремено со поднесувањето на предлогот да го изврши и пропуштеното дејствие.

## Член 111

Нема да се дозволи враќање во поранешна состојба ако е пропуштен рокот за поднесување на предлог за враќање во поранешна состојба, или ако е пропуштено рочиштето определено по повод предлог за враќање во поранешна состојба.

## Член 112

(1) Предлогот за враќање во поранешна состојба по правило не влијае врз текот на постапката, но судот може да одлучи постапката да се прекине до правосилноста на решението за предлогот.

(2) Ако судот донел одлука да се прекине постапката, а пред повисокиот суд е во тек постапка по жалба, за таа одлука ќе се извести повисокиот суд.

## Член 113

(1) Ненавремените и недозволените предлози за враќање во поранешна состојба претседателот на советот ќе ги отфрли со решение.

(2) По предлог за враќање во поранешна состојба судот ќе закаже рочиште, освен ако фактите врз кои се заснова предлогот се општопознати.

## Член 114

Против решението со кое се усвојува предлогот за враќање во поранешна состојба не е дозволена жалба, освен ако предлогот е усвоен спротивно на членот 111 од овој закон.

# Глава осма

# ЗАПИСНИЦИ

## Член 115

(1) Записник се составува за дејствијата преземени на рочиштето.

(2) Записник се составува и за поважните изјави или соопштенија што странките или другите учесници ги даваат надвор од рочиштето. За помалку важни изјави или соопштенија нема да се составува записник, туку ќе се состави само службена белешка на списот.

(3) Записникот го пишува записничар.

## Член 116

(1) Во записникот се внесува: назив и состав на судот, место каде што се врши дејствието, ден и час кога се врши дејствието, назначување на предметот на спорот и на имињата на присутните странки или на трети лица и на нивните законски застапници или полно-мошници, а кога полномошникот на странката е адвокат се внесува адвокатската маркичка.

(2) Записникот треба да содржи суштествени податоци за содржината на преземеното дејствие. Во записникот за главната расправа, особено се внесува: дали расправата била јавна или јавноста била исклучена, содржината на изјавите на странките, нивните предлози, доказите што ги понудиле, доказите што се изведени, со наведување на содржината на исказите на сведоците и вештаците, како и одлуките на судот донесени на рочиштето.

## Член 117

Записникот мора да се води уредно, во него не смее ништо да се брише, да се додава или менува. Прецртаните места мораат да останат читливи.

## Член 118

(1) Записникот се составува на тој начин што претседателот на советот, односно судијата поединец му кажува гласно на записничарот што ќе внесе во записникот.

(2) Странките имаат право да го прочитаат записникот или да бараат да им се прочита, како и да ставаат свои приговори на содржината на записникот.

(3) Тоа право го имаат и другите лица чија изјава е внесена во записникот, но само во поглед на оној дел од записникот што ја содржи нивната изјава.

(4) Исправките или додатоците во поглед на содржината на записникот што треба да се извршат по повод приговорите на странките или на други лица или по службена должност, ќе се внесат на крајот од записникот. На барање од овие лица ќе се внесат и приговорите што не се усвоени.

### Член 119

(1) Записникот го потпишуваат претседателот на советот, односно судијата поединец, записничарот, странките, односно нивните законски застапници или полномошници, како и толкувачот и преведувачот.

(2) Ако записникот содржи повеќе страници, странките, односно нивните полномошници или законски застапници ја потпишуваат секоја страница од записникот.

(3) Примерок од записникот од ставот (1) на овој член, судот е должен да им даде на секоја од странките.

(4) Сведокот и вештакот го потпишуваат својот исказ на записникот кога нивно сослушување се врши пред замолен судија или пред претседателот на советот, односно судијата поединец.

(5) Неписмено лице или лице кое не може да се потпише ќе стави на записникот отпечаток од показалецот, а записничарот под отпечатокот ќе го запише неговото име и презиме.

(6) Ако некоја од странките, нејзиниот законски застапник или полномошник, сведокот, вештакот, толкувачот или преведувачот се оддалечи пред потпишувањето на записникот или не сака да го потпише записникот, тоа ќе се забележи во записникот и ќе се наведе причината за тоа.

### Член 120

(1) За советувањето и гласањето се составува посебен записник. Ако кај повисокиот суд во постапката по правниот лек одлуката е донесена едногласно, нема да се состави записник, туку на оригиналот на одлуката ќе се состави забелешка за советувањето и гласањето.

(2) Записникот за советувањето и гласањето го содржи текот на гласањето и одлуката што е донесена.

(3) Издвоените мислења се приклучуваат кон записникот за советувањето и гласањето ако не се внесени во самиот записник.

(4) Записникот, односно белешката за гласањето ја потпишуваат сите членови на советот и записничарот.

(5) Записникот за советувањето и гласањето ќе се затвори во посебна обвивка. Овој записник може да го разгледа само повисокиот суд кога решава по правен лек, и во тој случај записникот повторно ќе се затвори во посебна обвивка и на обвивката ќе се назначи дека записникот е разгледан.

### Глава деветта

## ДОНЕСУВАЊЕ НА ОДЛУКИ

### Член 121

(1) Судот донесува одлуки во форма на пресуда или решение.

(2) За тужбено барање судот одлучува со пресуда, а во постапка поради смеќавање на владение со решение.

(3) Во случаите кога не одлучува со пресуда, судот одлучува со решение.

(4) Во постапката за издавање на платен налог, решението со кое се усвојува тужбеното барање се донесува во форма на платен налог.

(5) Одлуката за трошоците во пресудата се смета за решение.

### Член 122

(1) Одлуките на советот се донесуваат по советувањето со гласање.

(2) Во просторијата во која се врши советување и гласање можат да бидат присутни само членовите на советот и записничарот.

(3) Кога треба да се донесе одлука за поедноставни прашања, советот може да донесе одлука и на самото заседание.

### Член 123

(1) Претседателот на советот раководи со советувањето и гласањето и гласа последен. Тој се грижи сите прашања да се разгледаат сестрано и наполно.

(2) За секоја одлука на советот е потребно мнозинство на гласовите.

(3) Членовите на советот не можат да одбијат да гласаат за прашања што ќе ги постави претседателот на советот. Членот на советот што при гласањето за некое поранешно прашање останал во малцинство не може да се воздржи од гласање за прашање за кое подоцна треба да се одлучи.

(4) Ако во поглед на одделни прашања за кои се одлучува се поделат гласовите на повеќе различни мислења, така што ниту едно од нив нема мнозинство, прашањата ќе се разделат и гласањето ќе се повторува се додека не се постигне мнозинство. Ако во поглед на висината на паричниот износ или количеството се поделат гласовите на повеќе од две мислења, повторно ќе се разгледаат причините за секое мислење, па ако и по тоа не може да се постигне мнозинство, гласовите дадени за најголемиот паричен износ или количество ќе им се додадат на гласовите дадени за најблискиот помал паричен износ или количество додека не се постигне мнозинство.

### Член 124

(1) Пред одлучувањето за главната работа судот одлучува дали е потребно да се дополни постапката, како и за други претходни прашања.

(2) Ако при решавањето за главната работа треба да се одлучи за повеќе барања, ќе се гласа за секое барање одделно.

## Глава десетта

# ДОСТАВУВАЊЕ НА ПИСМЕНА И РАЗГЛЕДУВАЊЕ НА СПИСИ

### Начин на доставување

### Член 125

Писмената се доставуваат по пошта, преку службено лице на судот, непосредно во судот, преку нотар или друго лице определено со закон.

### Член 126

(1) Странката која е уредно поканета да присуствува на рочиште или пак е известена за преземање на определено дејствие не се јави пред судот, судот нема натамошна обврска да ја повикува. По нејзино барање судот е должен во судот да и врачи покана за денот и часот за одржување на рочиштето.

### Член 127

(1) Доставување до државните органи и до правните лица се врши со предавање на писмената на лицето овластено за примање на писмена или на работникот кој ќе се затече во канцеларијата, односно во деловната просторија.

(2) Достава на правно лице може да се изврши и преку неговата деловна единица ако спорот произлегува од правен однос на таа деловна единица.

(3) Кога писменото треба да се достави до државен орган или до јавното правобранителство, доставувањето се врши со предавање на писменото во неговата писарница. Како ден на доставување се смета денот на предавањето на писменото во писарницата.

(4) Доставувањето според одредбите на ставот (1) од овој член се врши и кога странките, наведени во тој став за свој полномошник определиле лице кое е нивен работник.

(5) Ако на одредени лица, врз основа на нивно барање и одобрение од страна на судот, доставувањето им се врши во судот, писмената кои им ги упатува судот се оставаат за нив во посебен преградок во определена просторија на судот. Доставувањето го врши службено лице на судот. При преземањето на писменото мора да се преземат сите писмена оставени во судскиот преградок.

(6) Писмената кои се доставуваат преку поштенски фах не смеат да бидат достапни на лицата на кои им се доставуваат пред да ја потпишат доставницата. Писмената се доставуваат во затворени пликови, кога доставувањето се врши преку пошта. При преземањето на писменото мора да се преземат сите писмена оставени во поштенскиот фах.

(7) На секое писмено кое се доставува на начинот определен во ставовите (5) и (6) од овој член се назначува денот кога тоа е оставено во судскиот преградок или поштенскиот фах на лицето на кое доставувањето му се врши на тој начин. Ако писменото не биде подигнато во рок од осум дена од денот на оставањето на писменото во судскиот преградок или во поштенскиот фах, се смета дека доставувањето е уредно извршено.

## Член 128

(1) Кога со овој закон е предвидено доставувањето да се изврши преку нотар, доставувањето се врши така што нотарот, по барање на овластеното лице или орган по пошта или непосредно, го доставува писменото и за тоа составува записник.

(2) По барање на странката која ќе изјави дека е согласна да ги надомести трошоците и наградата кои се предизвикани со доставата, судот може со решение против кое не е допуштена жалба, да одреди доставата на некое писмено да му се довери на нотар предложен од странката. Во таков случај, писменото кое треба да го достави судот заедно со решението ќе го стави во посебна обвивка која ќе ја предаде на нотарот.

(3) Нотарот од ставот (2) на овој член е должен да ја изврши доставата согласно со одредбите од овој закон. При доставувањето на писменото од ставот (2) на овој член нотарот има права и должности согласно со овој закон. Нотарот во вршењето на работите на доставата може да го замени и нотарски заменик.

(4) За приемот на писменото заради доставување и дејствијата преземени заради доставување, нотарот ќе состави записник.

(5) Заверениот препис на записникот за приемот на писменото заради доставување и потврдата за извршената достава, заедно со заверениот препис од записникот за доставата, односно недоставеното писмено, заедно со заверениот препис од записникот за преземените дејствија, нотарот ќе ги достави без одлагање до судот.

(6) Трошоците и наградата предизвикани со доставувањето преку нотар странката ги надоместува на нотарот. Нотарот кому не му се платени трошоците и наградата не е должен да ја изврши доставата, за што ќе состави записник и ќе го извести судот.

(7) Трошоците за доставата преку нотар влегуваат во парничните трошоци, ако судот оцени дека таквата достава била неопходна.

## Член 129

(1) Доставата на правно лице кое е запишано во трговскиот или друг регистар, се врши на адресата наведена во тужбата.

(2) Ако доставата на адресата наведена во тужбата не успее, тогаш доставата се врши на адресата на седиштето на тоа лице, запишана во трговскиот или друг регистар.

(3) Доколку доставата не успее ниту на таа адреса, доставата се врши со објава на писменото на огласна табла на судот. Се смета дека доставата е извршена уредно по истекот на осум дена од денот на објавувањето на писменото на огласната табла на судот.

(4) Одредбите од ставовите (1), (2) и (3) на овој член се применуваат и на физичките лица кои вршат определена дејност запишана во трговскиот или друг регистар, кога на тие лица им се врши достава во врска со дејноста што тие ја вршат.

(5) Доставата на физичко лице се врши на адресата наведена во тужбата. Ако доставата на таа адреса не успее, тогаш доставата се врши на адресата запишана во личната карта.

## Член 130

До воени лица, до лица вработени во полицијата и до лица вработени во сувоземниот, водниот и воздушниот сообраќај доставувањето на поканите може да се врши преку нивната команда, односно преку непосредниот старешина, а по потреба може на тој начин да се врши и доставување и на други писмена.

## Член 131

(1) Кога доставувањето треба да се изврши до лица или до установи во странство или до странци кои уживаат право на имунитет, доставувањето ќе се изврши по дипломатски пат, ако со меѓународен договор или со овој закон поинаку не е определено.

(2) Ако доставувањето на писмената треба да се изврши до државјанин на Република Македонија во странство, доставувањето може да се изврши преку надлежниот конзуларен претставник или преку дипломатски претставник на Република Македонија кој ги врши конзуларните работи во односната странска држава.

(3) Доставата на правно лице кое има седиште во странство може да се изврши преку неговото претставништво или застапништво во Република Македонија.

## Член 132

До лица лишени од слобода доставувањето се врши преку управата на затворот, казнено-поправната установа или воспитно-поправниот дом.

## Член 133

(1) Кога странката има законски застапник, односно полномошник доставувањето се врши до законскиот застапник, односно полномошникот, ако во овој закон не е определено нешто друго.

(2) Ако странката има повеќе законски застапници, односно полномошници, доволно е доставувањето да се изврши до едниот од нив.

## Член 134

Доставувањето до адвокат може да се изврши и со предавање на писменото на лицето кое извршува какви било работи во неговата адвокатска канцеларија.

## Член 135

(1) Доставувањето се врши секој ден од 6,00 до 21,00 часот во домот или на работно место на лицето до кое треба да се изврши доставувањето или во судот кога тоа лице ќе се затече таму или на кое било друго место.

(2) Лицата коишто доставувачот ќе ги затекне на местото каде што доставата треба да се изврши, должни се на негово барање да се легитимираат.

(3) Кога тоа е потребно, заради утврдување на идентитетот на лицето кое ќе се затекне на местото каде доставата треба да се изврши или заради извршување на други дејствија на доставата, доставувачот е овластен да побара помош од полиција.

## Член 136

(1) Ако лицето до кое писменото треба да се достави не се затече во својот стан, доставувањето се врши со предавање на писменото на некој од неговите полнолетни членови на домаќинството, кој е должен да го прими писменото.

(2) Ако доставувањето се врши на работното место на лицето до кое треба да се достави писменото, а тоа лице не се затече тука, доставувањето може да се изврши на лице кое работи на истото место, ако тоа се согласи да го прими писменото.

(3) Предавање на писменото на друго лице не е дозволено ако тоа учествува во постапката како противник на лицето до кое треба да се изврши доставувањето.

(4) Лицата кои согласно со одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член им се доставува писменото наместо на лицето на кое писменото е упатено, должни се писменото да му го предадат на тоа лице.

## Член 137

(1) Тужба, платен налог, вонреден правен лек, пресуда, решение донесено во постапка поради смеќавање на владение, како и решение против кое е дозволена посебна жалба, ќе се достават лично до странката, односно до нејзиниот

законски застапник, односно полномошник. Другите писмена ќе се доставаат лично кога тоа со овој закон изрично е определено или кога судот смета дека поради приложените исправи во оригинали или од некоја друга причина е потребна поголема претпазливост.

(2) Ако лицето до кое писменото мора лично да се достави не се затече таму каде што треба да се изврши доставувањето, доставувачот ќе побара известување кога и на кое место би можел да го затече тоа лице и ќе остави кај едно од лицата наведени во членот 136 ставови (1) и (2) од овој закон, писмено известување заради примање на писменото да биде во определен ден и час во својот стан, односно на своето работно место. Ако и по ова доставувачот не го затече лицето до кое треба да се достави писменото, ќе се постапи според одредбите на членот 139 од овој закон и со тоа се смета дека е извршено доставувањето.

(3) Ако писменото од ставот (1) на овој член треба да се достави до државни органи и до правни лица, доставувањето се врши согласно со одредбите на членот 127 од овој закон.

## Член 138

Ако се утврди дека лицето до кое треба да се достави писменото е отсутно и дека лицата наведени во членот 136 ставови (1) и (2) од овој закон не можат писменото навреме да му го предадат, ќе се врати писменото на судот со назначување каде што се наоѓа отсутниот.

## Одбивање на прием

## Член 139

Кога лицето до кое е упатено писменото, односно полнолетниот член на неговото домаќинство односно овластено лице или работник на државен орган или на правно лице, без оправдана причина ќе одбие да го прими писменото, доставувачот ќе го остави во станот или во просториите каде што односното лице работи или писменото ќе го прикачи на вратата од станот или просторијата. На повратницата ќе го забележи денот, часот и причината за одбивањето на приемот, како и местото каде што е оставено писменото и со тоа се смета дека е извршено доставувањето.

## Промена на стан

## Член 140

(1) Кога странката или нејзиниот законски застапник до правосилно завршување на постапката ќе го промени своето живеалиште или престојувалиште, должен е за тоа веднаш да го извести судот.

(2) Ако не го стори тоа, а доставувачот не може да дознае каде се отселила, судот ќе определи сите натамошни доставувања во постапката за таа странка да се вршат со прикачување на писменото на огласната табла на судот.

(3) Доставувањето се смета за извршено по истекот на осум дена од денот на прикачувањето на писменото на огласната табла на судот.

(4) Кога полномошникот, односно полномошникот за примање на писмена до доставувањето на второстепената одлука со која правосилно се завршува постапката го промени своето живеалиште или престојувалиште, а за тоа нема да го извести судот, доставувањето ќе се изврши како да не е ни назначен полномошник.

## Полномошник за примање на писмена

## Член 141

Странката или нејзиниот законски застапник кој се наоѓа во странство, а нема полномошник во Република Македонија, судот ќе го повика во примерен рок да постави полномошник за примање на писмена во Република Македонија. Ако странката или нејзиниот законски застапник не назначи таков полномошник, судот на странката на нејзин трошок ќе и назначи привремен застапник овластен за примање на писмена и за тоа ќе ја извести странката, односно нејзиниот законски застапник.

## Член 142

(1) Ако повеќе лица заеднички тужат, а немаат заеднички законски застапник односно полномошник, судот може да ги повика во определен рок да именуваат заеднички полномошник за примање на писмена. Истовремено судот ќе ги извести тужителите кого од нив ќе го смета за заеднички полномошник за примање на писмена, ако тие самите во определен рок не именуваат таков полномошник.

(2) Одредбата од ставот (1) на овој член ќе се применува и кога повеќе лица се тужени како единствени сопарничари.

## Доставница

## Член 143

(1) Потврдата за извршеното доставување (доставница) ја потпишуваат примачот и доставувачот. Примачот на доставницата со букви сам ќе го напише денот на приемот.

(2) Ако примачот е неписмен или не е во состојба да се потпише, доставувачот ќе го напише неговото име и презиме и со букви ќе го испише денот на приемот и ќе стави забелешка зошто примачот не ставил свој потпис.

(3) Ако примачот одбие да ја потпише доставницата, доставувачот тоа ќе го забележи на доставницата и ќе го испише со букви денот на предавањето и со тоа се смета дека доставувањето е извршено.

(4) Ако доставувањето е извршено според одредбата на членот 137 став (2) од овој закон, на доставницата покрај потврдата за приемот на писменото ќе се назначи дека претходело писмено известување.

(5) Кога според одредбите на овој закон писменото му е предадено на друго лице, а не на она до кое писменото требало да се достави, на доставницата доставувачот ќе го назначи односот на тие две лица.

(6) Ако на доставницата неточно е назначен датумот на доставувањето, ќе се смета дека доставувањето е извршено оној ден кога е предадено писменото.

(7) Текстот на доставницата е напишан на македонски јазик и кирилско писмо.

(8) Во судовите кои се наоѓаат на подрачјето на единиците на локалната самоуправа во која покрај македонскиот јазик, службен е и јазикот на припадниците на заедницата што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните, текстот на доставницата од ставот (7) на овој член е напишан и на тој јазик и писмо.

(9) Ако доставницата исчезнала, доставувањето може да се докажува и на друг начин.

## Разгледување и препишување на списи

## Член 144

(1) Странките имаат право да ги разгледуваат, препишуваат или копираат списите на постапката во која учествуваат.

(2) На другите лица кои имаат оправдан интерес може да им се дозволи разгледување, препишување или копирање на одделни списи во присуство на овластено лице во судот. Кога постапката е во тек, дозвола дава претседателот на советот, односно судијата поединец, а кога постапката е завршена, претседателот на судот, односно овластеното лице во судот што тој ќе го определи.

## Глава единаесетта

# ТРОШОЦИ НА ПОСТАПКАТА

## Парнични трошоци

## Член 145

(1) Парничните трошоци ги сочинуваат издатоците направени во текот или по повод на постапката.

(2) Парничните трошоци ја опфаќаат и наградата на адвокатот и на другите лица на кои законот им признава право на награда.

## Член 146

(1) Секоја странка претходно сама ги поднесува трошоците што ги предизвикала со своето дејствие.

(2) Судот нема да постапува по тужба ниту да преземе друго дејствие за кое не е платена судската такса.

## Член 147

(1) Кога странката ќе предложи изведување на докази должна е по налог на судот однапред да го положи износот потребен за намирување на трошоците што ќе настанат по повод изведувањето на докази.

(2) Кога изведување на докази ќе предложат двете странки или кога судот ќе го определи тоа, судот ќе го определи износот потребен за намирување на трошоците да го положат двете странки на еднакви делови. Ако судот определил изведување на докази може да определи износот да го положи само едната странка. Во тој случај судот, со оглед на сите околности, по свое убедување ќе оцени од какво значење е тоа што странката во рокот не го положила износот потребен за намирување на трошоците.

(3) Судот ќе се откаже од изведувањето на докази ако износот потребен за намирување на трошоците не биде положен во рокот што ќе го определи судот.

(4) По исклучок од одредбата на ставот (3) од овој член, ако судот по службена должност определи изведување на докази заради утврдување на фактите во врска со примената на членот 3 став (3) од овој закон, ќе ги задолжи странките во определен рок да го положат определениот износ.

(5) Ако ниту една од странките во определениот рок не го положи определениот износ, трошоците за изведување на доказите ќе се исплатат од средствата на судот, а по правосилното завршување на постапката тие ќе се надоместат согласно со правилата содржани во членот 148 од овој закон.

## Член 148

(1) Странката која во целост ќе ја загуби парницата е должна на противната странка и на нејзиниот замешувач да им ги надомести трошоците.

(2) Ако странката делумно успее во парницата, судот може со оглед на постигнатиот успех да определи секоја странка да ги поднесува своите трошоци или едната странка да и надомести на другата и на замешувачот сразмерен дел од трошоците.

(3) Судот може да одлучи едната странка да ги надомести сите трошоци што противната странка и нејзиниот замешувач ги имале, ако спротивната странка не успеала само во сразмерно незначителен дел од своето барање, а поради тој дел не настанале посебни трошоци.

(4) Според резултатот на докажувањето судот ќе одлучи дали трошоците од членот 147 став (4) на овој закон ќе ги поднесува едната или двете странки или трошоците ќе паднат на товар на средствата на судот.

## Член 149

(1) При одлучувањето кои трошоци ќе и се надоместат на странката судот ќе ги земе предвид само оние трошоци што биле потребни за водење на парницата. За тоа кои трошоци биле потребни, како и за висината на трошоците одлучува судот, оценувајќи ги грижливо сите околности.

(2) Наградата и другите трошоци на адвокатите се одмеруваат според тарифата за надоместок на трошоците на адвокатите.

## Член 150

(1) Странката е должна независно од исходот на парницата да и ги надомести на противната странка трошоците што ги предизвикала по своја вина или случај што и се случил нејзе.

(2) Судот може да одлучи законскиот застапник или полномошник на странката да и ги надомести на спротивната странка трошоците што ги предизвикал по своја вина.

(3) За надоместот на трошоците од ставовите (1) и (2) на овој член судот е должен со решение да одлучи без одлагање. Против тоа решение не е дозволена посебна жалба, а извршување на решението може да се бара пред неговата правосилност.

## Член 151

Ако тужениот не дал повод за тужба и ако во одговорот на тужбата, односно на подготвителното рочиште, а ако не се одржува подготвително рочиште тогаш на главната расправа пред да се впушти во расправање за главната работа, го признал тужбеното барање, тужителот ќе му ги надомести парничните трошоци на тужениот.

## Член 152

(1) Тужителот кој ќе ја повлече тужбата е должен на спротивната странка да и ги надомести парничните трошоци, освен ако до повлекувањето на тужбата дошло веднаш по исполнувањето на барањето од страна на тужениот.

(2) Странката која ќе се откаже од правен лек е должна на противната странка да и ги надомести трошоците настанати по повод правниот лек.

## Член 153

(1) Секоја странка ги поднесува своите трошоци кога постапката е завршена со судско порамнување, ако во порамнувањето поинаку не е договорено.

(2) Трошоците за порамнувањето кое е обидено (член 310), но не успеало, влегуваат во парничните трошоци.

## Член 154

Ако во излачна парница биде усвоено тужбеното барање за излачување на предмети, а судот утврди дека тужениот како доверител во извршната постапка имал оправдани причини да смета дека не постојат права на трети лица врз овие предмети, ќе определи секоја странка да ги поднесува своите трошоци.

## Член 155

(1) Сопарничарите ги поднесуваат трошоците на еднакви делови.

(2) Ако постои значителна разлика во поглед на нивниот удел во предметот на спорот, судот сразмерно на тој удел ќе определи колкав дел од трошоците ќе надомести секој од сопарничарите.

(3) Сопарничарите кои солидарно се одговорни во главната работа одговараат солидарно и за трошоците досудени на спротивната страна.

(4) За трошоците предизвикани со посебни парнични дејствија на одделни сопарничари, другите сопарничари не одговараат.

## Член 156

(1) Кога јавниот обвинител се јавува како странка во постапката, тој има право на надоместок на трошоците според одредбите од овој закон.

(2) Трошоците што според одредбите на овој закон би требало да ги поднесува јавниот обвинител ќе се исплатат од Буџетот на Република Македонија.

## Член 157

Одредбите за трошоците се применуваат и на странките кои ги застапува јавното правобранителство. Во тој случај трошоците на постапката го опфаќаат и износот што на странката би и се признал на име награда на адвокат.

## Член 158

(1) За надоместок на трошоците одлучува судот на определено барање од странката, без расправање.

(2) Странката е должна во барањето определено да ги наведе трошоците за кои бара надоместок.

(3) Барањето за надоместок на трошоците, странката е должна да го истакне најдоцна до завршувањето на расправањето кое му претходи на одлучувањето за трошоците, а ако се работи за донесување на одлука без претходно расправање, странката е должна барањето за надоместок на трошоците да го истакне во предлогот за кој треба да одлучи судот.

(4) За барањето за надоместок на трошоците, судот ќе одлучи во пресудата или решението со кое се завршува постапката пред тој суд.

(5) При усно објавување на пресудата или на решението со кое се налага надоместок на трошоците, судот може да одлучи износот на трошоците да го одмери во писмено изработена пресуда, односно решение, ако решението треба да се достави до странките.

(6) Во текот на постапката судот со посебно решение ќе одлучи за надоместок на трошоците само кога правото на надоместок на трошоците не зависи од одлуката за главната работа.

(7) Во случајот од членот 152 на овој закон, ако повлекувањето на тужбата или откажувањето од правен лек не е извршено на расправата, барање за надомест на трошоците може да се истакне во рок од 15 дена по приемот на известувањето за откажувањето.

## Член 159

Во делумна пресуда или во меѓупресуда судот може да изрече дека одлуката за трошоците се остава за подоцнежната пресуда.

## Член 160

(1) Кога судот ќе го отфрли или одбие правниот лек, ќе одлучи и за трошоците настанати во постапката по повод тој правен лек.

(2) Кога судот ќе ја преиначи одлуката против која е поднесен правен лек или ќе ја укине таа одлука и ќе ја отфрли тужбата, ќе одлучи за трошоците на целата постапка.

(3) Кога ќе се укине одлуката против која е поднесен правен лек и предметот ќе се врати на повторно судење, ќе се остави за трошоците на постапката по повод правниот лек да се одлучи во конечната одлука.

(4) Судот може да постапи според одредбата на ставот (3) од овој член и кога одлуката против која е поднесен правен лек ќе се укине само делумно.

## Член 161

(1) Одлуката за трошоците содржана во пресудата може да се напаѓа само со жалба на решение, ако истовремено не се напаѓа и одлуката за главната работа.

(2) Ако едната странка ја напаѓа пресудата само во поглед на трошоците, а другата во поглед на главната работа, повисокиот суд со една одлука ќе одлучи за обата правни лека.

## Трошоци во постапката за обезбедување на докази

## Член 162

(1) Трошоците на постапката за обезбедување на докази ги поднесува странката која поднела предлог за обезбедување на докази. Таа е должна да и ги надомести и трошоците на спротивната странка, односно на назначениот привремен застапник.

(2) Овие трошоци странката може дополнително да ги остварува како дел од парничните трошоци, според успехот во постапката.

## Ослободување од плаќање на трошоците на постапката

## Член 163

(1) Судот ќе ја ослободи од плаќање на трошоците на постапката странката која според својата општа имотна состојба не е во можност да ги поднесува овие трошоци без штета за својата нужна издршка и нужната издршка на своето семејство.

(2) Ослободувањето од плаќање на трошоците на постапката опфаќа ослободување од плаќање на такси и ослободување од полагање на аванс за трошоците на сведоците, вештаците, за увид и за судските огласи.

(3) Судот може да ја ослободи странката само од плаќање на такси ако со плаќањето на таксите значително би биле намалени средствата од кои се издржува странката и членовите на нејзиното семејство.

(4) При донесувањето на одлуката за ослободување од плаќање на трошоците на постапката, судот грижливо ќе ги оцени сите околности, а особено ќе ја земе предвид вредноста на предметот на спорот, бројот на лицата што ги издржува странката и приходите што ги имаат странката и членовите на нејзиното семејство.

## Член 164

(1) Одлуката за ослободување од плаќање на трошоците на постапката ја донесува првостепениот суд по предлог на странката.

(2) Странката е должна кон предлогот да поднесе уверение од надлежниот орган на државната управа за својата имотна состојба.

(3) Во уверението за имотната состојба мора да се назначи износот на данокот што го плаќа домаќинството и одделни членови на домаќинството како и други извори на нивните приходи и воопшто имотната состојба на странката на која и се издава уверението.

(4) Поблиски прописи за издавање на уверенија за имотната состојба донесува органот определен со посебен пропис.

(5) Кога е тоа потребно и самиот суд може по службена должност да ги прибави потребните податоци и известувања за имотната состојба на странката која бара ослободување, а може за тоа да ја сослуша и противната странка.

(6) Против решението на судот со кое се усвојува предлогот на странката не е дозволена жалба.

## Член 165

(1) Кога странката наполно е ослободена од плаќање на трошоците на постапката (член 163 став (2)), првостепениот суд по нејзино барање ќе определи да ја застапува полномошник, ако тоа е нужно заради заштита на правата на странката.

(2) Странката на која и е назначен полномошник се ослободува од плаќање на трошоците и наградата на назначениот полномошник.

(3) Полномошникот од редот на адвокатите го назначува претседателот на судот.

(4) Назначениот полномошник може од оправдани причини да бара да биде разрешен. За тоа одлучува надвор од главната расправа претседателот на советот, а на расправата советот. Против одлуката на судот со која се разрешува полномошникот не е дозволена жалба.

(5) Против решението на судот со кое се усвојува барањето на странката за назначување на полномошникот не е дозволена жалба.

## Член 166

Кога странката е наполно ослободена од плаќање на трошоците на постапката (член 163 став (2)), од средствата на судот ќе се исплати аванс за трошоците на сведоците, вештаците, преведувачите, толкувачите, за увид и за издавање на судски оглас, како и трошоците на поставениот полномошник.

## Член 167

(1) Решението за ослободување од плаќање на трошоците и за назначување на полномошникот првостепениот суд во текот на постапката може да го укине ако утврди дека странката е во состојба да ги поднесува трошоците на постапката. Притоа, судот ќе реши дали странката наполно или делумно ќе ги надомести и оние трошоци и такси од кои порано била ослободена, како и трошоците и наградата на назначениот полномошник.

(2) Првенствено ќе се надоместат износите исплатени од средствата на судот.

## Член 168

(1) Таксите и трошоците исплатени од средствата на судот, како и фактичките издатоци и наградата на назначениот полномошник, претставуваат дел од парничните трошоци.

(2) За надоместокот на овие трошоци од страна на противникот на странката која е ослободена од плаќање на трошоците на постапката судот ќе одлучи според одредбите за надоместокот на трошоците.

(3) Таксите и трошоците исплатени од средствата на судот ги наплатува по службена должност првостепениот суд од странката која е должна да ги надомести.

(4) Ако противникот на странката која е ослободена од плаќање на трошоците на постапката е задолжен да ги надомести парничните трошоци, а ќе се утврди дека тој не е во состојба да ги плати тие трошоци, судот може дополнително да определи трошоците од ставот (1) на овој член да ги плати во целост или делумно странката која е ослободена од плаќање на трошоците на постапката од она што и е досудено. Со тоа не се задира во правото на оваа странка за она што го платила да бара надоместок од противникот.

## Член 169

Надоместокот на трошоците на парничната постапка што ќе настанат пред судовите во Република Македонија, го утврдува со правилник министерот за правда.

## Глава дванаесетта

# ПРАВНА ПОМОШ

### Член 170

(1) Судовите се должни да укажуваат еден на друг правна помош во парничната постапка.

(2) Ако замолениот суд не е надлежен да го изврши дејствието за кое е замолен, ќе му ја отстапи молбата на надлежниот суд, односно на друг државен орган и за тоа ќе го извести судот од кој ја примил молбата, а ако надлежниот суд, односно државниот орган не е познат, ќе ја врати молбата.

### Член 171

(1) Судовите ќе им укажуваат правна помош на странски судови во случаите предвидени со меѓународен договор, како и кога постои заемност во укажувањето на правна помош. Во случај на сомневање за постоење на заемност, објаснение дава министерот за правда.

(2) Судот ќе одбие да му даде правна помош на странски суд ако се бара извршување на дејствие кое му е спротивно на јавниот поредок на Република Македонија. Во таков случај судот надлежен за укажување на правна помош по службена должност ќе го достави предметот до Врховниот суд на Република Македонија.

(3) Одредбата на членот 170 став (2) од овој закон важи и за постапување со молба на странски суд.

### Член 172

Судовите им укажуваат правна помош на странските судови на начин предвиден со домашното законодавство. Дејствието кое е предмет на молба на странскиот суд може да се изврши и на начин кој го бара странскиот суд, ако таквата постапка не е спротивна на јавниот поредок на Република Македонија.

### Член 173

Ако со меѓународен договор поинаку не е определено, судовите ќе ги земаат во постапка молбите за правна помош на странските судови, само ако се доставени по дипломатски пат и ако молбата и прилозите се составени на македонски јазик или ако е приложен заверен превод на тој јазик.

### Член 174

Ако со меѓународен договор не е определено нешто друго, молбите на домашните судови за правна помош се доставуваат до странските судови по дипломатски пат. Молбите и прилозите мораат да бидат составени на јазикот на замолената држава или кон нив мора да биде приложен нивни заверен превод на тој јазик.

## Дел втори

## ТЕК НА ПОСТАПКАТА

### А. Постапка пред првостепениот суд

### Глава тринаесетта

## ТУЖБА

### Член 175

Парничната постапка се поведува со тужба.

### Содржина на тужбата

### Член 176

(1) Тужбата треба да содржи определено барање во поглед на главната работа и на споредните барања, факти врз кои тужителот го заснова барањето, докази со кои се утврдуваат овие факти, како и други податоци што мора да ги има секој поднесок (член 98).

(2) Кога составот на судот или правото на изјавување ревизија зависи од вредноста на предметот на спорот, а предмет на тужбеното барање не е паричен износ, тужителот е должен во тужбата да ја назначи вредноста на предметот на спорот.

(3) Судот ќе постапи според тужбата и кога тужителот не го навел правниот основ на тужбеното барање, а ако тужителот го навел правниот основ, судот не е врзан за него.

## Тужба за утврдување

## Член 177

(1) Тужителот може во тужбата да бара судот само да го утврди постоењето, односно непостоењето на некое право или правен однос или вистинитост, односно невистинитост на некоја исправа.

(2) Ваква тужба може да се поднесе кога тоа со посебни прописи е предвидено, кога тужителот има правен интерес судот да го утврди постоењето, односно непостоењето на некое право или правен однос, или вистинитост, односно невистинитост на некоја исправа пред пристигнатоста на барањето за чинење од истиот однос, или кога тужителот има некој друг правен интерес за поднесување на ваква тужба.

(3) Ако одлуката за спорот зависи од тоа дали постои или не постои некој правен однос кој во текот на парницата станал спорен, тужителот може покрај постојното барање да истакне и тужбено барање судот да утврди дека таков однос постои, односно дека не постои, ако судот пред кој тече парницата е надлежен за такво барање.

(4) Истакнувањето на барање во смисла на одредбата на ставот (3) од овој член нема да се смета како преиначување на тужбата.

## Истакнување на повеќе тужбени барања во една тужба

## Член 178

(1) Во една тужба тужителот може да истакне повеќе барања против истиот тужен кога сите барања се поврзани со ист фактички и правен основ. Ако барањата не се поврзани со ист фактички и правен основ, тие можат да се истакнат во една тужба против ист тужен само кога истиот суд стварно е надлежен за секое од овие барања и кога за сите барања е определен ист вид постапка.

(2) Тужителот може две или повеќе тужбени барања во меѓусебна врска да ги истакне во една тужба и така судот да го усвои следното од тие барања, ако најде дека она што пред него е истакнато не е основано.

(3) Барањата според ставот (2) на овој член можат да се истакнат во една тужба само ако судот стварно е надлежен за секое од истакнатите барања и ако за сите барања е определен ист вид на постапка.

(4) Ако за некои од барањата истакнати во истата тужба треба да суди совет, а за други судија поединец на истиот суд, за сите барања ќе суди совет.

## Противтужба

## Член 179

(1) Тужениот може најдоцна до првото рочиште за главната расправа кај истиот суд да поднесе противтужба, ако барањето на противтужбата е во врска со тужбеното барање, или ако тие барања можат да се пребијат или ако со противтужбата се бара утврдување на некое право или правен однос од чие постоење или непостоење зависи во целост или делумно одлуката за тужбеното барање.

(2) До заклучувањето на главната расправа, противтужба може да се поднесе само со согласност на тужителот, а без негова согласност само кога судот до заклучување на главната расправа дозволил преиначување на тужбата иако тужениот се противел на тоа.

(3) Противтужбата може да се поднесе и кога за барањето од противтужбата треба да суди истиот суд во друг состав.

## Преиначување на тужбата

## Член 180

(1) Тужителот може да ја преиначи тужбата до првото рочиште за главна расправа.

(2) По доставувањето на тужбата до тужениот, за преиначување на тужбата е потребна согласност од тужениот, но и кога тужениот се противи судот може да дозволи преиначување ако смета дека тоа би било целесообразно за конечно решавање на односите меѓу странките.

(3) Ќе се смета дека постои согласност на тужениот за преиначување на тужбата ако тој се впушти во расправање за главната работа по преиначената тужба, а пред тоа не му се противел на преиначувањето.

(4) Ако парничниот суд за преиначената тужба стварно е ненадлежен, предметот ќе го достави до надлежниот суд кој, ако тужениот се противи на преиначувањето, ќе реши дали е дозволено преиначување.

(5) На начин предвиден во ставот (4) на овој член ќе се постапи и во случај кога по преиначената тужба треба да суди истиот суд во друг состав (член 17).

(6) Кога судот ќе дозволи преиначување на тужбата, на барање на тужениот судот е должен да му остави време да се подготви за расправање по преиначената тужба, но не подолго од 15 дена.

(7) Ако тужбата е преиначена на рочиште на кое тужениот не е присутен, судот ќе го одложи рочиштето и ќе достави до тужениот препис на записникот од тоа рочиште.

(8) Против решението со кое се усвојува преиначувањето на тужбата не е дозволена посебна жалба.

## Член 181

(1) Преиначување на тужба е промена на идентичноста на барањето, зголемување на постојното или истакнување на друго барање покрај постојното.

(2) Ако тужителот ја преиначува тужбата така што, поради околностите што настанале по поднесувањето на тужбата, бара од истиот фактички однос друг предмет или паричен износ, тужениот не може да се противи на таквото преиначување.

(3) Тужбата не е преиначена ако тужителот го променил правниот основ на тужбеното барање, ако го намалил тужбеното барање, или ако променил, дополнил или исправил одделни наводи, така што поради тоа тужбеното барање не е променето.

## Член 182

(1) Тужителот може сé до заклучувањето на главната расправа да ја преиначи својата тужба и така што наместо првобитно тужениот ќе тужи друго лице.

(2) За преиначување на тужба во смисла на ставот (1) од овој член е потребна согласност од лицето кое треба да стапи во парницата наместо тужениот, а ако тужениот веќе се впуштил во расправање за главната работа, потребна е и согласност од тужениот.

(3) Лицето кое стапува во парницата наместо тужениот мора да ја прими парницата во онаа состојба во која се наоѓа таа во моментот кога стапува во неа.

## Повлекување на тужба

## Член 183

(1) Тужителот може да ја повлече тужбата без согласност од тужениот пред да се впушти тужениот во расправање за главната работа.

(2) Тужбата може да се повлече и подоцна, сé до заклучувањето на главната расправа, ако тужениот се согласи со тоа. Ако тужениот во рок од осум дена од денот на известувањето за повлекувањето на тужбата не се изјасни за тоа, ќе се смета дека се согласил со повлекувањето.

(3) Повлечената тужба се смета како да не била ни поднесена и може повторно да се поднесе.

## Постоење на парница

## Член 184

(1) Парницата почнува да тече со доставувањето на тужбата до тужениот.

(2) Во поглед на барањето што го поставила странката во текот на постапката, парницата почнува да тече од моментот кога за тоа барање е известена спротивната странка.

(3) Додека тече парницата, во поглед на истото барање не може да се поведе нова парница меѓу истите странки, а ако таква парница биде поведена, судот ќе ја отфрли тужбата.

(4) Судот во текот на целата постапка по службена должност внимава дали веќе тече друга парница за исто барање меѓу исти странки.

## Член 185

(1) Ако некоја од странките отуѓи предмет или право за кое тече парница, тоа не пречи да се доврши парницата меѓу истите странки.

(2) Лицето кое го прибавило предметот или правото за кое тече парницата може да стапи во парницата наместо тужителот, односно тужениот, само ако со тоа се согласат двете странки.

## Глава четиринаесетта

# СОПАРНИЧАРИ

## Член 186

(1) Повеќе лица можат со една тужба да тужат, односно да бидат тужени (сопарничари), ако:
1) во поглед на предметот на спорот се во правна заедница или ако нивните права, односно обврски произлегуваат од ист фактички и правен основ,
2) предмет на спорот се барања односно обврски од ист вид што се засноваат врз суштествено истовиден фактички и правен основ иако постои стварна и месна надлежност на истиот суд за секое барање и за секој тужен и
3) тоа е определено со друг закон.

(2) До заклучувањето на главната расправа, под условите од ставот (1) на овој член, покрај тужителот може да пристапи нов тужител или тужбата може да биде проширена на нов тужен со негова согласност.

(3) Лицето кое пристапува кон тужбата, односно на кое се проширува тужбата мора да ја прими парницата во онаа состојба во која таа се наоѓа кога тоа стапува во неа.

## Член 187

(1) Тужителот може со тужба да опфати двајца или повеќе тужени и така што ќе бара тужбеното барање да биде усвоено спрема следниот тужен за случај да биде правосилно одбиен спрема оној што е наведен во тужбата пред него.

(2) На начинот предвиден во ставот (1) на овој член, тужителот со тужбата може да опфати двајца или повеќе тужени, само ако спрема секој од нив истакнува исто барање или ако спрема одделни од нив истакнува различни барања што се во меѓусебна врска и ако истиот суд стварно и месно е надлежен за секое од барањата.

## Член 188

Лицето кое во целост или делумно бара предмет или право за кое меѓу други лица веќе тече парница, може пред судот пред кој тече парницата да ги тужи обете странки со една тужба, сé додека постапката не се заврши правосилно.

## Член 189

Главниот должник и гарантот можат да бидат заеднички тужени, ако тоа не е во спротивност со содржината на договорот за гаранција.

## Член 190

Секој сопарничар во парницата е самостојна странка и неговите дејствија или пропуштања не им користат ниту им штетат на другите сопарничари.

## Член 191

Ако според законот или поради природата на правниот однос, спорот може да се реши на еднаков начин спрема сите сопарничари (единствени сопарничари), тие се сметаат како една парнична странка, така што во случај ако одделни сопарничари пропуштат некое парнично дејствие, дејството на парничните дејствија што ги извршиле други сопарничари се протега и на оние што не ги презеле тие дејствија.

## Член 192

Ако роковите за извршување на определено парнично дејствие за одделни единствени сопарничари истекуваат во различно време, тоа парнично дејствие секој сопарничар може да го преземе сé додека макар и за еден од нив уште тече рокот за преземање на тоа дејствие.

## Член 193

Секој сопарничар има право да поднесува предлози што се однесуваат на текот на парницата.

## Глава петнаесетта

# УЧЕСТВО НА ТРЕТИ ЛИЦА ВО ПАРНИЦАТА

### Учество на замешувач

### Член 194

(1) Лице кое има правен интерес во парница што тече меѓу други лица една од странките да успее, може да и се придружи на таа странка.

(2) Замешувачот може да стапи во парницата во текот на целата постапка сé до правосилноста на одлуката за тужбеното барање, како и во роковите предвидени за поднесување на вонреден правен лек.

(3) Изјавата за стапување во парница замешувачот може да ја даде на рочиштето или со писмен поднесок.

(4) Поднесокот на замешувачот се доставува до двете парнични странки, а ако изјавата на замешувачот е дадена на рочиште преписот на односниот дел од записникот ќе се достави само до онаа странка која изостанала од рочиштето.

### Член 195

(1) Секоја странка може на замешувачот да му го оспори правото да учествува во постапката и да предложи да се одбие замешувачот, а судот може и без изјаснување на странките да го одбие учеството на замешувачот ако утврди дека не постои правен интерес на замешувачот.

(2) До правосилноста на решението со кое се одбива учеството на замешувачот, замешувачот може да учествува во постапката и неговите парнични дејствија не можат да се исклучат.

(3) Против одлуката на судот со која се прифаќа учеството на замешувачот не е дозволена посебна жалба.

### Член 196

(1) Замешувачот мора да ја прими парницата во онаа состојба во која се наоѓа во моментот кога ќе се замеша во парницата. Во натамошниот тек на парницата, тој е овластен да истакнува предлози и да ги презема сите други парнични дејствија во рокови во кои тие дејствија би можела да ги презема странката на која и се придружил.

(2) Кога замешувачот стапил во парницата до правосилноста на одлуката за тужбено барање, овластен е да поднесе и вонреден правен лек.

(3) Ако замешувачот поднесе правен лек, примерок од неговиот поднесок ќе се достави и до странката на која и се придружил.

(4) Парничните дејствија на замешувачот за странката на која и се придружил имаат правно дејство, ако не се во спротивност со нејзините дејствија.

(5) По согласност на двете парнични странки замешувачот може да стапи во парницата како странка наместо странката на која и се придружил.

### Член 197

(1) Ако правното дејство на пресудата треба да се однесува и на замешувачот, тој има положба на единствен сопарничар (член 191).

(2) Замешувачот со положба на единствен сопарничар може да поднесе вонреден правен лек и во парницата во која до настапувањето на правосилноста на одлуката за тужбеното барање не учествувал како замешувач.

### Именување на претходник

### Член 198

(1) Лицето кое е тужено како држател на некој предмет или корисник на некое право, а тврди дека предметот го држи или правото го врши од име на трето лице може, најдоцна на подготвителното рочиште, а ако ова не е одржано тогаш на

главната расправа пред да се впушти во расправање за главната работа, да го повика преку судот тоа трето лице (претходник), наместо него да стапи како странка во парницата.

(2) Согласност на тужителот наместо тужениот во парницата да стапи претходникот е потребна само ако тужителот против тужениот истакнува и такви барања кои не зависат од тоа дали тужениот од името на претходникот го држи предметот или го врши правото.

(3) Ако претходникот кој уредно е повикан, не дојде на рочиштето или одбие да стапи во парницата, тужениот не може да се противи да се впушти во парницата.

### Известување на трето лице за парницата

### Член 199

(1) Ако тужителот или тужениот треба некое трето лице да го извести за започнатата парница, за да се заснова со тоа извесно граѓанско-правно дејство, тие можат, сé додека парницата не се доврши правосилно, тоа да го сторат со поднесок преку парничниот суд во кој ќе ја наведат причината за известувањето и во каква состојба се наоѓа парницата.

(2) Странката која го известила третото лице за парницата не може поради тоа да бара прекин на започнатата парница, продолжување на роковите или одлагање на рочиштето.

## Глава шеснаесетта

# ПРЕКИН НА ПОСТАПКАТА

### Член 200

Постапката се прекинува, кога:
1) странката ќе умре,
2) странката ќе ја загуби парничната способност, а нема полномошник во таа постапка,
3) законскиот застапник на странката ќе умре или ќе престане неговото овластување за застапување, а странката нема полномошник во постапката,
4) странката која е правно лице ќе престане да постои, односно кога надлежниот орган правосилно ќе одлучи за забрана на работата,
5) ќе настапат правните последици од отворање на стечајна постапка,
6) двете странки тоа ќе го побараат заради решавање на спорот со медијација или на друг начин,
7) поради војна или други причини ќе престане работата во судот и
8) тоа е определено со друг закон.

### Член 201

(1) Освен случаите посебно предвидени во овој закон, прекин на постапката судот ќе определи, кога:
1) ќе одлучи самиот да не решава за претходното прашање (член 11) и
2) странката се наоѓа на подрачје кое поради поплави, други непогоди и слично е отсечено од судот.

(2) Судот може да определи прекин на постапката кога одлуката за тужбеното барање зависи од тоа дали е сторен прекршок или кривично дело за кое се гони по службена должност, кој е сторителот и дали е тој одговорен, а особено кога ќе се појави сомневање дека сведокот или вештакот дал лажен исказ или дека исправата употребена како доказ е лажна.

### Член 202

(1) Прекинот на постапката има за последица да престанат да течат сите рокови определени за вршење на парничните дејствија.

(2) За време на траењето на прекинот на постапката судот не може да презема никакви дејствија во постапката, но ако прекинот настапил по заклучувањето на главната расправа, судот може врз основа на таа расправа да донесе одлука.

(3) Парничните дејствија што ги презела едната странка додека трае прекинот на постапката спрема другата странка немаат никакво правно дејство. Нивното дејство почнува дури откако постапката ќе продолжи.

### Член 203

(1) Постапката што е прекината од причините наведени во членот 200 точки 1 до 4 на овој закон, ќе се продолжи кога наследникот или старателот на оставината, новиот законски застапник, стечајниот управник или правните следбеници на правното лице ќе ја преземат постапката или кога судот по предлог од противната странка ќе ги повика да го сторат тоа.

(2) Ако судот ја прекинал постапката согласно со членот 200 точка 6 од овој закон, постапката ќе продолжи по барање на една од странките, а ако такво барање нема, постапката ќе продолжи по истекот на 45 дена од денот на прекинот.

(3) Ако судот ја прекинал постапката од причините наведени во членот 201 став (1) точка 1 и став (2) на овој закон, постапката ќе продолжи кога правосилно ќе заврши постапката пред судот или пред друг надлежен орган, или кога судот ќе најде дека повеќе не постојат причини да се чека на нејзино завршување.

(4) Во сите други случаи прекинатата постапка ќе се продолжи на предлог од странката штом ќе престанат причините за прекинот.

(5) Роковите што поради прекинот на постапката престанале да течат, за заинтересираната странка почнуваат да течат во целост, одново од денот кога судот ќе и го достави решението за продолжување на постапката.

(6) До странката која не ставила предлог за продолжување на постапката, решението за продолжување на постапката се доставува според одредбите на членот 137 од овој закон.

### Член 204

(1) Жалбата против решението со кое се утврдува или се определува прекин на постапката (членови 200 и 201), не го задржува извршувањето на решението.

(2) Ако судот на рочиштето го одбил предлогот за прекин на постапката и одлучил постапката веднаш да продолжи, против тоа решение не е дозволена посебна жалба.

## Глава седумнаесетта

## ДОКАЗИ И ИЗВЕДУВАЊЕ НА ДОКАЗИ

### Општи одредби

### Член 205

(1) Секоја странка е должна да ги изнесе фактите и да предложи докази врз кои го заснова своето барање или со кои ги побива наводите и доказите на противникот.

(2) Судот може во текот на постапката, кога ќе оцени дека тоа е целисходно за правилно решавање на спорот, да ги предупреди странките на нивната должност од ставот (1) на овој член, а особено на потребата од изнесување на решителни факти и предлагање на одредени докази.

(3) Не може да се одбие доказ за факт затоа што е напишан на јазик на заедниците на странките или други учесници на постапката државјани на Република Македонија.

(4) Трошоците за превод на таквите докази паѓаат на товар на Буџетот на Република Македонија.

### Член 206

(1) Докажувањето ги опфаќа сите факти што се важни за донесување на одлука.

(2) Судот одлучува за тоа кои од предложените докази ќе се изведат заради утврдување на решителните факти.

### Член 207

(1) Не треба да се докажуваат фактите што странката ги признала пред судот во текот на парницата, но судот може да нареди да се докажуваат и вакви факти ако смета дека странката со нивното признавање оди кон тоа да располага со барање со кое не може да располага (член 3 став ( 3)).

(2) Судот, земајќи ги предвид сите околности, според своe убедување ќе оцени дали ќе го земе за признаен или оспорен фактот што странката првин го признала, а потоа наполно или делумно го одрекла или го ограничила признавањето со додавање на други факти.

(3) Фактите чие постоење законот го претпоставува не треба да се докажуваат, но може да се докажува дека овие факти не постојат, ако со закон не е определено нешто друго.

(4) Не треба да се докажуваат факти што се општопознати.

## Член 208

Ако судот не може врз основа на изведените докази (член 8) со сигурност да утврди некој факт, за постоењето на фактот ќе заклучи со примена на правилата за товарот на докажувањето.

## Член 209

Ако се утврди дека на странката и припаѓа правото на надоместок на штета, на паричен износ или на заменливи предмети, но висината на износот, односно количината на предметите не може да се утврди или би можела да се утврди само со несразмерни тешкотии, судот за ова ќе одлучи по слободна оцена.

## Член 210

(1) Доказите на главната расправа се изведуваат пред советот, но советот може од важни причини да одлучи определени докази да се изведат пред претседателот на советот или пред судија на замолениот суд (замолен судија). Во тој случај записниците за изведените докази ќе се прочитаат на главната расправа.

(2) Претседателот на советот или замолениот судија кому му е доверено изведување на некој доказ е овластен, ако странките тоа го предложиле, да изведе и други докази, ако смета дека тоа е целесообразно.

(3) Кога советот ќе одлучи некој доказ да се изведе пред замолен судија, во замолницата за изведување на доказот ќе се опише состојбата на работата според текот на главната расправа и посебно ќе се назначи за кои околности треба особено да се води сметка при изведувањето на доказот.

(4) За рочиштето за изведување на докази пред претседателот на советот или пред замолениот судија ќе се известат и странките, ако не изјавиле дека нема да присуствуваат на рочиштето.

(5) Претседателот на советот или замолениот судија при изведувањето на доказите ги има сите овластувања што ги има советот, односно претседателот на советот, кога доказите се изведуваат на главната расправа.

(6) Против решението на судот со кое изведувањето на доказите му се доверува на претседателот на советот или на замолениот судија не е дозволена посебна жалба.

## Член 211

(1) Ако според околностите може да претпостави дека некој доказ нема да може да се изведе или дека нема да може да се изведе во разумен рок, или ако доказот треба да се изведе во странство, судот во решението за изведувањето на доказот ќе определи рок до кој ќе се чека изведувањето на доказот.

(2) Кога определениот рок ќе истече, расправата ќе се спроведе без оглед што определениот доказ не е изведен.

## Увид

## Член 212

(1) Увид се презема кога за утврдување на некој факт или за разјаснување на некоја околност е потребно непосредно забележување на судот.

(2) Увидот може да се врши и со учество на вештаци.

## Член 213

Советот ќе го овласти претседателот на советот да изврши увид ако предметот кој треба да се разгледа не може да се донесе во судот или неговото донесување би предизвикало значителни трошоци, а советот смета дека не е нужно непосредно забележување од сите членови на советот.

## Член 214

Ако треба да се разгледа предмет што се наоѓа кај една од странките, кај трето лице, кај државен орган или кај организација или друго лице или институција на која и е доверено вршење на јавно овластување, ќе се применат одредбите на овој закон за прибавување на исправи од овие органи или организации (членови 217, 218 и 219).

## Исправи

## Член 215

(1) Исправа што во пропишана форма ја издал државен орган или орган на државната управа во границите на својата надлежност, како и исправа што во таква форма ја издала организација или друга институција при вршење на јавно овластување што и е доверено со закон или со одлука на орган на општината заснована врз закон (јавна исправа), ја докажува вистинитоста на она што се потврдува или определува во неа.

(2) Иста доказна сила имаат и други исправи кои со посебни прописи во поглед на доказната сила се изедначени со јавните исправи.

(3) Дозволено е да се докажува дека во јавната исправа невистинито се утврдени фактите или дека исправата е неправилно составена.

(4) Ако судот се сомнева во автентичноста на исправата, може да побара за тоа да се изјасни органот, односно институцијата од која би требало да потекнува таа.

## Член 216

Ако со меѓународен договор поинаку не е определено, странските јавни исправи што се прописно заверени, имаат, под услов на заемност, иста доказна сила како и домашните јавни исправи.

## Член 217

(1) Странката е должна самата да ја поднесе исправата на која се повикува за доказ на своите наводи.

(2) Кон исправата составена на странски јазик се поднесува и заверен превод.

(3) Ако исправата се наоѓа кај државен орган или орган на државната управа или кај правно или физичко лице кое врши јавни овластувања, а самата странка не може да издејствува исправата да се предаде или покаже, судот по предлог на странката ќе ја прибави оваа исправа.

## Член 218

(1) Кога едната странка се повикува на исправа и тврди дека таа се наоѓа кај другата странка, судот оваа странка ќе ја повика да ја поднесе исправата, оставајќи и за тоа определен рок.

(2) Странката не може да го одбие поднесувањето на исправата ако таа самата во постапката се повикала на таа исправа за доказ на своите наводи, или ако се работи за исправа која според законот е должна да ја предаде или покаже, или ако исправата со оглед на нејзината содржина се смета заедничка за обете странки.

(3) Во поглед на правото на странката да го одбие поднесувањето на други исправи согласно ќе се применуваат одредбите на членовите 222 и 223 од овој закон.

(4) Кога странката која е повикана да ја поднесе исправата одрекува дека исправата се наоѓа кај неа, судот може заради утврдување на овој факт да изведува докази.

(5) Судот, со оглед на сите околности според свое убедување ќе цени од какво значење е тоа што странката која ја држи исправата не сака да постапи според решението на судот со кое и се налага да ја поднесе исправата или противно на убедувањето на судот одрекува дека исправата се наоѓа кај неа.

(6) Против одлуката на судот од ставот (1) на овој член не е дозволена посебна жалба.

## Член 219

(1) Судот може на трето лице да му нареди да поднесе исправа само кога тоа според законот е должно да ја покаже или да ја поднесе, или кога се работи за исправа која според својата содржина е заедничка за тоа лице и за странката која се повикува на исправата.

(2) Пред да донесе одлука со која на трето лице му наложува да ја поднесе исправата, судот ќе го повика третото лице да се изјасни за тоа.

(3) Кога третото лице ја одрекува својата должност да ја поднесе исправата што се наоѓа кај него, судот ќе реши дали третото лице е должно да ја поднесе исправата.

(4) Кога третото лице одрекува дека исправата се наоѓа кај него, судот може, заради утврдување на овој факт, да изведува докази.

(5) Правосилното решение за должноста на третото лице да ја поднесе исправата може да се изврши според правилата на извршувањето.

(6) Третото лице има право на надоместок на трошоците што ги имало во врска со поднесувањето на исправите. Одредбите на членот 234 од овој закон согласно ќе се применуваат и во овој случај.

## Сведоци

## Член 220

(1) Секое лице кое се повикува како сведок е должно да се јави на поканата, а ако со овој закон поинаку не е определено, должно е и да сведочи.

(2) Како сведоци можат да се сослушаат само лица кои се способни да даваат известување за фактите што се докажуваат.

## Член 221

Не може да се сослуша како сведок лице кое со својот исказ би ја повредило должноста за чување на службена или воена тајна, додека надлежниот орган не го ослободи од таа должност.

## Член 222

(1) Сведокот може да одбие да сведочи:
1) за она што странката како на свој полномошник му го доверила,
2) за она за кое странката или друго лице на сведокот како на верски исповедник му се исповедало и
3) за факти кои сведокот ги дознал како адвокат, лекар или во вршење на некоја друга професија или некоја друга дејност, ако постои обврска како тајна да се чува она што се дознало во вршењето на таа професија или дејност.

(2) Претседателот на советот ќе ги предупреди овие лица дека можат да одбијат да дадат исказ.

## Член 223

(1) Сведокот може да не даде одговор на одделни прашања ако за тоа постојат важни причини, а особено ако со својот одговор на тие прашања би се изложил на тежок срам, на значителна имотна штета или на кривично гонење себеси или своите роднини по крв во права линија до кој и да е степен, а во странична линија заклучно до третиот степен, својот брачен другар или роднините по сватовство заклучно до вториот степен и тогаш кога бракот престанал, својот вонбрачен другар, како и својот старател или лицето под старателство, посвоителот или посвоеникот.

(2) Претседателот на советот ќе го предупреди сведокот дека може да не даде одговор на поставеното прашање.

## Член 224

Сведокот не може поради опасност од некаква имотна штета да одбие да сведочи за правни работи при кои бил присутен како повикан сведок, за дејствијата кои во поглед на спорниот однос ги презел како правен претходник или застапник на една од странките, за факти кои се однесуваат на имотните односи условени со семејна, брачна или вонбрачна врска, за факти кои се однесуваат на раѓање, склучување на брак или смрт, како и кога врз основа на посебни прописи е должен да поднесе пријава или да даде изјава.

## Член 225

(1) Оправданоста на причините за одбивање на сведочење или давање одговор на одделни прашања ја оценува судот пред кој сведокот треба да сведочи. Ако е потребно, претходно за тоа ќе се сослушаат странките.

(2) Против решението на судот од ставот (1) на овој член странките немаат право на посебна жалба, а сведокот може ова решение да го побива во жалбата против решението со кое е изречена парична казна или затвор поради тоа што одбил да сведочи или не дал одговор на одделно прашање (член 233 став (2)).

## Член 226

Странката која предлага определено лице да се сослуша како сведок, мора претходно да назначи за што тоа треба да сведочи и да го наведе неговото име и презиме, занимање и престојувалиште.

## Член 227

(1) Повикувањето на сведокот се врши со доставување на писмена покана во која се наведува името и презимето, занимањето на повиканиот, времето и местото на доаѓањето, предметот за кој се повикува и назначување дека се повикува како сведок. Во поканата сведокот ќе се предупреди на последиците од неоправдан изостанок (член 233) и на правото на надоместок на трошоците (член 234).

(2) Сведоците кои поради старост, болест или тешки телесни недостатоци не можат да се јават на поканата, ќе се сослушаат во својот стан или на местото каде што се наоѓаат.

## Член 228

(1) Сведокот ќе се праша за името и презимето, името на таткото, занимањето, живеалиштето, односно престојувалиштето, местото на раѓањето, годините на возраста и за неговиот однос со странките.

(2) Сведокот претходно ќе се опомене дека е должен да ја зборува вистината и дека не смее ништо да премолчи, а потоа ќе се предупреди за последиците од давање на лажен исказ.

(3) Сведок се сослушува поединечно и без присуство на сведоците кои подоцна ќе се сослушуваат. Сведокот е должен одговорите да ги дава усно.

## Член 229

(1) По општите прашања, сведокот се повикува да изнесе сé она што му е познато за фактите за кои треба да сведочи, а потоа можат да му се поставуваат прашања заради проверување, дополнение или разјаснување. Не е дозволено да се поставуваат прашања во кои веќе е содржано како би требало да се одговори.

(2) Сведокот секогаш ќе се прашува од каде му е познато она за кое сведочи.

(3) Сведоците можат да се соочат ако нивните искази не се сложуваат во поглед на важни факти. Соочените за секоја околност во која не се сложуваат, посебно ќе се сослушаат и нивниот одговор ќе се внесе во записникот.

## Член 230

(1) Сведокот кој не го знае јазикот на кој се води постапката ќе се сослуша преку судски преведувач.

(2) Ако сведокот е глув, ќе му се поставуваат прашања писмено, а ако е нем, ќе се повика да одговара писмено. Ако сослушувањето не може да се изврши на овој начин, ќе се повика како толкувач лице кое може да се разбере со сведокот.

(3) Судот ќе го предупреди судскиот преведувач, односно толкувачот на должноста за верно пренесување на прашањата што му се поставуваат на сведокот и изјавите што ќе ги дава сведокот.

## Член 231

(1) Судот може да одлучи сведокот да положи заклетва на исказот што го дал.

(2) Заклетвата се полага усно со изговарање на овие зборови: “Се заколнувам во честа дека за сето што ме прашуваше судот ја зборував вистината и дека ништо што знаев за оваа работа не премолчив”.

(3) Судот може да одлучи сведокот да положи заклетва и пред да биде сослушан.

(4) Немите сведоци што знаат да читаат и пишуваат, се заколнуваат на тој начин што го потпишуваат текстот на заклетвата, а глувите сведоци ќе го прочитаат текстот на заклетвата. Ако глувите или немите сведоци не знаат ниту да читаат ниту да пишуваат, ќе се заколнат преку толкувач.

(5) Ако некој сведок се сослушува повторно, нема по вторпат да полага заклетва, туку само ќе се опомене на веќе положената заклетва.

## Член 232

(1) Нема да се заколнуваат сведоците кои во моментот на сослушувањето не се полнолетни или не можат да го сфатат значењето на заклетвата.

(2) Против одлуката на судот со која на сведокот му се наредува да положи заклетва или се определува сведокот да не се заколнува, странките и сведокот немаат право на жалба.

## Член 233

(1) Ако сведокот што е уредно повикан не дојде, а изостанокот не го оправда или без одобрение или оправдана причина се оддалечи од местото каде што треба да биде сослушан, судот може да нареди присилно да се доведе и да ги поднесе трошоците за доведувањето, а може и да го казни со парична казна согласно со членот 10 став (2) од овој закон.

(2) Ако сведокот дојде и откако е предупреден на последиците ќе одбие да сведочи или да даде одговор на одделно прашање, а судот ќе оцени дека причините за одбивањето се неоправдани, може да го казни со парична казна согласно со членот 10 став (2) од овој закон, а ако и потоа одбие да сведочи може да му изрече затвор. Затворот трае сé додека сведокот не се согласи да сведочи или додека неговото сослушување не стане непотребно, но најдолго еден месец.

(3) Жалбата против решението за паричната казна или за затвор не го задржува извршувањето на решението, освен ако во таа жалба се побива и одлуката на судот со која не се усвоени причините на сведокот за одбивање да сведочи или да даде одговор на одделно прашање.

(4) Судот на барање од странката ќе одлучи дека сведокот е должен да ги надомести трошоците што ги предизвикал со својот неоправдан изостанок, односно со неоправданото одбивање да сведочи.

(5) Ако сведокот дополнително го оправда својот изостанок, судот ќе го отповика своето решение за казната, а може сосема или делумно да го ослободи сведокот од надоместок на трошоците. Судот може да го отповика своето решение за казната и кога сведокот дополнително ќе се согласи да сведочи.

(6) Воените лица и вработените во полицијата не можат да се затворат, но за нивното одбивање да сведочат ќе се извести нивната команда заради казнување. Ако е потребно овие лица заради сведочење присилно да се доведат, судот ќе се обрати до нивниот старешина кој ќе нареди нивно приведување во судот.

## Член 234

(1) Сведокот има право на надоместок на патните трошоци и на трошоците за исхрана и ноќевање, како и на надомест на загубената заработка.

(2) Сведокот треба да бара надоместок веднаш по сослушувањето, инаку го губи тоа право. Судот е должен на ова да го предупреди сведокот.

(3) Во решението со кое се одмеруваат трошоците на сведокот, судот ќе одреди определениот износ да се исплати од положениот аванс, а ако аванс не е положен, ќе и наложи на странката определениот износ да му го плати на сведокот во рок од осум дена. Жалбата против ова решение не го задржува извршувањето на решението.

## Вештаци

## Член 235

(1) Судот ќе го изведе доказот со вештачење по предлог на странката кога заради утврдување или разјаснување на некој факт е потребно стручно знаење со кое судот не располага.

(2) По исклучок, судот ќе изведе доказ со вештачење и без предлог на странка, ако при изведување на некој доказ за спорен факт му е потребно стручно знаење со кое судот не располага.

## Член 236

(1) Вештачењето го вршат вештаци што ги определува парничниот суд.

(2) Пред да определи кои лица ќе се земат за вештачење, судот за тоа ќе ги сослуша странките. Во итни случаи судот може да определи вештак иако претходно странките не се сослушани.

(3) Парничниот суд може да го овласти претседателот на советот или замолениот судија, тие да определат вештаци ако ним им е доверено изведувањето на доказот со вештачење.

(4) Наместо определениот вештак судот може секогаш да определи друг вештак.

## Член 237

(1) Вештачењето по правило го врши еден вештак, а кога судот ќе оцени дека вештачењето е сложено, може да определи двајца или повеќе вештаци.

(2) Вештаците се определуваат првенствено од редот на постојните судски вештаци за определен вид вештачење.

(3) Вештачењето може да и се довери и на стручна установа (болница, хемиска лабораторија, факултет и слично).

(4) Ако постојат посебни установи за определени видови вештачења (вештачење на лажни пари, ракописи, дактилоскопско вештачење и слично), такви вештачења, а особено посложени, им се доверуваат првенствено на тие установи.

## Член 238

(1) Определените вештаци се должни да се јават на поканата на судот и да ги изнесат својот наод и мислење.

(2) Судот ќе го ослободи вештакот, по негово барање, од должноста на вештачење од причини од кои сведокот може да одбие да сведочи или да даде одговор на одделно прашање.

(3) Судот може да го ослободи вештакот, по негово барање, од должноста на вештачење и од други оправдани причини. Ослободување од должноста на вештачење може да бара и овластениот работник на органот или организацијата во која вештакот работи.

## Член 239

(1) Вештакот може да биде изземен од исти причини од кои може да биде изземен судија или судија поротник, но за вештак може да се земе и лице кое порано било сослушано како сведок.

(2) Странката е должна да поднесе барање за изземање на вештакот штом ќе узнае дека постои причина за изземање, а најдоцна пред почетокот на изведувањето на доказот со вештачење. Ако судот пред определувањето на вештакот ја сослушал странката за личноста на вештакот, странката е должна притоа да се изјасни за изземањето.

(3) Во барањето за изземање на вештакот, странката е должна да ги наведе околностите врз кои го заснова своето барање за изземање.

(4) За барањето за изземање одлучува парничниот суд. Судијата на замолениот суд и претседателот на советот одлучуваат за изземањето ако им е доверено изведување на доказот со вештачење.

(5) Против решението со кое се усвојува барањето за изземање не е дозволена жалба, а против решението со кое барањето се одбива не е дозволена посебна жалба.

(6) Ако странката узнала за причината за изземањето по извршеното вештачење и му приговара на вештачењето од таа причина, судот ќе постапи како барањето за изземање да е ставено пред извршеното вештачење.

## Член 240

(1) Судот може да го казни со парична казна согласно со членот 10 став (2) од овој закон вештакот кој нема да дојде на рочиште иако е уредно повикан, а изостанокот нема да го оправда, како и вештакот кој без оправдана причина одбие да врши вештачење.

(2) Решението за казната судот може да го отповика под условите од членот 233 став (5) на овој закон.

(3) По барање од странката судот може со решение да му наложи на вештакот да ги надомести трошоците што ги предизвикал со своето неоправдано недоаѓање или со неоправданото одбивање да врши вештачење.

## Член 241

(1) Вештакот има право на надоместок на патните трошоци и на трошоците за исхрана и ноќевање, на надоместок на загубената заработка и на трошоци за вештачење, како и право на награда за извршеното вештачење.

(2) Во поглед на надоместок на трошоците и наградата на вештакот, согласно ќе се применуваат одредбите на членот 234 ставови (2) и (3) од овој закон.

## Член 242

Вештаците се повикуваат со доставување на писмена покана во која се наведува името и презимето, занимањето на повиканиот, времето и местото на доаѓање, предметот за кој се повикува и назначување дека се повикува како вештак. Во поканата вештакот ќе се предупреди на последиците од неоправдан изостанок (член 240) и на правото на надоместок на трошоците (член 241).

## Член 243

(1) Пред почетокот на вештачењето ќе се повика вештакот грижливо да го разгледа предметот на вештачењето, точно да наведе сé што ќе забележи и најде и своето мислење да го изнесе совесно и во согласност со правилата на науката и вештината, а ќе се предупреди и на последиците од давање на лажен исказ.

(2) Потоа вештакот ќе се праша за името и презимето, за името на таткото, видот и степенот на образованието, живеалиштето, односно престојувалиштето, местото на раѓање, годините на возраста и неговиот однос со странките.

## Член 244

(1) Судот раководи со вештачењето, му го означува на вештакот предметот што ќе се разгледува, му поставува прашања и, по потреба, бара објаснувања во поглед на дадениот наод и мислење.

(2) По одобрение на судот на вештакот прашања може да му поставуваат и странките.

(3) На вештакот можат да му се даваат разјаснувања, а може да му се дозволи и разгледување на списите. На барање од вештакот можат да се изведуваат и нови докази за да се утврдат околности што се од важност за изготвувањето на мислењето на вештакот.

## Член 245

(1) Вештакот до судот ќе ги поднесе својот наод и мислење во писмена форма во рокот што ќе го определи судот.

(2) Вештакот мора секогаш да го образложи своето мислење.

(3) Судот, по можност, ќе ги достави до странките писмениот наод и мислењето пред рочиштето на кое ќе се расправа за нив.

(4) По повод извршеното вештачење вештакот може да биде сослушан усно на рочиште.

## Член 246

(1) Кога се определени повеќе вештаци, тие можат да поднесат заеднички наод и мислење кога во наодот и мислењето се сложуваат. Ако во наодот и мислењето не се сложуваат секој вештак посебно го изнесува својот наод и мислење.

(2) Кога податоците на вештаците за нивниот наод не се сложуваат суштествено, или ако наодот на еден или на повеќе вештаци е нејасен, нецелосен или во противречност самиот со себеси или со испитаните околности, а тие недостатоци не можат да се отстранат со повторно сослушување на вештаците, вештачењето ќе се повтори со истите или со други вештаци.

(3) Кога во мислењето на еден или на повеќе вештаци има противречности или недостатоци, или се појави основано сомневање во правилноста на даденото мислење, а тие недостатоци или сомневања не можат да се отстранат со повторно сослушување на вештакот, ќе се побара мислење од други вештаци.

## Член 247

Против решението на судот од членовите 236, 237 и 246 на овој закон не е дозволена посебна жалба.

## Член 248

Одредбите на членовите 236, 237 став (2), членовите 238 до 242, членот 243 став (2) и членот 247 од овој закон се применуваат согласно и врз преведувачите и толкувачите.

## Сослушување на странките

## Член 249

(1) Спорните факти важни за одлуката судот по предлог на странка може да ги утврдува и со сослушување на странките.

(2) Судот може да одлучи да се изведе доказ со сослушување на странките кога нема други докази или кога и покрај изведените други докази ќе најде дека тоа е потребно за утврдување на важни факти.

## Член 250

(1) Кога ќе се увери дека на странката, односно на лицето кое треба да се сослуша за странката не му се познати спорните факти, или ако сослушувањето на таа странка не е можно, судот може да одлучи да се сослуша само другата странка.

(2) Исто така, судот може да одлучи да се сослуша само едната странка, ако другата странка одбие да даде исказ или не се јави на поканата од судот.

### Член 251

Изведување на докази со сослушување на странките преку претседателот на советот или замолениот судија е дозволено само ако странката поради неотстранливи пречки не може лично да дојде или ако нејзиното доаѓање би предизвикало несразмерни трошоци.

### Член 252

(1) За странката која нема парнична способност ќе се сослуша нејзиниот законски застапник. Судот може да одлучи наместо или покрај законскиот застапник да се сослуша самата странка, ако нејзиното сослушување е можно.

(2) За правното лице ќе се сослуша лицето кое со законот или со правилата е определено да го застапува.

(3) Ако како странка во спорот учествуваат на една страна повеќе лица, судот ќе одлучи дали ќе се сослушаат сите овие лица или само некои од нив.

### Член 253

(1) Поканата за рочиштето на кое ќе се изведува доказ со сослушување на странките се доставува лично до странката, односно до лицето што ќе се сослуша за странката.

(2) Ако странката има полномошник, поканата за рочиштето на кое ќе се изведува доказ со сослушување на странката или на лицето кое треба да се сослуша за странката, се доставува до полномошникот, кој е должен за тоа да ја извести странката.

(3) Во поканата од ставовите (1) и (2) на овој член ќе се назначи дека на рочиштето ќе се изведува доказ со сослушување на странките и дека странката што ќе дојде на рочиштето може да биде сослушана во отсуство на другата странка.

### Член 254

(1) Не можат да се применуваат никакви присилни мерки спрема странката што не се јавила на поканата од судот заради сослушување, ниту пак странката може да се присили на давање исказ.

(2) Судот, со оглед на сите околности, ќе оцени од какво значење е тоа што странката не дошла на сослушувањето или што одбила да даде исказ (член 250 став (2)).

### Член 255

Доказот со сослушување на странките се изведува без полагање заклетва.

### Член 256

Одредбите за изведување на доказ со сведоци ќе се применуваат и при изведување на доказ со сослушување на странките, ако за сослушување на странките не е пропишано нешто друго.

### Глава осумнаесетта

## ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ДОКАЗИ

### Член 257

(1) Кога постои оправдан страв дека некој доказ не ќе може да се изведе или дека неговото подоцнежно изведување ќе биде отежнато, може во текот како и пред поведувањето на постапката да се предложи да се изведе овој доказ.

(2) Во постапката за обезбедување на докази не може да се изведе доказ со сослушување на странките.

(3) Обезбедувањето на докази може да се бара и откако одлуката со која постапката се завршува ќе стане правосилна, ако тоа е потребно пред или во текот на постапката по вонредни правни лекови.

## Член 258

(1) Ако предлогот за обезбедување на доказ е ставен во текот на парничната постапка, за постапување е надлежен судот пред кој тече постапката.

(2) Кога се бара обезбедување на доказ пред поведувањето на постапката, како и во итни случаи ако постапката веќе тече, надлежен е суд од прв степен на чие подрачје се наоѓаат предметите што треба да се разгледаат, односно судот на чие подрачје престојува лицето кое треба да се сослуша.

(3) За предлогот од ставот (1) на овој член одлучува претседателот на советот или судијата поединец што ја води постапката, а во случаите од ставот (2) на овој член судијата поединец на надлежниот суд.

## Член 259

Во поднесокот со кој се бара обезбедување на докази предлагачот е должен да ги наведе фактите што треба да се докажат, доказите што треба да се изведат и причините поради кои смета дека подоцна доказот не ќе може да се изведе или дека неговото изведување ќе биде отежнато. Во поднесокот треба да се наведе името и презимето на противникот, освен ако од околностите произлегува дека тој не е познат.

## Член 260

(1) Поднесокот во кој е ставен предлог за обезбедување на доказ ќе се достави до противникот ако е познат. Ако постои опасност поради одлагање, судот за предлогот ќе одлучи и без претходно изјаснување на противникот.

(2) Во решението со кое се усвојува предлогот, судот ќе го определи рочиштето за изведување на доказот, ќе ги наведе фактите за кои ќе се изведуваат докази, како и доказите што ќе се изведуваат, а ако е потребно ќе именува и вештаци.

(3) Ако до противникот порано не бил доставен поднесок во кој е ставен предлог за обезбедување на докази, тој ќе му се достави заедно со решението на судот со кој се усвојува предлогот за обезбедување на докази.

(4) На противникот кој е непознат или е непознато неговото престојувалиште, судот може заради учество на рочиштето за изведување на докази да му назначи привремен застапник (член 76). За тоа назначување не е потребно да се издаде оглас.

(5) Судот може во итни случаи да определи изведувањето на доказите да започне и пред да се достави до противникот решението со кое се усвојува предлогот за обезбедување на докази.

(6) Против решението на судот со кое се усвојува предлогот за обезбедување на докази, како и против решението со кое се одлучува изведувањето на докази да започне пред да се достави решението до противникот, не е дозволена жалба.

## Член 261

(1) Ако доказите се изведени пред да е поведена постапка, записникот за изведување на доказите ќе се чува во судот пред кој се изведени доказите.

(2) Ако постапката е во тек, а обезбедувањето на доказите не го извел парничниот суд, записникот ќе се достави до парничниот суд.

## Глава деветнаесетта

# ПОДГОТВУВАЊЕ НА ГЛАВНА РАСПРАВА

## Член 262

(1) По приемот на тужбата се вршат подготовки за главна расправа.

(2) Овие подготовки опфаќаат претходно испитување на тужбата, доставување на тужбата до тужениот на одговор, одржување на подготвително рочиште и закажување на главна расправа.

(3) Со подготвувањето на главната расправа раководи претседателот на советот.

(4) Во текот на подготвувањето на главната расправа странките можат да упатуваат поднесоци во кои ќе ги наведат фактите што имаат намера да ги изнесат на главната расправа, како и доказите чие изведување имаат намера да го предложат.

## Член 263

(1) Во текот на подготвувањето на главната расправа до рочиштето за главната расправа, претседателот на советот е овластен да одлучува: за стапувањето на претходникот во парницата, за учеството на замешувачот, за обезбедувањето на докази, за преиначувањето на тужбата, за трошоците на постапката во случај на повлекување на тужбата, за прекинувањето на постапката, за привремените мерки за обезбедување, за спојувањето на постапки за раздвојувањето на постапката, за определувањето на судските рокови или нивното продолжување, за закажувањето на рочишта или за нивното одлагање, за враќање во поранешна состојба поради пропуштање на рок или рочиште за ослободување на странката од плаќање на трошоците на постапката, за обезбедување на парнични трошоци, за полагањето аванс на име трошоци за преземање на одделни дејствија во постапката, за назначувањето на привремен застапник, за доставувањето на судските писмена, за мерките за исправање на поднесоците, за уредноста на полномоштијата, како и за сите прашања што се однесуваат на управувањето со постапката.

(2) Против одлуките што ги донесува претседателот на советот во текот на подготвувањето на главната расправа, а кои се однесуваат на управувањето со постапката, не е дозволена посебна жалба.

## Член 264

Претседателот на советот може во текот на подготвувањето на главната расправа да донесе пресуда поради неподнесување на одговор на тужба, пресуда врз основа на признание, пресуда врз основа на одрекување и пресуда поради изостанок и да прими на записник порамнување на странките.

## Претходно испитување на тужбата

## Член 265

По претходно испитување на тужбата претседателот на советот е овластен да ги донесува решенијата од членот 263 на овој закон, ако не се работи за прашања за кои според природата на работите или според одредбите на овој закон одлука може да се донесе дури во натамошниот тек на постапката.

## Член 266

Кога ќе утврди дека тужбата е неразбирлива или нецелосна или дека постојат недостатоци кои се однесуваат на способноста на тужителот или на тужениот да бидат странки во постапката, или недостатоци во поглед на законското застапување на странката, или недостатоци кои се однесуваат на овластувањето на застапникот да поведе постапка кога е потребно такво овластување, претседателот на советот заради отстранување на овие недостатоци ќе ги преземе потребните мерки предвидени во овој закон (членови 75 и 101).

## Член 267

(1) По претходно испитување на тужбата претседателот на советот донесува решение со кое се отфрла тужбата ако утврди дека решавањето на тужбеното барање не спаѓа во судска надлежност (член 15) или дека тужбата е поднесена ненавремено, ако со посебни прописи е определен рок за поднесување на тужбата.

(2) Претседателот на советот донесува и решение со кое судот се огласува за ненадлежен (членови 15 и 20) и предметот му се отстапува на надлежниот суд.

## Член 268

Ако смета дека нема доволно основа за донесување на одлука за некое прашање што се поставило во текот на претходното испитување на тужбата, претседателот на советот ќе остави за ова прашање да донесе одлука по приемот на одговорот на тужбата или на подготвителното рочиште.

## Одговор на тужба

## Член 269

(1) Тужбата со прилозите се доставува до тужениот на одговор. Со поканата со која се доставува тужбата, тужениот ќе се предупреди дека е должен да даде писмен одговор на тужбата во рок што ќе го определи судот, кој не може да биде пократок од 15 дена од доставувањето на тужбата, ниту подолг од 30 дена од денот на приемот на тужбата. Судот е должен во поканата да го предупреди тужениот на правните последици од недавање на писмен одговор на тужбата во определениот рок (член 319).

(2) По исклучок, судот може, ако тоа го бараат посебните околности за тој случај, а особено ако тоа е потребно за одлучување по предлогот за определување на привремена мерка, веднаш да закаже рочиште и да нареди примерок од тужбата да му се достави на тужениот.

## Член 270

(1) Во одговорот на тужба тужениот може да се изјасни за барањата и наводите од тужбата и да предложи докази со кои ги поткрепува тие наводи.

(2) Ако тужениот го оспорува тужбеното барање, во одговорот на тужбата е должен да ги наведе фактите врз кои ги заснова своите наводи и доказите со кои се утврдуваат тие факти. Со одговорот на тужбата, тужениот е должен да ги приложи и исправите на кои се повикува, ако тоа е можно.

(3) По приемот на одговорот на тужбата, претседателот на советот, односно судијата поединец со оглед на предлозите и наводите на странките ќе оцени дали ќе закаже подготвително рочиште или веднаш ќе закаже рочиште за главна расправа.

(4) По приемот на одговорот на тужба ако судот утврди дека меѓу странките не е спорна фактичката состојба и дека не постојат други пречки за донесување на одлука, судот може да донесе одлука и без одржување на рочиште.

(5) По приемот на одговорот на тужба, судот може да ги носи сите решенија што може да ги донесе и при претходно испитување на тужбата.

## Подготвително рочиште

## Член 271

По приемот на одговорот на тужба или по протекот на рокот за поднесување на одговор на тужба, судот најдоцна во рок од 15 дена може да закаже подготвително рочиште.

## Член 272

(1) Подготвителното рочиште треба да се определи така што на странките да им остане доволно време за подготвување, а најмалку осум дена од приемот на поканата.

(2) Во поканата за подготвителното рочиште на странките ќе им се наложи на рочиштето да ги донесат сите исправи што им служат како доказ, како и сите предмети што треба да се разгледаат во судот.

(3) Во поканата за подготвително рочиште судот ќе им укаже на странките за последиците од изостанувањето од подготвителното рочиште, како и за тоа дека се должни најдоцна на првото рочиште за главна расправа да ги изнесат сите факти врз кои ги засноваат своите наводи и да ги предложат сите докази со кои ги утврдуваат фактите и да ги приложат сите исправи и предмети што имаат намера да ги употребат како доказ.

(4) Ако е потребно за подготвително рочиште да се прибават списи, исправи или предмети што се наоѓаат кај судот или кај некој друг државен орган, орган на државната управа, орган на единица на локалната самоуправа или кај физичко или правно лице на кое му е доверено вршењето на јавни овластувања, а кои странката сама не успеала да ги прибави, судот ќе нареди, ако странките тоа го предложиле, тие списи, исправи, односно предмети да се прибават.

## Член 273

(1) Подготвителното рочиште почнува со излагање на тужбата, а потоа тужениот го изнесува својот одговор на тужбата.

(2) Кога е потребно, претседателот на советот ќе побара од странките разјаснување во однос на нивните наводи или предлози.

(3) Ако странката или законскиот застапник на странката не е во состојба јасно и определено да се изјасни за предметот за кој се расправа, а нема полномошник, претседателот на советот или судијата поединец ќе и укаже на потребата да земе полномошник.

(4) Ако странката не е во можност веднаш да овласти полномошник, претседателот на советот или судијата поединец по нејзин предлог ќе го одложи рочиштето, но не подолго од 15 дена.

## Член 274

(1) На подготвителното рочиште претходно се расправа за прашања што се однесуваат на пречките за натамошниот тек на постапката, било претседателот на советот по испитувањето на тужбата да го одложи решавањето на овие прашања,

било тие да се наведени во одговорот на тужбата или на подготвителното рочиште. За овие прашања на подготвителното рочиште можат да се изведуваат докази кога тоа е потребно.

(2) Покрај решенијата што е овластен да ги донесува по претходно испитување на тужбата, на подготвителното рочиште, претседателот на советот донесува и решение за отфрлање на тужбата, ако утврди дека за тужбеното барање веќе тече парница, дека работата е пресудена правосилно, дека за предметот на спорот е заклучено судско порамнување или дека не постои правен интерес на тужителот за поднесување на тужба за утврдување.

(3) Ако претседателот на советот не го усвои приговорот дека постои некоја од пречките за водење на постапката од ставот (2) на овој член, ќе се продолжи со расправањето, а одлука за приговорот ќе донесе советот заедно со одлуката за главната работа, освен по приговор за месна надлежност.

(4) На подготвителното рочиште претседателот на советот во однос на управувањето со постапката ги има сите овластувања што ги имаат претседателот на советот и советот на главната расправа.

## Член 275

(1) Кога ќе најде дека не постојат пречки за натамошно водење на постапката, судот, според резултатите од расправањето на подготвителното рочиште, ќе одлучи кои од предложените сведоци и вештаци ќе се повикаат на главната расправа и кои други докази ќе се прибават. За тоа кои од предложените докази ќе се изведат, одлучува советот на главна расправа.

(2) Ако судот не ги усвои предлозите од странките за доказите, странките можат своите предлози да ги повторат на главната расправа.

## Член 276

(1) Ако некоја од странките предложила некои спорни факти да се утврдат со вештачење, судот ќе именува еден или повеќе вештаци, ќе одлучи по барање за изземање на вештакот, ако такво барање е поднесено и ќе ја повика едната или двете странки да го положат износот потребен за трошоците на вештачење.

(2) По предлог на странките претседателот на советот може да определи да се изврши увид надвор од судот ако тоа е потребно.

(3) Ако увидот треба да се изврши со учество на вештаци, при тоа судот ќе определи вештаци.

## Член 277

(1) Ако на подготвителното рочиште не дојде тужителот кој уредно е поканет, а изостанокот не го оправда, тужбата се смета за повлечена, ако со тоа се согласил тужениот, а ако тужениот не е присутен, тужбата ќе се смета за повлечена ако во рок од осум дена по приемот на известувањето за повлекувањето не се изјаснил дека на тоа се противи.

(2) Ако на подготвителното рочиште не дојде тужениот кој уредно е поканет и не го оправда своето отсуство, а не постојат услови за донесување на пресуда поради изостанок, судот ќе расправа со присутната странка.

(3) Ако на подготвителното рочиште која било од странките не дојде, а изостанокот го оправда, рочиштето ќе се одложи.

## Закажување на рочиште за главна расправа

## Член 278

(1) На подготвителното рочиште судот ќе го одреди денот и часот на одржување на рочиштето за главна расправа, доказите кои ќе се изведуваат, сведоците и вештаците кои ќе бидат поканети на главната расправа.

(2) Судот ќе ги предупреди странките за последиците од изостанок на главната расправа.

(3) Судот може да одреди главната расправа да се одржи веднаш по подготвителното рочиште.

## Глава дваесетта

# ГЛАВНА РАСПРАВА

## Тек на главната расправа

## Член 279

Претседателот на советот, односно судијата поединец ја отвора главната расправа и го објавува предметот на расправањето. Потоа утврдува дали дошле сите повикани лица, па ако не дошле, проверува дали се уредно повикани и дали го оправдале својот изостанок.

## Член 280

(1) Ако на првото рочиште за главна расправа, како и на некое подоцнежно рочиште не дојде тужителот кој уредно е поканет, а изостанокот не го оправдал, тужбата се смета за повлечена согласно со членот 277 став (1) од овој закон.

(2) Ако на првото рочиште за главна расправа не дојде тужениот, а изостанокот не го оправдал и нема услови за донесување на пресуда поради изостанок, како и кога на некое подоцнежно рочиште ќе изостане тужениот, расправата може да се одржи.

## Член 281

Ако не е одржано подготвително рочиште судијата поединец ќе постапи согласно со членот 272 ставови (3) и (4) од овој закон.

## Член 282

(1) Ако претходно не е одржано подготвително рочиште, првото рочиште за главна расправа почнува со излагање на тужбата, а потоа тужениот одговара на наводите во тужбата.

(2) Ако пред главната расправа е одржано подготвително рочиште, претседателот на советот ќе го запознае советот со текот и со резултатите на ова рочиште. Странките можат да го дополнат излагањето на претседателот на советот.

(3) Во натамошниот тек на расправата ќе се расправа за предлозите на странките и за фактичките наводи со кои странките ги образложуваат своите предлози, односно ги побиваат предлозите на противникот, како и за доказите понудени од нивна страна, ќе се изведуваат доказите и ќе се претресуваат резултатите од нивното изведување.

(4) Странките можат да ги изнесуваат и своите правни сфаќања што се однесуваат на предметот на спорот.

(5) Кога во овој закон е предвидено дека странка може да истакне одреден приговор или предлог или да преземе некое друго парнично дејствие додека тужениот на главната расправа не се впушти во расправање за главната работа, таквиот приговор, односно предлог странката може да го истакне, односно да преземе друго парнично дејствие, додека тужениот не го заврши излагањето по одговорот на тужбата.

## Член 283

(1) Претседателот на советот внимава во текот на главната расправа да се изведат сите прифатливи докази.

(2) Претседателот на советот со поставување на прашања и на друг целесообразен начин се грижи во текот на расправата да се изнесат сите решителни факти, да се дополнат нецелосните наводи на странките за важни факти, да се означат или дополнат доказните средства што се однесуваат на наводите на странките и воопшто да се дадат сите разјаснувања потребни за да се утврди фактичката состојба важна за одлуката. Судот, ако тоа е потребно, со странките може да ги разјасни правните прашања на спорот.

## Член 284

(1) Ако не е одржано подготвително рочиште, на првото рочиште за главна расправа секоја странка во своето излагање треба да ги изнесе сите факти потребни за образложување на своите предлози, да понуди докази потребни за утврдување на своите наводи, како и да се изјасни за наводите и за предложените докази на противната странка.

(2) Странките можат во текот на главната расправа да изнесуваат нови факти и да предлагаат нови докази само ако сторат веројатно дека без своја вина не биле во можност да ги изнесат, односно да ги предложат на првото рочиште за главна расправа.

(3) Странките можат да упатуваат поднесоци во кои ќе ги наведат фактите и доказите што ги предлагаат најдоцна на подготвителното рочиште или на првото рочиште за главната расправа.

## Член 285

(1) Изведувањето на доказите го определува советот, односно судијата поединец со решение, во кое ќе се назначи спорниот факт за кој треба да се изведе доказот и доказното средство.

(2) Предложените докази што не ги смета за важни за одлуката, советот, односно судијата поединец ќе ги одбие и во решението ќе ја назначи причината за одбивањето.

(3) Против решението со кое се дозволува или се одбива изведувањето на доказите не е дозволена посебна жалба.

(4) Во натамошниот тек на постапката, судот не е врзан за своето поранешно решение за изведување на доказите.

## Член 286

(1) Ако странката приговори дека решавањето за тужбеното барање не спаѓа во судска надлежност, дека судот не е стварно или месно надлежен, дека за истото барање веќе тече постапка, дека работата е пресудена правосилно, дека за предметот на спорот е склучено судско порамнување, судот ќе реши дали за тие приговори ќе расправа и ќе одлучува одвоено од главната работа или заедно со неа.

(2) Ако судот не го усвои приговорот од ставот (1) на овој член, за кои се расправало заедно со главната работа, или ако судот по одвоеното расправање не го усвои приговорот и одлучи веднаш да се продолжи главната расправа, решението за приговорот ќе се внесе во одлуката за главната работа.

(3) Против решението со кое се одбиваат приговорите на странките не е дозволена посебна жалба, ако судот одлучил веднаш да се продолжи расправањето за главната работа.

(4) Одредбите од ставовите (1), (2) и (3) на овој член ќе се применат и кога судот по службена должност ќе одлучи одвоено од главната работа да расправа за тоа дали работата спаѓа во судска надлежност, дали судот е стварно надлежен, дали веќе тече постапка, дали работата веќе е пресудена правосилно, дали тужителот пред судот се одрекол од тужбеното барање, како и дали за предметот на спорот е склучено судско порамнување.

## Член 287

(1) Кога претседателот на советот ќе заврши со сослушувањето на одделен сведок, вештак или странка, членовите на советот можат на ова лице непосредно да му поставуваат прашања.

(2) Странката и нејзиниот застапник или полномошник можат по одобрение од претседателот на советот непосредно да им поставуваат прашања на противната странка, на сведоците и на вештаците.

(3) Претседателот на советот ќе и забрани на странката поставување на определено прашање или ќе забрани одговор на поставено прашање, ако во прашањето е веќе содржано како треба да се одговори на него или ако прашањето не се однесува на предметот.

(4) Ако претседателот на советот забрани поставување на определено прашање или давање на одговор, странката може да бара за тоа да одлучи советот.

(5) На барање од странката во записникот ќе се внесе прашањето што советот го одбил, како и прашањето на кое е забранет одговорот.

## Член 288

(1) Сослушаните сведоци и вештаци остануваат во судницата, ако претседателот на советот, по изјаснувањето на странките, сосема не ги отпушти или не им дозволи да заминат или не определи нивно привремено отстранување од судницата.

(2) Претседателот на советот може да определи сослушаните сведоци подоцна повторно да се повикаат и уште еднаш да се сослушаат во присуство или отсуство на други сведоци и вештаци.

## Завршни зборови

## Член 289

По изведувањето на сите докази, двете странки, почнувајќи од тужителот, имаат право накусо да му се обратат на судот со завршни зборови, со кои се резимираат правните и фактичките аспекти на предметот.

## Член 290

(1) Кога советот смета дека предметот е расправен така што да може да се донесе одлука, претседателот на советот ќе соопшти дека главната расправа е заклучена, а потоа советот ќе се повлече на советување и гласање заради донесување одлука.

(2) Советот може да одлучи главната расправа да ја заклучи и кога останало да се прибаваат извесни списи што содржат докази потребни за одлучување или ако треба да се почека записникот за доказите изведени од замолениот судија, а странките ќе се откажат од расправањето за тие докази.

## Член 291

Во текот на советувањето и гласањето советот може да одлучи заклучената главна расправа повторно да се отвори ако тоа е потребно заради дополнување на постапката или разјаснување на одделни поважни прашања.

## Јавност на главната расправа

## Член 292

(1) Главната расправа е јавна.

(2) На расправата можат да присуствуваат само полнолетни лица.

(3) Лицата кои присуствуваат на расправата не смеат да носат оружје или опасно орудие.

(4) Одредбата од ставот (3) на овој член не се однесува на припадниците на судската полиција и на обезбедувањето на лицата кои учествуваат во постапката.

## Член 293

(1) Советот може да ја исклучи јавноста за целата главна расправа или за еден нејзин дел, ако тоа го бараат интересите за чувањето на службена, деловна или лична тајна, интересите на јавниот ред или причините на моралот.

(2) Советот може да ја исклучи јавноста и во случај кога со мерките за одржување на редот предвидени во овој закон не би можело да се обезбеди непречено одржување на расправата.

## Член 294

(1) Исклучувањето на јавноста не се однесува на странките, нивните законски застапници, полномошниците и замешувачите.

(2) Советот може да дозволи на главната расправа на која е исклучена јавноста да присуствуваат одделни службени лица, како и научни и јавни работници, ако тоа е од интерес за нивната служба, односно научна или јавна дејност.

(3) По барање од странката, судот може да дозволи на расправата да присуствуваат најмногу две лица кои таа ќе ги означи.

(4) Претседателот на советот ќе ги предупреди лицата кои присуствуваат на расправата на која е исклучена јавноста дека се должни како тајна да го чуваат сето она што го дознале на расправата и ќе им укаже на последиците од оддавање на тајна.

## Член 295

(1) За исклучувањето на јавноста одлучува советот со решение кое мора да биде образложено и јавно објавено.

(2) Против решението за исклучување на јавноста не е дозволена посебна жалба.

## Член 296

Одредбите за јавноста на главната расправа согласно се применуваат и на подготвителното рочиште, на рочиштето надвор од главната расправа пред претседателот на советот, како и на рочиштето пред замолениот судија.

## Раководење со главната расправа

## Член 297

(1) Претседателот на советот, односно судијата поединец раководи со главната расправа, ги испитува странките, изведува докази, им дава збор на членовите на советот, на странките, на нивните законски застапници и на полномошниците и ги објавува одлуките на советот.

(2) Должност на претседателот на советот, односно судијата поединец е да се грижи предметот на спорот сестрано да се претресе, но постапката поради тоа да не се одолжува, така што расправата по можност да се доврши на едно рочиште.

(3) Ако лицето кое учествува на расправата се противи на некоја мерка од претседателот на советот која се однесува на раководењето со расправата или на некое прашање што го поставил претседателот на советот, член на советот или друго лице кое учествува во постапката, за таквото противење одлучува советот.

(4) Судот не е врзан за своето решение кое се однесува на раководењето со расправата.

(5) Против решението што се однесува на раководењето со расправата не е дозволена посебна жалба.

### Член 298

(1) Надвор од рочиштето за главната расправа претседателот на советот, односно судијата поединец донесува решение за исправањето на поднесокот, за назначувањето на привремен застапник, за уредноста на полномошното, за полагање аванс на име трошоци за преземање на одделни дејствија во постапката, за ослободувањето од плаќање трошоци за постапката, за обезбедувањето на парничните трошоци, за доставувањето на судските писмена, за обезбедувањето на докази, за привремените мерки за обезбедување, за прекинувањето на постапката, за трошоците на постапката во случај на повлекување на тужбата, за закажувањето на рочишта и за нивно одлагање, за спојување на постапки, како и за определувањето на рокови и за нивното продолжување.

(2) Претседателот на советот односно судијата поединец, исто така, е овластен, по приемот на записникот за изведувањето на доказите пред замолениот судија да определи да се извршат потребни исправки или дополненија.

(3) Надвор од рочиштето за главната расправа претседателот на советот, односно судијата поединец е овластен, по повод изјавата на тужениот, односно тужителот дадена писмено или усно на записник кај парничниот суд, да донесе пресуда врз основа на признание односно пресуда врз основа на одрекување, како и да прими на записник судско порамнување.

### Член 299

(1) Ако пред ист суд течат повеќе парници меѓу исти лица, или во кои исто лице е противник на разни тужители или разни тужени, сите овие парници можат со решение на советот да се спојат заради заедничко расправање, ако со тоа би се забрзало расправањето или би се намалиле трошоците. За сите споени парници судот може да донесе заедничка пресуда.

(2) Советот може да определи заради заедничко расправање пред него, да се спојат повеќе парници и тогаш кога за некои од нив е надлежен судија поединец на истиот суд.

(3) Советот може да определи одвоено да се расправа за одделни барања во иста тужба и по завршувањето на одвоеното расправање да донесе посебни одлуки за тие барања.

### Член 300

(1) Кога советот ќе одлучи да се одложи рочиштето за главната расправа, претседателот на советот ќе се грижи за следното рочиште да се прибават сите докази чие изведување е определено за тоа рочиште и да се извршат други подготовки за да може расправата да се заврши на тоа рочиште.

(2) Кога рочиштето се одлага, претседателот на советот на присутните ќе им го соопшти денот и часот на новото рочиште. Против решението на судот со кое се одлага рочиштето или се одбиваат предлозите на странките за одлагање на рочиштето, не е дозволена посебна жалба.

### Член 301

(1) Ако рочиштето се одложи, ново рочиште ќе се одржи по можност пред истиот совет.

(2) Ако новото рочиште се одржува пред истиот совет, главната расправа ќе продолжи и претседателот на советот накратко ќе го изложи текот на поранешните рочишта, но советот може да одлучи расправата да почне одново.

(3) Ако рочиштето се одржува пред изменет совет, главната расправа мора да почне одново, но советот може откако странките ќе се изјаснат за тоа, да одлучи повторно да не се сослушаат сведоците и вештаците и да не се врши нов увид, туку да се прочитаат записниците за изведувањето на овие докази.

### Член 302

Судот во текот на постапката може согласно со членот 10 став (2) од овој закон да ги казни странката, законскиот застапник, полномошникот или замешувачот, кои со своите парнични дејствија ги злоупотребиле правата признати со овој закон.

## Одржување на редот на главната расправа

## Член 303

Должност на претседателот на советот е во текот на главната расправа да се грижи за одржувањето на редот во судницата и за достоинството на судот.

## Член 304

(1) Ако лицето кое учествува во постапката или лицето што како слушател присуствува на расправата го навредува судот или другите учесници во постапката, ја попречува работата или не им се покорува на наредбите од претседателот на советот за одржување на редот, претседателот на советот ќе го опомене. Ако опомената е безуспешна, советот може опоменатото лице да го отстрани од судницата или да го казни со парична казна согласно со членот 10 став (2) од овој закон, а може и да го отстрани и да го казни со парична казна.

(2) Ако странката е отстранета од судницата, рочиштето ќе се одржи и без нејзино присуство.

(3) Ако од судницата биде отстранет полномошникот, советот на барање од странката ќе го одложи рочиштето, а ако странката не присуствува на рочиштето, советот секогаш ќе го одложи рочиштето и ќе ја извести странката дека нејзиниот полномошник е отстранет од рочиштето поради нарушување на редот. Трошоците на одложеното рочиште паѓаат на товар на полномошникот.

(4) Кога судот ќе казни со парична казна или ќе отстрани од судница адвокат или адвокатски приправник како полномошник, за тоа ќе ја извести Адвокатската комора на Република Македонија.

(5) Жалбата против решението за паричната казна или за отстранувањето од судницата не го задржува извршувањето на решението.

## Член 305

Ако јавниот правобранител, односно лицето што го заменува, го нарушува редот, претседателот на советот за тоа ќе го извести Јавниот правобранител на Република Македонија, а советот може да го одложи рочиштето и од него може да побара да определи друго лице да учествува во парницата.

## Член 306

Овластувањата што за одржување на редот на главната расправа ги имаат претседателот на советот и советот, му припаѓаат на претседателот на советот на подготвителното рочиште и на рочиштето надвор од главната расправа, како и на замолениот судија.

## Глава дваесет и прва

# СУДСКО ПОРАМНУВАЊЕ

## Член 307

(1) Странките во текот на целата постапка пред парничниот суд можат да склучат порамнување за предметот на спорот (судско порамнување).

(2) Порамнувањето може да се однесува на целото тужбено барање или на еден негов дел.

(3) Судот во текот на постапката ќе им укаже на странките на можноста за судско порамнување и ќе им помогне да склучат порамнување.

(4) Пред судот не може да се склучи порамнување во поглед на барањата со кои странките не можат да располагаат (член 3 став (3)).

(5) Кога судот во прв степен ќе донесе решение со кое не дозволува порамнување на странките, ќе застане со постапката додека ова решение не стане правосилно.

## Член 308

(1) Спогодбата на странките за порамнување се внесува во записник.

(2) Порамнувањето е склучено кога странките по прочитаниот записник за порамнувањето ќе го потпишат записникот.

(3) На странките по нивно барање ќе им се издаде заверен препис на записникот во кој е внесено порамнувањето.

### Член 309

Судот во текот на целата постапка по службена должност ќе внимава дали се води постапка за предмет за кој порано било склучено судско порамнување и ако утврди дека се води постапка за предмет за кој веќе е склучено судско порамнување, ќе ја отфрли тужбата.

### Член 310

(1) Лицето кое има намера да поднесе тужба, може преку суд од прв степен на чие подрачје противната страна има живеалиште, односно престојувалиште да се обиде да постигне порамнување.

(2) Судот до кого е упатен ваков предлог ќе ја повика противната страна и ќе ја запознае со предлогот за порамнување.

(3) Трошоците за оваа постапка ги поднесува подносителот на предлогот.

### Глава дваесет и втора

## ПРЕСУДА

### Член 311

(1) Со пресуда судот одлучува за главната работа и за споредните барања.

(2) Ако постојат повеќе барања, судот за сите тие барања по правило ќе одлучи со една пресуда.

(3) Ако повеќе парници се споени заради заедничко расправање, а за конечна одлука узреала само една парница, може да се донесе пресуда само во поглед на таа парница.

### Член 312

(1) Судот може да му наложи на тужениот да изврши определено чинење, само ако тоа пристигнало до заклучувањето на главната расправа.

(2) Ако судот усвои барање за издршка може да го обврзе тужениот и на чинења што не се пристигнати.

(3) Пресудата со која тужениот се обврзува да предаде или да преземе предмети дадени во наем или закуп, може да се донесе и пред престанувањето на тие односи.

### Член 313

Ако тужителот во тужбата барал да му се досуди извесен предмет, а истовремено во тужбата или до заклучувањето на главната расправа изјавил дека е согласен наместо предметот да прими определен паричен износ, судот, ако го усвои тужбеното барање, во пресудата ќе изрече дека тужениот може да се ослободи од давање на предметот ако го плати тој паричен износ.

### Член 314

(1) Кога на странката во пресудата и се наложува извршување на некакво чинење ќе се определи рокот во кој ова чинење е должна да го изврши.

(2) Ако со посебни прописи поинаку не е определено, рокот на извршувањето на чинењето изнесува 15 дена, но за чинењата кои не се состојат во парично давање, судот може да определи подолг рок. Во меничните и чековните спорови овој рок изнесува осум дена.

(3) Рокот за извршување на чинењето почнува да тече првиот ден по доставувањето на преписот на пресудата до странката на која и е наложено извршување.

### Делумна пресуда

### Член 315

(1) Ако врз основа на расправа узреале за конечна одлука само некои од повеќето тужбени барања, или ако само дел од барањето узреал за конечна одлука, судот може во поглед на узреаното барање, односно за делот од барањето да ја

заклучи расправата и да донесе пресуда (делумна пресуда). При оцена дали ќе донесе делумна пресуда судот особено ќе ја земе предвид големината на барањето или делот од барањето кој узреал за одлука.

(2) Судот е должен без одлагање да донесе делумна пресуда ако врз основа на признание или одрекување од повеќе истакнати барања само некои узреале за конечна одлука, или ако само еден дел од барањето узреал за одлука.

(3) Ако тужбеното барање кое се однесува на повеќе сопарничари (член 190) узреало за конечна одлука врз основа на признание или одрекување само спрема некој од сопарничарите, или ако некое од повеќето тужбени барања кое се однесува на различни сопарничари узреало за конечна одлука врз основа на признание или одрекување, судот е должен да донесе делумна пресуда само спрема сопарничарот на кого се однесува.

(4) Судот може да донесе делумна пресуда во случајот од ставот (1) на овој член, односно должен е да донесе делумна пресуда во случаите од ставовите (2) и (3) на овој член и кога е поднесена противтужба, ако за одлука узреало барањето од тужбата или противтужбата.

(5) Во поглед на правните лекови и извршувањето, делумната пресуда се смета како самостојна пресуда.

(6) Во случај на жалба против делумна пресуда, судот ќе ги умножи списите од предметот и заедно со преписот на одлуката и жалбата и одговорот на жалбата ќе ги достави на второстепениот суд, а постапката во однос на барањата или делот од барањето за кој не одлучил ќе продолжи. На ист начин првостепениот суд ќе постапи и кога против делумната пресуда е изјавен вонреден правен лек.

(7) Судот ќе постапи согласно со одредбите од ставовите (1), (2) и (3) на овој член и во случај на спојување на две или повеќе парници заради заедничко расправање и одлучување.

## Меѓупресуда

## Член 316

(1) Ако тужениот ги оспорил и основот на тужбеното барање и износот на тужбеното барање, а во поглед на основот работата узреала за донесување на одлука, судот може заради целесообразност прво да донесе пресуда само за основот на тужбеното барање (меѓу-пресуда).

(2) До правосилноста на меѓупресудата судот ќе застане со расправањето за износот на тужбеното барање.

## Пресуда врз основа на признание

## Член 317

(1) Ако тужениот до заклучувањето на главната расправа го признае тужбеното барање, судот без натамошно расправање ќе донесе пресуда со која го усвојува тужбеното барање (пресуда врз основа на признание).

(2) Судот нема да донесе пресуда врз основа на признание и кога се исполнети потребните услови, ако најде дека се работи за барање со кое странките не можат да располагаат (член 3 став (3)).

(3) Донесувањето на пресуда врз основа на признание ќе се одложи ако е потребно претходно да се прибават известувања за околностите од ставот (2) на овој член.

(4) Признанието на тужбеното барање, на рочиштето или во писмен поднесок, тужениот може и без согласност на тужителот да го отповика до донесувањето на пресудата.

## Пресуда врз основа на одрекување

## Член 318

(1) Ако тужителот до заклучувањето на главната расправа се одрече од тужбеното барање, судот без натамошно расправање ќе донесе пресуда со која го одбива тужбеното барање (пресуда врз основа на одрекување).

(2) За одрекување од тужбено барање не е потребна согласност на тужениот.

(3) Судот нема да донесе пресуда врз основа на одрекување и кога се исполнети потребните услови, ако најде дека се работи за барање со кое странките не можат да располагаат (член 3 став (3)).

(4) Донесувањето на пресуда врз основа на одрекување ќе се одложи ако е потребно за околностите од ставот (3) на овој член претходно да се прибават известувања.

(5) Одрекувањето од тужбеното барање, на рочиште или во писмен поднесок, тужителот може и без согласност на тужениот да го отповика до донесувањето на пресудата.

## Пресуда поради неподнесување одговор на тужба

## Член 319

(1) Ако тужениот не поднесе одговор на тужбата во определениот рок, судот ќе донесе пресуда со која го усвојува тужбеното барање (пресуда поради неподнесување на одговор на тужба) ако бидат исполнети следниве услови, ако:
1) на тужениот тужбата и поканата за давање одговор на тужба му биле уредно доставени,
2) основаноста на тужбеното барање произлегува од фактите наведени во тужбата,
3) фактите врз кои се заснова тужбеното барање не се во спротивност со доказите кои тужителот ги поднел или со општопознатите факти и
4) не постојат општопознати околности од кои произлегува дека тужениот од оправдани причини бил спречен да поднесе одговор на тужба.

(2) Нема да се донесе пресуда поради неподнесување одговор на тужба и кога се исполнети условите од ставот (1) на овој член, ако судот најде дека се работи за барања со кои странките не можат да располагаат (член 3 став (3)).

(3) Донесувањето на пресуда поради неподнесување на одговор на тужба ќе се одложи ако е потребно да се прибават известувања за околностите од ставот (2) на овој член.

(4) Ако од фактите наведени во тужбата не произлегува основаност на тужбеното барање, судот ќе одржи подготвително рочиште и ако на тоа рочиште тужителот не ја преиначи тужбата, ќе донесе пресуда со која тужбеното барање се одбива.

(5) Донесувањето на пресуда поради неподнесување на одговор на тужба може да се одложи и ако нема доказ дека на тужениот уредно му се доставени тужбата и поканата за давање на одговор на тужба, а несомнено е дека му се упатени. Во тој случај судот ќе определи рок кој не може да биде подолг од 30 дена за доставувањето во Република Македонија, односно не подолго од шест месеца за доставувањето во странство, да се извиди дали тужбата и поканата за давање на одговор на тужба на тужениот му се уредно доставени. Ако се утврди дека во тој рок писмената на тужениот му биле уредно доставени, судот ќе донесе пресуда поради неподнесување на одговор на тужба.

(6) Против решението на судот со кое се одбива предлогот на тужителот да донесе пресуда поради неподнесување на одговор на тужба, не е дозволена посебна жалба.

(7) Во случаите од ставовите (3) и (5) на овој член, пресудата поради неподнесување на одговор на тужба може да се донесе и без сослушување на странките.

## Пресуда поради изостанок

## Член 320

(1) Кога тужениот во одговорот на тужбата не го оспорил тужбеното барање, или нема да дојде на подготвителното рочиште до неговото заклучување, или на првото рочиште за главната расправа ако подготвително рочиште не е одржано или ако дојде на овие рочишта, но не сака да се впушти во расправање или се отстрани од рочиштето, а не го оспори тужбеното барање, ќе се донесе пресуда со која се усвојува тужбеното барање (пресуда поради изостанок), ако се исполнети следниве услови, ако:
1) тужениот бил уредно повикан,
2) тужителот предложи донесување на пресуда поради изостанок,
3) тужениот одговорот на тужба или со друг поднесок не го оспорил тужбеното барање,
4) основаноста на тужбеното барање произлегува од фактите наведени во тужбата,
5) фактите врз кои се заснова тужбеното барање не се во спротивност со доказите што самиот тужител ги поднел или со факти што се општопознати и
6) не постојат општопознати околности од кои произлегува дека тужениот го спречиле оправдани причини да дојде на рочиштето.

(2) Нема да се донесе пресуда поради изостанок и кога се исполнети условите од ставот (1) на овој член, ако судот најде дека се работи за барање со кое странките не можат да располагаат (член 3 став (3)).

(3) Донесувањето на пресудата поради изостанок ќе се одложи, ако е потребно претходно да се прибават известувања за околностите од ставот (2) на овој член.

(4) Ако од фактите наведени во тужбата не произлегува основаноста на тужбеното барање, а тужбата на рочиштето не е преиначена, судот ќе донесе пресуда со која се одбива тужбеното барање.

(5) Донесување на пресуда поради изостанок може да се одложи и во случај ако нема доказ дека тужениот уредно е повикан, а несомнено е дека му е упатена покана. Во тој случај, претседателот на советот ќе определи рок, кој не може да биде подолг од 30 дена за доставувањето во земјата, односно подолг од шест месеца за доставувањето во странство, да се извиди дали тужениот е повикан уредно. Ако во тој рок се утврди дека тужениот бил уредно повикан, претседателот на советот ќе донесе пресуда поради изостанок.

(6) Против одлуката на судот со која се одбива предлогот на тужителот да се донесе пресуда поради изостанок не е дозволена посебна жалба.

(7) Во случаите предвидени во ставовите (3) и (5) на овој член, пресуда поради изостанок судот може да донесе без сослушување на странките.

## Пресуда без одржување на расправа

## Член 321

Ако тужениот во одговорот на тужбата ги признал решителните факти, независно од тоа што го оспорил тужбеното барање, судијата поединец, односно претседателот на советот може без закажување на рочиште да донесе пресуда (членови 311 и 315), ако не постојат други пречки за нејзино донесување.

## Правосилност на пресуда

## Член 322

(1) Пресудата која повеќе не може да се побива со жалба станува правосилна доколку со неа е одлучено за барањето на тужбата или противтужбата.

(2) Судот во текот на целата постапка по службена должност внимава дали работата е пресудена правосилно и ако утврди дека постапката е поведена за барање за кое веќе е одлучено правосилно ќе ја отфрли тужбата.

(3) Ако во пресудата е одлучено за побарување што тужениот го истакнал со приговор заради пребивање, одлуката за постоење или непостоење на ова побарување станува правосилна.

## Член 323

(1) Судот е врзан за својата пресуда веднаш штом е објавена.

(2) Спрема странките пресудата има дејство дури од денот кога им е доставена.

## Донесување и објавување на пресуда

## Член 324

(1) Судот пресудата ја донесува и објавува во име на граѓаните на Република Македонија.

(2) Кога главната расправа се одржува пред советот, пресудата ја донесуваат претседателот на советот и членовите на советот кои учествувале на рочиштето на кое е заклучена главната расправа.

(3) Пресудата се донесува веднаш по заклучувањето на главната расправа на записник и ја објавува судијата поединец, односно претседателот на советот.

(4) Во посложените предмети судот може да го одложи донесувањето на пресудата за 15 дена од денот на заклучувањето на главната расправа. Во тој рок судот е должен да одржи рочиште на кое ќе ја објави пресудата. Рочиштето за објавување на пресудата судот е должен да го закаже на рочиштето на кое главната расправа е заклучена и тоа ќе се одржи независно дали странките за тоа биле известени, односно дали пристапиле на тоа рочиште.

(5) Во случај од членот 290 став (2) на овој закон, пресудата ќе се донесе и објави најдоцна во рок од осум дена од денот на приемот на списот, односно записникот.

## Член 325

(1) Кога пресудата се објавува, претседателот на советот, односно судијата поединец јавно ќе ја прочита изреката и накратко може да ги соопшти причините за пресудата.

(2) При објавувањето на пресудата може да се соопшти дека судот одлучил за одмерување на трошоците да се одлучи дополнително. Во таков случај одмерувањето на трошоците го врши претседателот на советот, а одлуката се внесува во писмениот состав на пресудата.

(3) Ако јавноста на главната расправа била исклучена, изреката на пресудата секогаш ќе се прочита јавно, а судот ќе одлучи дали и во која мера ќе се исклучи јавноста при објавувањето на причините на пресудата.

(4) Сите присутни ќе го ослушаат читањето на изреката на пресудата стоејќи.

## Писмена изработка и доставување на пресудата

## Член 326

(1) Објавената пресуда мора писмено да се изработи во рок од осум дена, а во посложените предмети исклучително во рок од 15 дена од денот на објавувањето.

(2) Оригиналот на пресудата го потпишува претседателот на советот, односно судијата поединец.

(3) До странките се доставува заверен препис на пресудата со поука за правото на изјавување правен лек против пресудата.

## Член 327

(1) Писмено изработената пресуда мора да има увод, изрека и образложение.

(2) Уводот на пресудата содржи: назначување дека пресудата се изрекува во име на граѓаните на Република Македонија, назив на судот, име и презиме на претседателот и на членовите на советот, односно судијата поединец, име и презиме, занимање и живеалиште, односно престојувалиште на странките, на нивните застапници и полномошници, кратко означување на предметот на спорот, денот на заклучувањето на главната расправа, назначување на странките, на нивните застапници и полномошници кои присуствувале на таа расправа, како и денот кога е донесена пресудата.

(3) Изреката на пресудата содржи одлука на судот за усвојување или одбивање на одделни барања што се однесуваат на главната работа и на споредните барања и одлука за постоењето или непостоењето на побарувањето истакнато заради пребивање (член 322).

(4) Во образложението судот ќе ги изложи: барањата на странките и нивните наводи за фактите врз кои се засноваат тие барања, доказите, решителните факти што ги утврдил, како и прописите врз кои судот ја засновал пресудата.

(5) Во образложението на пресудата поради неподнесување на одговор на тужба, пресудата поради изостанок, пресудата поради неодржување на расправа, пресудата врз основа на признание или пресудата врз основа на одрекување или пресудата со која ќе се одбие ревизијата како неоснована, ќе се изнесат само причините што го оправдуваат донесувањето на вакви пресуди.

## Дополнителна пресуда

## Член 328

(1) Ако судот пропуштил да одлучи за сите барања за кои мора да се одлучи со пресудата или пропуштил да одлучи за дел од барањето, странката може во рок од 15 дена од приемот на пресудата да му предложи на парничниот суд да се изврши дополнување на пресудата.

(2) Претседателот на советот ќе отфрли, односно ќе одбие, без одржување на рочиште, ненавремен или неоснован предлог за дополнување на пресудата.

## Член 329

(1) Кога претседателот на советот ќе најде дека предлогот за дополнување на пресудата е основан, ќе закаже главна расправа пред советот заради донесување на пресуда за барањето што не е решено (дополнителна пресуда).

(2) Дополнителна пресуда може да се донесе и без повторно отворање на главна расправа, ако оваа пресуда ја донесува истиот совет што ја донел и првобитната пресуда, а барањето во поглед на кое се бара дополнување е доволно расправано.

(3) Ако советот најде дека предлогот за донесување на дополнителна пресуда е ненавремен или неоснован ќе го отфрли, односно ќе го одбие предлогот со решение.

(4) Ако предлогот за дополнување на пресуда се однесува само на трошоците за постапката, одлука за предлогот донесува претседателот на советот без одржување на рочиште.

## Член 330

(1) Ако покрај предлогот за дополнување на пресуда е поднесена и жалба против пресудата, првостепениот суд ќе застане со доставувањето на оваа жалба до второстепениот суд додека не се донесе одлука за предлогот за дополнување на пресудата и додека не истече рокот за жалба против оваа одлука.

(2) Ако против одлуката за дополнување на пресудата се изјави жалба, оваа жалба заедно со жалбата против првобитната пресуда ќе се достави до второстепениот суд.

(3) Ако првостепената пресуда се побива со жалба само поради тоа што првостепениот суд со пресудата не одлучил за сите барања на странките што се предмет на парницата, жалбата ќе се смета како предлог на странката да се донесе дополнителна пресуда.

## Поправање на пресуда

### Член 331

(1) Грешките во имињата и броевите, како и други очигледни грешки во пишувањето и сметањето, недостатоците во формата и несогласноста на преписот на пресудата со оригиналот, ќе ги поправи претседателот на советот, односно судијата поединец во секое време.

(2) Поправањето ќе се изврши со посебно решение и ќе се внесе на крајот на оригиналот, а до странките ќе се достави препис од решението.

(3) Ако меѓу оригиналот и преписот на пресудата постои несогласност во поглед на некоја одлука содржана во изреката на пресудата, до странките ќе се достави поправениот препис на пресудата со назначување дека со овој препис на пресудата се заменува поранешниот препис на пресудата. Во таков случај рокот за изјавување на правен лек во поглед на поправениот дел на пресудата тече од денот на доставувањето на поправениот препис на пресудата.

(4) За поправањето на пресудата судот може да одлучи без сослушување на странките.

## Глава дваесет и трета

## РЕШЕНИЕ

### Член 332

(1) Сите решенија што се донесуваат на рочиштето ги објавува претседателот на советот, односно судијата поединец.

(2) Решението што е објавено на рочиштето ќе се достави до странките во заверен препис само ако против тоа решение е дозволена посебна жалба, или ако врз основа на решението може веднаш да се бара извршување или ако тоа го бара управувањето со постапката.

(3) Судот е врзан за своите решенија доколку тие не се однесуваат на управувањето со постапката или ако со овој закон не е определено нешто друго.

(4) Кога решението не се доставува писмено, тоа спрема странките има дејство веднаш штом е објавено.

### Член 333

(1) Решенијата што ги донесува судот надвор од рочиштето им се соопштуваат на странките со доставување на заверен препис на решението.

(2) Ако со решението претходно се одбива предлог на една странка без претходно сослушување на спротивната странка, до таа странка нема да се достави решението.

### Член 334

(1) Решението мора да биде образложено ако со него се одбива предлог на странката или ако со него се решава за предлози на странките кои меѓу себе се во спротивност, а може да биде образложено и во други случаи кога тоа е потребно.

(2) Писмениот состав на решението треба да содржи секогаш увод и изрека, а образложение само ако според ставот (1) на овој член решението мора да биде образложено.

### Член 335

Правосилните решенија за казни изречени според одредбите на овој закон се извршуваат по службена должност.

### Член 336

Одредбите од членот 314, членот 323 став (2), членот 324 став (2), членот 325 став (2) и членовите од 326 до 331 на овој закон согласно ќе се применуваат и врз решенијата.

## Б. Постапка по правните лекови

### Глава дваесет и четврта

## РЕДОВНИ ПРАВНИ ЛЕКОВИ

### 1. Жалба против пресуда

### Право на жалба

### Член 337

(1) Против пресуда донесена во прв степен странките можат да изјават жалба во рок од 15 дена од денот на доставувањето на преписот на пресудата, ако во овој закон не е определен друг рок. Во меничните и чековните спорови овој рок изнесува осум дена.

(2) Навремено изјавена жалба спречува пресудата да стане правосилна во делот што се побива со жалбата.

(3) За жалбата против пресудата одлучува второстепениот суд.

### Член 338

(1) Странката може да се одрече од правото на жалба, од моментот кога е објавена пресудата, или од моментот кога ќе и се достави преписот на пресудата.

(2) До донесувањето на одлуката на второстепениот суд странката може да се откаже од веќе изјавената жалба.

(3) Одрекувањето или откажувањето од жалбата не може да се отповика.

### Содржина на жалбата

### Член 339

Покрај податоците што мора да ги содржи секој поднесок (член 98), жалбата треба да содржи и:
1) означување на пресудата против која се изјавува жалба,
2) изјава дека се побива пресудата во целост или во определен дел,
3) причина за жалбата и
4) потпис на подносителот на жалбата.

### Член 340

(1) Ако врз основа на податоците од жалбата не може да се утврди која пресуда се побива или ако жалбата не е потпишана (нецелосна жалба), првостепениот суд со решение против кое не е дозволена жалба, ќе го повика жалителот во определен рок да ја дополни или исправи жалбата со поднесок или на записник кај тој суд.

(2) Ако жалителот во определениот рок не постапи по барањето на судот, судот со решение ќе ја отфрли жалбата како нецелосна.

(3) Ако жалбата според својата содржина има други недостатоци, првостепениот суд ќе ја достави жалбата до второстепениот суд не повикувајќи го жалителот да ја дополни, односно поправи.

### Член 341

(1) Во жалбата не можат да се изнесуваат нови факти ниту да се предлагаат нови докази, освен ако се однесуваат на суштествени повреди на одредбите од парничната постапка поради кои може да се изјави жалба.

(2) Ако странката во текот на првостепената постапка не истакнала приговор за застареност или приговор за пребивање, односно некој друг материјалноправен или процесуалноправен приговор за прашања на кои првостепениот суд не внимава по службена должност, странката тој приговор не може да го изнесе во жалбата.

## Причини поради кои може да се побива пресуда

## Член 342

(1) Пресудата може да се побива:
1) поради суштествена повреда на одредбите на парничната постапка,
2) поради погрешно или нецелосно утврдена фактичка состојба и
3) поради погрешна примена на материјалното право.

(2) Пресудата поради изостанок, пресудата поради неподнесување на одговор на тужба и пресудата без одржување на расправа, не може да се побива поради погрешно или нецелосно утврдена фактичка состојба.

(3) Пресудата врз основа на признание и пресуда врз основа на одрекување можат да се побиваат поради суштествена повреда на одредбите на парничната постапка или поради тоа што изјавата за признание, односно за одрекување е дадена во заблуда или под влијание на присила или измама.

(4) Кога пресудата врз основа на признание и пресудата врз основа на одрекување се побива поради тоа што изјавата за признавање или одрекување е дадена во заблуда или под влијание на присила, измама или закана, странката може во жалбата да изнесе нови факти и да предложи нови докази кои се однесуваат на тие мани во волјата.

## Член 343

(1) Суштествена повреда на одредбите од парничната постапка постои, ако судот во текот на постапката не применил или неправилно применил некоја одредба од овој закон, а тоа влијаело или можело да влијае врз донесување на законита и правилна пресуда.

(2) Суштествена повреда на одредбите од парничната постапка секогаш постои, ако:
1) судот бил непрописно составен, или ако во донесување на пресудата учествувал судија или судија-поротник кој не учествувал на главната расправа, или ако во донесувањето на пресудата учествувало лице кое нема својство на судија или судија-поротник;
2) во донесувањето на пресудата учествувал судија или судија-поротник кој според законот мора да се изземе (член 64 став (1) точки 1 до 5), односно кој со решение на судот бил изземен;
3) е одлучено за барање во спор што не спаѓа во судска надлежност (член 15);
4) по повод приговори од странките во одлуката што е внесена во пресудата неправилно одлучил дека е месно надлежен, а странката поради тоа се жали;
5) спротивно на одредбите од овој закон судот ја засновал својата одлука врз недозволени располагања на странките (член 3 став (3));
6) спротивно на одредбите од овој закон судот донел пресуда поради изостанок, пресуда поради неподнесување на одговор на тужба и пресуда без одржување на расправа, пресуда врз основа на признание, или пресуда врз основа на одрекување;
7) на некоја странка со незаконито постапување, а особено со пропуштање на доставување не и е дадена можност да расправа пред судот;
8) спротивно на одредбите од овој закон судот го одбил барањето на странката во постапката да и обезбеди толкувач, а странката поради тоа се жали;
9) судот донел пресуда без главна расправа, а бил должен да одржи главна расправа;
10) во постапката како тужител или тужен учествувало лице кое не може да биде странка во постапката, или ако странката што е правно лице не ја застапувало овластено лице, или ако парнично неспособна странка не ја застапувал законски застапник, или ако законскиот застапник, односно полномошникот на странката немал потребно овластување за водење на постапката или за одделни дејствија во постапката, доколку водењето на постапката, односно вршењето на одделни дејствија во постапката не било дополнително одобрено;
11) е одлучено за барање за кое веќе тече парница, или за кое веќе порано правосилно е пресудено, или за кое веќе е склучено судско порамнување;
12) спротивно на законот била исклучена јавноста на главната расправа;
13) пресудата има недостатоци поради кои не може да се испита, а особено ако изреката на пресудата е неразбирлива, ако противречи сама на себеси или на причините за пресудата, или ако пресудата воопшто нема причини или во неа не се наведени причините за решителните факти или тие причини се нејасни или противречни, или ако за решителните факти постои противречност меѓу она што во причините на пресудата се наведува за содржината на исправите или записникот за исказите дадени во постапката и самите тие исправи или записникот и
14) судот ги повредил одредбите за употреба на јазикот во постапката.

(3) Ако странката која е правно лице не била застапувана од овластено лице или поради тоа што парнично неспособната странка не ја застапувал нејзиниот законски застапник, или поради тоа што законскиот застапник, односно полномошникот на странката немал потребно овластување за водење на постапката или за одделни дејствија во постапката, жалба може да изјави само странката на која се однесуваат тие недостатоци.

## Член 344

(1) Погрешно утврдена фактичка состојба постои кога судот некој решителен факт погрешно го утврдил, односно кога не го утврдил.

(2) Нецелосно утврдена фактичка состојба постои кога на тоа укажуваат фактите или доказите кои странката без успех ги предложила во текот на постапката.

## Член 345

Погрешна примена на материјалното право постои кога судот не ја применил одредбата на материјалното право што требало да ја примени или кога таквата одредба не ја применил правилно.

## Постапка по жалба

## Член 346

Жалбата се поднесува до судот што ја изрекол првостепената пресуда во доволен број примероци за судот и за спротивната странка.

## Член 347

(1) Ненавремената, нецелосната или недозволената жалба судијата поединец или претседателот на советот на првостепениот суд без одржување на рочиште ќе ја отфрли со решение.

(2) Жалбата е ненавремена ако е изјавена по истекот на законскиот рок за нејзино поднесување.

(3) Жалбата е недозволена ако ја изјавило лице кое не е овластено за поднесување на жалбата, или лице кое се одрекло или се откажало од жалбата или ако лицето кое ја изјавило жалбата нема правен интерес за поднесување на жалбата.

## Член 348

(1) Примерок од навремена, целосна и дозволена жалба првостепениот суд ќе достави до спротивната странка која може во рок од осум дена од приемот да поднесе до тој суд одговор на жалбата.

(2) Примерок од одговорот на жалба првостепениот суд ќе достави до жалителот.

(3) Ненавремено поднесениот одговор на жалба нема да се отфрли туку ќе се достави до второстепениот суд кој ќе го земе предвид, ако тоа е уште можно.

## Член 349

(1) По приемот на одговорот на жалбата или по изминувањето на рокот за одговор на жалбата, претседателот на советот жалбата и одговорот на жалбата, ако е поднесен, со сите списи ќе ги достави до второстепениот суд.

(2) Ако жалителот тврди дека во првостепената постапка се повредени одредбите на парничната постапка, претседателот на советот на првостепениот суд ќе даде објаснување по повод наводите во жалбата што се однесуваат на тие повреди, а по потреба ќе спроведе и извиди за да ја провери вистинитоста на наводите во жалбата.

(3) Првостепениот суд според потребата, самиот или по барање од судијата известител на второстепениот суд ќе спроведе извидување заради проверка на вистинитоста на наводите на жалителот од членот 341 став (1) на овој закон.

## Член 350

(1) Кога списите по жалба ќе пристигнат до второстепениот суд, ќе се одреди судија известител.

(2) Судијата известител може, по потреба, од првостепениот суд да прибави извештај за повредите на одредбите на постапката и да побара заради утврдување на тие повреди да се спроведат извиди.

## Член 351

(1) Второстепениот суд одлучува по жалба, по правило, без расправа.

(2) Кога советот на второстепениот суд ќе најде дека заради правилно утврдување на фактичката состојба е потребно пред второстепениот суд да се повторат веќе изведените докази, ќе закаже расправа пред второстепениот суд.

(3) Кога на седница на советот ќе се утврди дека пресудата против која е изјавена жалба се заснова на суштествена повреда на одредбите на парничната постапка или на погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба, а пресудата веќе еднаш била укината, второстепениот суд ќе закаже расправа и мериторно ќе одлучи.

## Член 352

(1) На расправата се повикуваат странките, односно нивните законски застапници или полномошници, како и оние сведоци и вештаци за кои судот ќе одлучи да се сослушаат.

(2) Ако од расправата изостане една или обете странки, судот ќе расправа за жалбата и ќе донесе одлука земајќи го предвид особено она што е изнесено во жалбата и во одговорот на жалбата.

(3) Расправата пред второстепениот суд почнува со извештајот на известителот кој ја излага состојбата на работата, не давајќи свое мислење за основаноста на жалбата.

(4) Потоа ќе се прочита пресудата или делот од пресудата на кој се однесува жалбата, а по потреба и записникот за главната расправа пред првостепениот суд. Потоа жалителот ќе ја образложи својата жалба, а спротивната странка одговорот на жалбата.

## Член 353

Ако во членовите 351 и 352 од овој закон не е определено нешто друго, одредбите за главната расправа пред првостепениот суд (членови 279 до 306), согласно се применуваат и на расправата пред второстепениот суд.

## Член 354

(1) Второстепениот суд ја испитува првостепената пресуда во оној дел во кој се побива со жалбата, во границите на жалбените причини, а по службена должност внимава на примена на материјалното право и на повреда на одредбите на парничната постапка од членот 343 став (2) точки 1, 2, 3, 5, 10, 11, 13 и 14 на овој закон.

(2) На пречекорувањето на тужбеното барање, второстепениот суд внимава само по барање од странката.

## Одлуки на второстепениот суд по жалба

## Член 355

(1) Второстепениот суд може на седница на совет или врз основа на одржана расправа да ја отфрли жалбата како ненавремена, нецелосна или како недозволена, да ја одбие жалбата како неоснована и да ја потврди првостепената пресуда, да ја укине оваа пресуда и предметот да го врати на првостепениот суд на повторно судење, да ја укине првостепената пресуда и да ја отфрли тужбата или да ја преиначи првостепената пресуда.

(2) Второстепениот суд може да ја укине пресудата и кога странката бара нејзино преиначување, а може да ја преиначи пресудата иако странката бара таа да се укине.

## Член 356

Ненавремена, нецелосна или недозволена жалба ќе отфрли второстепениот суд со решение, ако тоа не го сторил првостепениот суд (член 347).

## Член 357

Второстепениот суд со пресуда ќе ја одбие жалбата како неоснована и ќе ја потврди првостепената пресуда кога ќе најде дека не постојат причини поради кои пресудата се побива, како ни причини на кои внимава по службена должност.

## Член 358

(1) Второстепениот суд со решение ќе ја укине првостепената пресуда, ако утврди дека постои суштествена повреда на одредбите на парничната постапката (член 343) и ќе го врати предметот до истиот првостепен суд или ќе му го отстапи на надлежниот првостепен суд заради одржување на нова главна расправа. Во ова решение второстепениот суд ќе одлучи и кои спроведени дејствија, зафатени со суштествената повреда на одредбите на парничната постапка, се укинуваат.

(2) Ако во постапката пред првостепениот суд се сторени повреди на одредбите од членот 343 став (2) точки 3 и 11 на овој закон, второстепениот суд ќе ја укине првостепената пресуда и ќе ја отфрли тужбата.

(3) Ако во постапката пред првостепениот суд е сторена повреда на одредбите од членот 343 став (2) точка 10 на овој закон, второстепениот суд, со оглед на природата на повредата, ќе ја укине првостепената пресуда и ќе му го врати предметот на надлежниот првостепен суд или ќе ја укине првостепената пресуда и ќе ја отфрли тужбата.

## Член 359

(1) Второстепениот суд со решение ќе ја укине пресудата на првостепениот суд и ќе му го врати предметот на тој суд на повторно судење, ако смета дека заради правилно утврдување на фактичката состојба треба да се одржи нова главна расправа пред првостепениот суд, освен ако одлучил сам да одржи расправа.

(2) Второстепениот суд ќе постапи вака и кога странката не ја побивала пресудата поради погрешно или нецелосно утврдена фактичка состојба, ако при решавањето за жалбата се појави оправдано сомневање дека фактите врз кои е заснована првостепената пресуда правилно се утврдени.

(3) Ако второстепениот суд на седница на совет или на расправата најде дека заради правилно утврдување на фактичката состојба треба да се утврдат факти или да се изведат докази кои жалителот без успех ги предложил пред првостепениот суд, ќе ја укине првостепената пресуда и ќе му го врати предметот на првостепениот суд на повторно судење.

## Член 360

Ако утврди дека со првостепената пресуда е пречекорено тужбеното барање, второстепениот суд според природата на пречекорувањето на тужбеното барање, со решение ќе ја укине пресудата на првостепениот суд и предметот ќе му го врати на повторно судење на тој суд, односно со пресуда ќе ја преиначи побиваната одлука.

## Член 361

Второстепениот суд со пресуда ќе ја преиначи првостепената пресуда, ако:
1) врз основа на расправа утврдил поинаква фактичка состојба од онаа што е утврдена во првостепената пресуда;
2) првостепениот суд погрешно ги оценил исправите или посредно изведените докази, а одлуката на првостепениот суд е заснована исклучително врз тие докази;
3) првостепениот суд од фактите што ги утврдил извел неправилен заклучок за постоењето на други факти, а врз тие факти е заснована пресудата и
4) смета дека фактичката состојба во првостепената пресуда е правилно утврдена, но дека првостепениот суд погрешно го применил материјалното право.

## Член 362

Второстепениот суд не може да ја преиначи пресудата на штета на странката која се жалела ако само таа изјавила жалба.

## Член 363

(1) Во образложението на пресудата, односно на решението, второстепениот суд треба да ги оцени жалбените наводи што се од решително значење и да ги означи причините што ги зел предвид по службена должност.

(2) Кога првостепената пресуда се укинува поради суштествени повреди на одредбите на парничната постапка, во образложението треба да се наведе кои одредби се повредени и во што се состојат повредите.

(3) Кога првостепената пресуда се укинува и предметот се враќа на првостепениот суд на повторно судење заради правилно утврдување на фактичката состојба, ќе се наведе во што се состојат недостатоците во утврдувањето на фактичката состојба, односно зошто одредени факти и докази се важни и влијаат врз донесувањето на правилна одлука.

## Член 364

(1) Ако второстепениот суд пропуштил да одлучи во поглед на сите делови на пресудата кои се побиваат со жалба, или ако пропуштил да ги донесе сите одлуки со кои се отфрла односно одбива или уважува жалбата, или ако пропуштил да одлучи во поглед на една или повеќе жалби, жалителот може во рок од 15 дена од доставувањето на второстепената одлука да предложи второстепениот суд да ја дополни својата одлука.

(2) Предлог за донесување второстепена одлука не може да се поднесе заради тоа што второстепениот суд не одлучил за сите причини поради кои жалбата била изјавена или на кои судот бил должен да внимава по службена должност.

(3) Предлогот од ставот (1) на овој член се поднесува до првостепениот суд, кој е должен без одлагање предлогот заедно со сите списи по предметот да го достави до второстепениот суд.

(4) Ако по повод второстепената одлука од ставот (1) на овој член е потребно повторно да се спроведе постапка пред првостепениот суд, првостепениот суд ќе му го достави на второстепениот суд предлогот за донесување на дополнителна одлука заедно со преписот од списите.

(5) Во постапка по повод предлогот од ставот (1) на овој член на соодветен начин ќе се применуваат и одредбите од членовите 328 до 330 на овој закон.

### Член 365

Второстепениот суд ќе му ги врати сите списи на првостепениот суд во доволен број заверени преписи на својата одлука заради доставување на странките и на другите заинтересирани лица.

### Член 366

(1) Првостепениот суд е должен да ги изведе сите парнични дејствија и да ги расправи сите спорни прашања на кои укажал второстепениот суд во своето решение.

(2) На новата главна расправа странките можат да ги изнесат само оние факти и докази кои претходно ги предложиле во текот на првостепената постапка.

(3) Ако пресудата се укине поради тоа што ја донел ненадлежен суд, новата расправа пред првостепениот суд ќе се одржи според одредбите што важат за одржување на главна расправа во случај кога ќе се промени составот на советот (член 301 став (3)).

### Член 367

Претседателот на советот, односно судијата поединец е должен по приемот на одлуката на второстепениот суд да закаже рочиште за главна расправа најдоцна во рок од осум дена, а рочиштето да го одржи во рок од 45 дена од денот на приемот на одлуката на второстепениот суд.

## 2. Жалба против решение

### Член 368

(1) Против решение на првостепениот суд е дозволена жалба, ако со овој закон не е определено дека жалба не е дозволена.

(2) Ако овој закон изрично определува дека посебна жалба не е дозволена, решението на првостепениот суд може да се побива само во жалбата против конечната одлука.

(3) Во случаите во кои според овој закон посебна жалба е допуштена против решението со кое постапката пред првостепениот суд не завршува, првостепениот суд ќе ги умножи списите и заедно со жалбата ќе ги достави до второстепениот суд, а ќе ја продолжи постапката за решавање на прашањата на кои жалбата не се однесува.

### Член 369

(1) Навремено поднесената жалба го задржува извршувањето на решението, ако со овој закон поинаку не е определено.

(2) Решението против кое не е дозволена посебна жалба, може веднаш да се изврши.

### Член 370

Решавајќи по жалбата, второстепениот суд може:
1) да ја отфрли жалбата како ненавремена, нецелосна или недозволена (член 347 ставови (1), (2) и (3) и член 368 став (1));
2) да ја одбие жалбата како неоснована и да го потврди решението на првостепениот суд и
3) да ја уважи жалбата и решението да го преиначи или да го укине и по потреба предметот да го врати на повторно одлучување.

### Член 371

Во постапката по жалбата против решение согласно ќе се применуваат одредбите што важат за жалбата против пресуда, освен одредбите за одговор на жалбата и за одржување расправа пред второстепениот суд.

## Глава дваесет и петта

# ВОНРЕДНИ ПРАВНИ ЛЕКОВИ

## 1. Ревизија

### Член 372

(1) Против правосилна пресуда донесена во втор степен странките можат да изјават ревизија во рок од 30 дена од денот на доставувањето на препис на пресудата.

(2) Странките можат да изјават ревизија против второстепена пресуда, ако вредноста на предметот на спорот на побиваниот дел на пресудата надминува 500.000 денари.

(3) По исклучок од ставот (2) на овој член, без оглед на вредноста на спорот, ревизијата секогаш е дозволена:
1) во спорови за издршка;
2) во спорови за надоместок на штета за загубена издршка поради смрт на давателот на издршката;
3) во спорови од работните односи по повод престанок на работен однос;
4) во спорови од авторското право и
5) во спорови што се однесуваат на заштита и употреба на пронајдоци и технички унапредувања, мостри, модели и жигови и на правото на употреба на фирма или назив, како и во спорови од нелојален натпревар и монополистички однесувања.

(4) Ревизијата по исклучок е дозволена и против второстепена пресуда против која не може да се изјави ревизија според ставот (2) од овој член, ако второстепениот суд во изреката на пресудата што ја донел, тоа го дозволил. Второстепениот суд може така да одлучи, ако оцени дека одлуката во спорот зависи од решавање на некое материјалноправно или процесноправно прашање важно за обезбедување на единствена примена на законот и уедначување на судската практика. Во образложението на пресудата второстепениот суд е должен да наведе заради кое правно прашање ја дозволил ревизијата и да ги наведе причините поради кои смета дека ова е важно за обезбедување на единствена примена на законот и уедначување на судската практика.

(5) Одредбите од ставовите (2) и (4) на овој член не се применуваат во оние спорови за кои со овој или со друг закон изрично е одредено дека за нив ревизија не е дозволена.

## Член 373

За ревизијата одлучува Врховниот суд на Република Македонија.

## Член 374

Поднесената ревизија не го задржува извршувањето на правосилната пресуда против која е изјавена.

## Член 375

(1) Ревизија може да се изјави:
1) поради суштествена повреда на одредбите на парничната постапка од членот 343 став (2) на овој закон, освен ако повредата се однесува на месната надлежност (член 343 став (2) точка 4), ако првостепениот суд донел пресуда без главна расправа, а бил должен да одржи главна расправа (член 343 став (2) точка 9), ако е одлучено за барање за кое веќе тече парница (член 343 став (2) точка 11) или, ако спротивно на законот била исклучена јавноста на главната расправа (член 343 став (2) точка 12);
2) поради суштествена повреда на одредбите на парничната постапка од членот 343 став (1) на овој закон што е сторена во постапка пред второстепениот суд и
3) поради погрешна примена на материјалното право.

(2) Поради пречекорување на тужбеното барање ревизија може да се изјави само ако таа повреда е сторена во постапката пред второстепениот суд.

(3) Ревизија не може да се изјави поради погрешно или нецелосно утврдена фактичка состојба.

(4) Против второстепената пресуда со која се потврдува првостепената пресуда, ревизија може да се изјави поради суштествена повреда на одредбите на парничната постапка од членот 344 став (2) точки 4, 6, 7, 8, 9 и 12 на овој закон, само ако подносителот на ревизијата се повикал на тие повреди во жалбата против првостепената пресуда, или ако тие повреди се сторени во второстепената постапка.

(5) Одредбите од ставовите (2) и (4) на овој член не се применуваат во оние спорови за кои со овој или со друг закон изрично е одредено дека за нив не е дозволена ревизија.

(6) Против пресуда донесена во втор степен со која се потврдува пресуда поради неподнесување одговор на тужба, пресуда врз основа на признание или пресуда врз основа на одрекување, ревизија може да се изјави само поради причините од ставот (1) точки 1 и 2 и ставот (2) на овој член.

## Член 376

Против второстепена пресуда од членот 372 став (4) на овој закон ревизија може да се изјави само заради материјалноправно и процесноправно прашање поради кои прашања е дозволена.

## Член 377

(1) Во ревизијата странката треба точно да ги наведе причините поради кои е изјавена.

(2) Ако ревизијата од членот 372 ставови (2) и (3) на овој закон е изјавена од причина која не е дозволена или е изјавена од причина поради која е дозволена, но која не е образложена, односно ако ревизијата од членот 372 став (4) на овој закон не е изјавена од причина која второстепениот суд ја допуштил, судијата поединец, односно претседателот на советот на првостепениот суд ќе ја отфрли со решение без претходно да ја повика странката да ја дополни.

(3) Ревизискиот суд ја испитува побиваната пресуда само во оној дел во кој таа се побива со ревизијата и во границите на причините кои се точно наведени во ревизијата.

## Член 378

Странките можат во ревизијата да изнесуваат нови факти и да предлагаат нови докази само ако тие се однесуваат на суштествени повреди на одредбите на парничната постапка поради кои може да се изјави ревизија.

## Член 379

Ревизија се поднесува до судот што ја изрекол првостепената пресуда во доволен број примероци за судот и за противната странка.

## Член 380

(1) Ненавремена, нецелосна или недозволена ревизија ќе отфрли со решение судијата поединец, односно претседателот на советот на првостепениот суд, без одржување на рочиште.

(2) Ревизијата е недозволена ако ја изјавило лице кое не е овластено за поднесување ревизија, или лице кое се откажало од ревизија, или ако лицето кое изјавило ревизија нема правен интерес за поднесување ревизија или ако ревизија е изјавена против пресуда против која според закон не може да се поднесе.

(3) Ако ревизијата е изјавена против второстепена пресуда од членот 372 став (4) на овој закон, судијата поединец, односно претседателот на советот на првостепениот суд не може да ја отфрли ревизијата затоа што смета дека не постојат причини поради која е изјавена.

## Член 381

(1) Примерок од навремена, целосна и дозволена ревизија судијата поединец, односно претседателот на советот на првостепениот суд ќе достави до противната странка.

(2) Во рок од 15 дена од денот на доставувањето на ревизијата противната странка може да поднесе до судот одговор на ревизијата.

(3) По приемот на одговорот, односно по истекот на рокот за одговор, судијата поединец, односно претседателот на советот на првостепениот суд ќе ги достави ревизијата и одговорот на ревизијата, ако се поднесени, со сите списи до ревизискиот суд преку второстепениот суд.

(4) Ненавремено поднесениот одговор на ревизија нема да се отфрли, туку ќе се достави до ревизискиот суд кој ќе го земе предвид, ако тоа уште е можно.

## Член 382

За ревизијата ревизискиот суд одлучува без расправа.

## Член 383

(1) Ненавремената, нецелосната, необразложената или недозволената ревизија ќе ја отфрли судијата известител на ревизискиот суд со решение, ако тоа не го сторил во границите на своите овластувања првостепениот суд.

(2) Ревизијата поднесена против второстепена пресуда од членот 372 став (4) на овој закон ќе ја отфрли со решение судијата известител, а ако тој тоа не го сторил, советот на ревизискиот суд, ако утврди дека таа не е изјавена поради правно прашање заради кое е дозволена.

(3) Ревизијата изјавена против второстепената пресуда од членот 372 став (4) на овој закон советот на ревизискиот суд нема да ја отфрли и доколку оцени дека правното прашање поради кое таа е изјавена не е важно за обезбедување на единствена примена на законот и уедначување на судската практика.

## Член 384

(1) Ревизискиот суд со пресуда ќе ја одбие ревизијата како неоснована, ако утврди дека не постојат причини поради кои ревизијата е изјавена, како ни причини на кои внимава по службена должност.

(2) Образложението на пресудата од ставот (1) на овој член ги содржи само причините што го оправдуваат донесувањето на ваква пресуда.

## Член 385

(1) Ако утврди дека постои суштествена повреда на одредбите на парничната постапка од членот 343 ставови (1) и (2) на овој закон поради која ревизија може да се изјави, освен повредите определени во ставовите (2) и (3) на овој член, ревизискиот суд со решение ќе ја укине во целост или делумно пресудата на второстепениот и првостепениот суд или само пресудата на второстепениот суд и предметот ќе му го врати на повторно судење на истиот или на друг судија поединец, односно совет на првостепениот, односно совет на второстепениот суд.

(2) Ако во постапката пред првостепениот или второстепениот суд е сторена повреда од членот 343 став (2) точки 3 и 11 на овој закон, освен ако е одлучено за барање за кое веќе тече парница, ревизискиот суд ќе ги укине со решение донесените одлуки и ќе ја отфрли тужбата.

(3) Ако во постапката пред првостепениот или второстепениот суд е сторена повреда од членот 343 став (2) точка 10 на овој закон, ревизискиот суд, со оглед на природата на повредата, ќе постапи според одредбите на ставот (1) или (2) од овој член.

## Член 386

Судот на кого предметот му е вратен на повторно судење е врзан за тој предмет со правното сфаќање врз основа на кое се заснова решението на ревизискиот суд со кое е укината побиваната второстепена пресуда, односно со која се укинати второстепената и првостепената пресуда.

## Член 387

(1) Ако ревизискиот суд утврди дека материјалното право е погрешно применето, со пресуда ќе ја усвои ревизијата и ќе ја преиначи побиваната пресуда.

(2) Ако ревизискиот суд најде дека поради погрешна примена на материјалното право фактичката состојба нецелосно е утврдена и дека поради тоа нема услови за преиначување на побиваната пресуда, со решение ќе ја усвои ревизијата, ќе ја укине во целост или делумно пресудата на првостепениот и второстепениот суд или само пресудата на второстепениот суд и предметот ќе му го врати на повторно судење на истиот или на друг судија поединец, односно совет на првостепениот, односно совет на второстепениот суд.

## Член 388

Ако утврди дека со правосилна пресуда донесена во втор степен е пречекорено тужбеното барање на начин што е одлучено за нешто друго, а не за она што е барано, ревизискиот суд со решение ќе ја укине таа пресуда и предметот ќе му го врати на второстепениот суд на повторно судење.

## Член 389

Одлуката на ревизискиот суд се доставува до првостепениот суд преку второстепениот суд.

## Член 390

Ако во членовите 372 до 389 на овој закон не е определено нешто друго, во постапката по повод ревизијата согласно ќе се применуваат одредбите на овој закон за жалбата против пресуда од членот 338 ставови (2) и (3), членовите 339, 340, 345, членот 348 ставови (2) и (3), членот 349 став (2), членовите 350, 355 и членовите од 362 до 366 на овој закон.

## Член 391

(1) Странките можат да изјават ревизија и против решението на второстепениот суд со кое постапката правосилно е завршена во споровите во кои ревизијата би била дозволена против второстепена пресуда.

(2) Ревизија секогаш е дозволена против решение на второстепениот суд со кое се отфрла изјавената жалба, односно со кое се потврдува решението на првостепениот суд за отфрлање на ревизијата.

(3) Во постапката по повод ревизијата против решение согласно ќе се применуваат одредбите на овој закон за ревизија против пресуда.

## 2. Повторување на постапка

### Член 392

(1) Постапката што со одлука на судот е завршена правосилно, може, по предлог од странката, да се повтори, ако:
1) при донесувањето на одлуката учествувал судија, односно судија-поротник кој според законот морал да биде изземен (член 64), односно кој со решение на судот бил изземен;
2) на некоја странка со незаконито постапување, а особено со пропуштање на доставувањето не и била дадена можност да расправа пред судот;
3) во постапката како тужител или тужен учествувало лице кое не може да биде странка во постапката или ако странката која е правно лице не ја застапувало овластено лице, или ако парнично неспособната странка не ја застапувал законски застапник, или ако законскиот застапник, односно полномошник на странката немал потребно овластување за водење на постапката или за одделни дејствија во постапката, доколку водење на постапката, односно вршење на одделни дејствија во постапката не било дополнително одобрено;
4) одлуката на судот се заснова врз лажен исказ на сведок или вештак;
5) одлуката на судот се заснова врз исправа што е фалсификувана или во која е заверена невистинита содржина;
6) до одлуката на судот дошло поради кривично дело на судијата, односно на судијата-поротник, на законскиот застапник или на полномошникот на странката, на спротивната странка или на некое трето лице;
7) странката стекне можност да ја употреби правосилната одлука на судот која порано меѓу истите странки е донесена за исто барање;
8) одлуката на судот се заснова врз друга одлука на суд или врз одлука на некој друг орган, а таа одлука ќе биде правосилно преиначена, укината, односно поништена;
9) странката узнае за нови факти или најде или стекне можност да употреби нови докази врз основа на кои за странката можела да биде донесена поповолна одлука тие факти или докази да биле употребени во поранешната постапка и
10) со одлука на надлежен орган дополнително правосилно е одлучено за претходно прашање (член 11 ставови (1) и (2)) на кое се заснова одлуката на судот.

(2) Постапката правосилно завршена со пресуда врз основа на признание, пресуда врз основа на одрекување, пресуда поради неподнесување на одговор на тужба и пресуда поради изостанок не може да се повтори поради причините од ставот (1) точки 8, 9 и 10 на овој член.

(3) Постапката правосилно завршена со пресуда врз основа на признание и пресуда врз основа на одрекување може да се повтори затоа што изјавата за признание, односно одрекување е дадена во заблуда или под влијание на присила или измама.

### Член 393

(1) Од причините наведени во членот 392 став (1) точки 1, 2 и 3 и став (3) на овој закон не може да се бара повторување на постапката, ако таа причина без успех била изнесена во поранешната постапка.

(2) Поради околностите наведени во членот 392 став (1) точки 1, 7, 8, 9 и 10 и став (3) од овој закон, повторување на постапката може да се дозволи само ако странката без своја вина не можела тие околности да ги изнесе пред поранешната постапка да биде завршена со правосилна судска одлука.

### Член 394

(1) Предлогот за повторување на постапката се поднесува во рок од 30 дена, и тоа:
1) во случајот од членот 392 став (1) точка 1 на овој закон, од денот кога странката узнала за оваа причина;
2) во случајот од членот 392 став (1) точка 2 на овој закон, од денот кога одлуката е доставена до странката;
3) во случајот од членот 392 став (1) точка 3 на овој закон, ако во постапката како тужител или тужен учествувало лице кое не може да биде странка во постапката, од денот кога одлуката е доставена до тоа лице, ако странката која е правно лице не ја застапувало овластено лице, или ако парнично неспособна странка не ја застапувал законски застапник, од денот кога одлуката е доставена до странката, односно до нејзиниот законски застапник, а ако законскиот застапник, односно полномошникот на странката немал потребно овластување за водење на постапката или за одделни дејствија во постапката, од денот кога странката узнала за оваа причина;
4) во случаите од членот 392 став (1) точки од 4 до 6 на овој закон, од денот кога странката узнала за правосилната пресуда во кривичната постапка, а ако кривичната постапка не може да се спроведе, тогаш од денот кога узнала за запирањето на таа постапка или за околностите поради кои постапката не може да се поведе;
5) во случаите од членот 392 став (1) точки 7, 8 и 10 на овој закон, од денот кога странката можела да ја употреби правосилната одлука која е причина за повторување на постапката;
6) во случајот од членот 392 став (1) точка 9 на овој закон, од денот кога странката можела да му изнесе на судот нови факти, односно да му предложи нови докази и
7) во случаите од членот 392 став (3) на овој закон, од денот кога странката можела да изнесе пред судот дека признанието, односно одрекувањето го дала во заблуда или под присила или измама.

(2) Ако рокот определен во ставот (1) од овој член би започнал да тече пред да стане одлуката правосилна, тој рок ќе се смета од правосилноста на одлуката ако против неа не бил изјавен правен лек, односно од доставувањето на правосилната одлука на повисокиот суд изречена во последен степен.

(3) По истекот на рокот од пет години од денот кога одлуката станала правосилна предлог за повторување на постапката не може да се поднесе, освен ако повторување се бара затоа што во донесувањето на одлуката учествувало лице кое немало својство на судија, односно судија-поротник или од причината наведена во членот 392 став (1) точки 2 и 3 од овој закон.

## Член 395

(1) Предлогот за повторување на постапката се поднесува секогаш до судот што ја донел одлуката во прв степен.

(2) Во предлогот особено мораат да се наведат: законскиот основ според кој се бара повторување, околностите од кои произлегува дека предлогот е поднесен во законскиот рок и доказите со кои се поткрепуваат наводите на предлагачот.

## Член 396

(1) Ненавремени (член 394), нецелосни (член 395 став (2)) или недозволени (член 393) предлози за повторување на постапката ќе отфрли со решение судијата-поединец, односно претседателот на советот без одржување на рочиште.

(2) Ако судијата поединец, односно претседателот на советот не го отфрли предлогот, ќе достави примерок од предлогот до противната странка според одредбите на членот 137 од овој закон, која има право во рок од 15 дена да одговори на предлогот. Кога до судот ќе стигне одговорот на предлогот или кога ќе истече рокот за давање одговор, судијата поединец, односно претседателот на советот ќе определи рочиште за расправање за предлогот.

(3) Ако повторување на постапката се бара од причината наведена во членот 392 став (1) точка 9 и став (3) од овој закон, судијата поединец, односно претседателот на советот може расправањето за предлогот за повторување на постапката да го спои со расправањето за главната работа.

## Член 397

Рочиштето за расправање за предлогот за повторување на постапката се одржува пред судијата поединец, односно претседателот на советот на првостепениот суд, освен ако расправањето за предлогот не е споено со расправањето за главната работа.

## Член 398

(1) По одржаното рочиште за расправање за предлогот судијата поединец, односно претседателот на советот на првостепениот суд донесува одлука за предлогот, освен ако причината за повторување на постапката се однесува исклучително на постапката пред повисокиот суд (член 399).

(2) Во решението со кое се дозволува повторување на постапката ќе се изрече дека се укинува одлуката донесена во поранешната постапка.

(3) Судијата поединец, односно претседателот на советот ќе определи главна расправа дури по правосилноста на решението со кое се дозволува повторување на постапката, но во тоа решение може да одлучи веднаш да започне расправањето за главната работа. На новата главна расправа странките можат да изнесуваат нови факти и да предлагаат нови докази.

(4) Против решението со кое се дозволува повторување на постапката не е дозволена посебна жалба, ако судијата поединец, односно претседателот на советот одлучил веднаш да започне расправањето за главната работа.

(5) Ако судијата поединец, односно претседателот на советот дозволил повторување на постапката и одлучил веднаш да се расправа за главната работа или ако за предлогот за повторување на постапката се расправало заедно со главната работа, решението со кое се дозволува повторување на постапката и се укинува одлуката донесена во поранешната постапка се внесува во одлуката за главната работа.

## Член 399

(1) Кога причината за повторување на постапката се однесува исклучително на постапката пред повисокиот суд, судијата поединец, односно претседателот на советот на првостепениот суд по одржаното рочиште за расправање за предлогот за повторување на постапката ќе го достави предметот до тој повисок суд заради донесување одлука.

(2) Кога предметот ќе стигне до повисокиот суд, ќе се постапи според одредбите од членот 351 на овој закон.

(3) За предлогот за повторување на постапката повисокиот суд одлучува без расправа.

(4) Кога повисокиот суд ќе најде дека е оправдан предлогот за повторување на постапката и дека не е потребно да се одржи нова главна расправа, ќе ја укине својата одлука, како и одлуката на повисокиот суд ако таква одлука постои и ќе донесе нова одлука за главната работа.

## Повторување на постапка по повод конечна пресуда на Европскиот суд за човекови права во Стразбур

## Член 400

(1) Кога Европскиот суд за човекови права ќе утврди повреда на некое човеково право или на основните слободи предвидени во Европската конвенција за заштита на основните човекови права и слободи и во Дополнителните протоколи на Конвенцијата, кои Република Македонија ги ратификувала, странката може во рок од 30 дена од конечноста на пресудата на Европскиот суд за човекови права да поднесе барање до судот во Република Македонија кој судел во прв степен во постапката во која е донесена одлуката со која е повредено некое од човековите права или основните слободи за измена на одлуката со која тоа право или основна слобода е повредена.

(2) Во постапката од ставот (1) на овој член соодветно се применуваат одредбите за повторување на постапката.

(3) Во повторувањето на постапката судовите се должни да ги почитуваат правните ставови изразени во конечната пресуда на Европскиот суд за човекови права со која е утврдена повреда на основните човекови права и слободи.

## 3. Однос меѓу предлогот за повторување на постапката и ревизијата

## Член 401

(1) Ако во рокот за изјавување ревизија странката поднесе предлог за повторување на постапката само од причините поради кои може да се изјави и ревизија, ќе се смета дека странката изјавила ревизија.

(2) Ако странката изјави ревизија поради причините од членот 343 став (2) точка 11 на овој закон и истовремено или потоа поднесе предлог за повторување на постапката поради која било причина од членот 392 на овој закон, судот ќе ја прекине постапката по повод предлогот за повторување на постапката, до завршувањето на постапката по ревизијата.

(3) Ако странката изјави ревизија од која било причина, освен од причините од членот 343 став (2) точка 11 на овој закон, и истовремено или потоа поднесе предлог за повторување на постапката поради причините од членот 392 став (1) точки 4, 5 и 6 на овој закон што се поткрепени со правосилна пресуда донесена во кривичната постапка, судот ќе ја прекине постапката по ревизијата до завршувањето на постапката по повод предлогот за повторување на постапката.

(4) Во сите други случаи во кои странката ќе изјави ревизија и истовремено или потоа ќе поднесе предлог за повторување на постапката, судот ќе одлучи која постапка ќе ја продолжи, а која ќе ја прекине, земајќи ги предвид сите околности, а особено причините поради кои обата правни лека се поднесени и доказите што ги предложиле странките.

## Член 402

(1) Одредбите на членот 401 ставови (1) и (3) од овој закон ќе се применат и кога странката прво поднела предлог за повторување на постапката, а потоа изјавила ревизија.

(2) Во сите други случаи во кои странката ќе поднесе предлог за повторување на постапката и потоа ќе изјави ревизија, судот по правило ќе ја прекине постапката по ревизијата до завршувањето на постапката по повод предлогот за повторување на постапката, освен ако најде дека постојат сериозни причини да постапи поинаку.

## Член 403

(1) Решението од членот 401 на овој закон го донесува судијата поединец, односно претседателот на советот на првостепениот суд, ако предлогот за повторување на постапката стигне до првостепениот суд пред да биде упатен предметот по повод ревизијата до ревизискиот суд. Ако предлогот за повторување на постапката стигне откако предметот по повод ревизијата е упатен до ревизискиот суд, решението од членот 400 на овој закон го донесува ревизискиот суд.

(2) Решението од членот 401 на овој закон го донесува судијата поединец, односно претседателот на советот на првостепениот суд, освен ако предметот во времето кога ревизијата ќе стигне до првостепениот суд по повод предлогот за повторување на постапката е упатен до повисокиот суд заради донесување одлука (член 399 став (1)), во кој случај решението го донесува повисокиот суд.

(3) Против решението на судот од ставовите (1) и (2) на овој член не е дозволена жалба.

## Дел трети

# ПОСЕБНИ ПОСТАПКИ

## Глава дваесет и шеста

# ПОСТАПКА ВО СПОРОВИ ОД РАБОТНИТЕ ОДНОСИ

### Член 404

Ако во оваа глава не постојат посебни одредби во постапката по споровите од работните односи ќе се применуваат другите одредби на овој закон.

### Член 405

(1) Во постапката во споровите од работните односи, а особено при определувањето на роковите и рочиштата, судот секогаш ќе обрне посебно внимание на потребата од итно решавање на работните спорови.

(2) Во постапката во споровите од работните односи рокот за одговор на тужба е осум дена.

(3) Во споровите од работните односи кои се однесуваат за престанок на работниот однос, рочиштето за главна расправа мора да се одржи во рок од 30 дена од денот на приемот на одговорот на тужбата.

(4) Во постапката во споровите од работните односи, постапката пред првостепениот суд мора да се заврши во рок од шест месеца од денот на поднесувањето на тужбата.

(5) Во постапката во споровите од работните односи, второстепениот суд е должен да донесе одлука по жалба поднесена против одлуката на првостепениот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на жалбата, односно во рок од два месеца доколку пред второстепениот суд се одржи расправа.

### Член 406

Работникот во постапката во споровите од работните односи како полномошник може да го застапува лице - дипломиран правник кое е во работен однос во синдикатот чиј член е работникот, или во сојузот на синдикатите во кој е здружен синдикатот чиј член е работникот и соодветно ќе се применуваат одредбите од членовите 81 и 82 на овој закон.

### Член 407

(1) Во текот на постапката судот може на предлог на странката да одреди привремени мерки заради спречување на насилно постапување или заради отстранување на ненадоместлива штета.

(2) Против решението од ставот (1) на овој член, не е дозволена посебна жалба.

### Член 408

Судот во пресудата со која наложува извршување на некое чинење ќе определи рок од осум дена за негово извршување.

### Член 409

(1) Рокот за поднесување жалба изнесува осум дена.

(2) Од важни причини кои мораат да бидат образложени, судот може да одлучи жалбата да не го задржува извршувањето на одлуката.

### Глава дваесет и седма

## ПОСТАПКА ВО СПОРОВИТЕ ПОРАДИ СМЕЌАВАЊЕ НА ВЛАДЕНИЕ

### Член 410

Ако во оваа глава не постојат посебни одредби, во постапката поради смеќавање на владение ќе се применуваат другите одредби на овој закон.

### Член 411

(1) При определувањето на роковите и рочиштата по тужби поради смеќавање на владение судот секогаш ќе обрне посебно внимание на потребата од итно решавање според природата на секој поединечен случај.

(2) Во постапката во споровите поради смеќавање на владение рокот за одговор на тужба е осум дена.

(3) Во споровите поради смеќавање на владение, рочиштето за главна расправа мора да се одржи во рок од 30 дена од денот на приемот на одговорот на тужбата.

(4) Во постапката во споровите поради смеќавање на владение, постапката пред првостепениот суд мора да се заврши во рок од шест месеца од денот на поднесувањето на тужбата.

(5) Во постапката во споровите поради смеќавање на владение, второстепениот суд е должен да донесе одлука по жалба поднесена против одлуката на првостепениот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на жалбата, односно во рок од два месеца доколку пред второстепениот суд се одржи расправа.

### Член 412

Расправањето за тужбата поради смеќавање на владение ќе се ограничи само на расправање и докажување на фактите за последната состојба на владението и за настанатото смеќавање. Исклучено е расправање за правото на владение, за правниот основ, за совесноста или несовесноста на владението или барањата за надоместок на штета.

### Член 413

(1) Во текот на постапката судот може, по предлог на странка и без сослушување на противната странка, да одреди привремени мерки заради отстранување на итна опасност од противправно оштетување или спречување на насилство или отстранување на ненадоместлива штета.

(2) Против решението од ставот (1) на овој член, не е дозволена посебна жалба.

### Член 414

(1) Рокот за исполнување на должностите што им се наложени на странките судот ќе го определи според околностите на секој поединечен случај.

(2) Рокот за поднесување жалба изнесува осум дена.

(3) Од важни причини кои мораат да бидат образложени, судот може да одлучи жалбата да не го задржува извршувањето на решението.

(4) Против решенијата донесени во постапката поради смеќавање на владение, ревизија не е дозволена.

### Член 415

Тужителот го губи правото да бара извршување на решението со кое на тужениот по тужба поради смеќавање на владение му се наложува извршување на определено дејствие, ако не барал извршување во рок од 30 дена по истекот на рокот што со решението е определен за извршување на тоа дејствие.

### Член 416

Повторување на правосилна завршена постапка поради смеќавање на владение е дозволено само од причините предвидени во членот 392 став (1) точки 2 и 3 од овој закон и тоа само во рок од 30 дена од правосилноста на решението за смеќавање на владение.

## Глава дваесет и осма

# ИЗДАВАЊЕ ПЛАТЕН НАЛОГ

### Член 417

Ако во оваа глава не постојат посебни одредби, во постапката за издавање платен налог ќе се применуваат другите одредби на овој закон.

### Член 418

(1) Кога тужбеното барање се однесува на пристигнато побарување во пари, а тоа побарување се докажува со веродостојна исправа приложена кон тужбата во оригинал или во заверен препис, судот ќе му издаде налог на тужениот да го исполни тужбеното барање (платен налог).

(2) Како веродостојни исправи се сметаат особено:
1) јавни исправи;

2) приватни исправи на кои потписот на обврзникот го заверил органот надлежен за заверување;
3) меници и чекови со протест и со повратни сметки ако тие се потребни за засновање на барање;
4) изводи од заверени деловни книги;
5) фактури и
6) исправи кои според посебни прописи имаат значење на јавни исправи.

(3) Судот ќе издаде платен налог иако тужителот во тужбата не предложил издавање на платен налог, а се исполнети сите услови за издавање платен налог.

## Член 419

(1) Кога тужбеното барање се однесува на пристигнато побарување во пари кое не го надминува износот од 60.000 денари, судот ќе издаде платен налог против тужениот иако кон тужбата не се приложени веродостојни исправи, но во тужбата е изнесен основот и висината на должењето и се назначени доказите врз основа на кои може да се утврди вистинитоста на тужбените наводи.

(2) Платниот налог од ставот (1) на овој член може да се издаде само против главниот должник.

## Член 420

(1) Платниот налог го издава судија поединец, односно претседателот на советот без одржување на рочиште.

(2) Во платниот налог судот ќе изрече дека тужениот е должен во рок од осум дена, а во меничните и чековните спорови во рок од три дена по приемот на платниот налог да го исполни барањето на тужбата заедно со трошоците што ги одмерил судот или во истиот рок да поднесе приговори против платниот налог. Во платниот налог судот ќе го предупреди тужениот дека ќе ги отфрли ненавремено поднесените приговори.

(3) Платниот налог се доставува до двете странки.

(4) До тужениот кон платниот налог се доставува и примерок од тужбата со прилозите.

## Член 421

(1) Ако судот не го усвои предлогот за издавање платен налог ќе ја продолжи постапката по тужбата.

(2) Против решението на судот со кое не се усвојува предлогот за издавање платен налог не е дозволена жалба.

## Член 422

(1) Платниот налог тужениот може да го побива само со приговор. Ако платниот налог се побива единствено во поглед на одлуката за трошоците, оваа одлука може да се побива само со жалба против решение.

(2) Во делот во кој не е оспорен со приговор, платниот налог станува правосилен.

## Член 423

(1) Ненавремените, нецелосните или недозволените приговори ќе ги отфрли судијата поединец, односно претседателот на советот без одржување на рочиште.

(2) Ако приговорот е поднесен навремено, судијата поединец, односно претседателот на советот ќе оцени дали е потребно да закаже подготвително рочиште или може веднаш да определи рочиште за главна расправа.

(3) Во приговорот странката е должна да ги наведе фактите и доказите во поглед на побиваниот дел од платниот налог.

(4) По исклучок од ставот (3) на овој член, странката може да изнесе факти и докази и на подготвителното рочиште, а ако тоа не е одржано, на првото рочиште за главна расправа, само ако стори веројатно дека без своја вина не била во можност нив да ги изнесе во приговорот.

(5) Во одлуката за главната работа судот ќе одлучи дали платниот налог во целост или делумно останува во сила или се укинува.

## Член 424

(1) Ако тужениот приговори дека не постоеле законски основи за издавање платен налог (членови 418 и 419), или дека постојат пречки за натамошниот тек на постапката, судот прво ќе одлучи за тој приговор. Ако најде дека таквиот

приговор е основан ќе го укине со решение платниот налог и по правосилноста на решението ќе започне расправање за главната работа, кога за таквото расправање има место.

(2) Ако судот не го усвои овој приговор, ќе премине на расправање за главната работа, а решението на судот ќе се внесе во одлуката за главната работа.

(3) Ако по повод приговорот за непристигнатост судот најде дека барањето на тужбата пристигнало по издавањето на платниот налог, но пред заклучувањето на главната расправа, судот со пресуда ќе го укине платниот налог и ќе одлучи за тужбеното барање (член 314 став (1)).

### Член 425

Судот може да се огласи за месно ненадлежен, само по приговор на тужениот истакнат во приговорот против платниот налог.

### Член 426

(1) Ако судот по издавањето на платниот налог се огласи како стварно ненадлежен, ќе го укине платниот налог и по правосилноста на решението за ненадлежноста ќе му го отстапи предметот на надлежниот суд.

(2) Ако судот по издавањето на платниот налог утврди дека е месно ненадлежен нема да го укине платниот налог, туку по правосилноста на решението со кое се огласил како ненадлежен ќе му го отстапи предметот на надлежниот суд.

### Член 427

Кога судот во случаите предвидени со овој закон ќе донесе решение со кое се отфрла тужбата, ќе го укине и платниот налог.

### Член 428

(1) Тужителот може да ја повлече тужбата без согласност на тужениот само до поднесувањето на приговорот. Ако тужбата биде повлечена, судот со решение ќе го укине платниот налог.

(2) Ако тужениот до заклучувањето на главната расправа се откаже од сите поднесени приговори, платниот налог останува во сила.

### Глава дваесет и деветта

## ПОСТАПКА ВО СПОРОВИ ОД МАЛА ВРЕДНОСТ

### Член 429

Ако во оваа глава не постојат посебни одредби, во постапката во споровите од мала вредност ќе се применуваат другите одредби на овој закон.

### Член 430

(1) Спорови од мала вредност, во смисла на одредбите на оваа глава, се спорови во кои тужбеното барање се однесува на побарување во пари кое не го надминува износот од 60.000 денари.

(2) Како спорови од мала вредност се сметаат и споровите во кои тужбеното барање не се однесува на побарување во пари, а тужителот во тужбата навел дека се согласува наместо исполнување на определено барање да прими определен паричен износ кој не го преминува износот до ставот (1) на овој член (член 33 став (1)).

(3) Како спорови од мала вредност се сметаат и споровите во кој предмет на тужбеното барање не е паричен износ, туку предавање на подвижен предмет чија вредност, што тужителот во тужбата ја навел не го надминува износот од ставот (1) на овој член (член 33 став (2)).

### Член 431

Не се сметаат како спорови од мала вредност, во смисла на одредбите од оваа глава, споровите за недвижности, споровите од работни односи од статусен карактер и споровите поради смеќавање на владение.

### Член 432

Постапката во споровите од мала вредност ќе се спроведува и по повод приговор против платниот налог, ако вредноста на оспорениот дел на платниот налог не го надминува износот од 60.000 денари.

## Член 433

(1) Во постапката во споровите од мала вредност е дозволена посебна жалба само против решението со кое се завршува постапката.

(2) Другите решенија против кои според овој закон е дозволена жалба, можат да се побиваат само со жалба против одлуката со која постапката се завршува.

(3) Решенијата од ставот (2) на овој член не се доставуваат до странките, туку се објавуваат на рочиштето и се внесуваат во писмениот состав на одлуката.

## Член 434

Во постапката во споровите од мала вредност записникот за главната расправа, покрај податоците од членот 116 став (1) на овој закон, ги содржи:
1) изјавите на странките од суштествено значење, а особено оние со кои, во целост или делумно, се признава тужбеното барање или се одрекува од тужбеното барање, или од жалбата, или се преиначува или повлекува тужбата;
2) суштествената содржина на изведените докази;
3) одлуките против кои е дозволена жалба и кои се објавени на главната расправа и
4) дали странките биле присутни на објавувањето на пресудата, и ако биле присутни дека се поучени под кои услови можат да изјават жалба.

## Член 435

(1) Ако тужителот го преиначи тужбеното барање така што вредноста на предметот на спорот да го надминува износот од 60.000 денари, постапката ќе се доврши според одредбите на овој закон за општата парнична постапка.

(2) Ако тужителот до заклучувањето на главната расправа што се води според одредбите на овој закон за општата парнична постапка, го намали тужбеното барање така што тоа повеќе да не го надминува износот од 60.000 денари, натамошната постапка ќе се спроведе според одредбите на овој закон за постапката на споровите од мала вредност.

## Член 436

(1) Во постапка во спорови од мала вредност не се применуваат одредбите за подготвително рочиште.

(2) Во поканата за главната расправа ќе се наведе, покрај другото, дека ќе се смета дека тужителот ја повлекол тужбата ако не дојде на кое било рочиште за главна расправа и дека странките се должни сите факти и докази да ги изнесат на првото рочиште на главната расправа, како и дека одлуката може да се побива само поради суштествена повреда на одредбите на парничната постапка и поради погрешна примена на материјалното право.

## Член 437

Пресудата во постапката во споровите од мала вредност се објавува веднаш по заклучувањето на главната расправа.

## Член 438

(1) Пресудата или решението со кое се завршува спорот во постапката во споровите од мала вредност може да се побива само поради суштествена повреда на одредбите на парничната постапка од членот 343 став (2) на овој закон и поради погрешна примена на материјалното право.

(2) Во постапката по повод жалба во споровите од мала вредност не се применуваат одредбите на членот 358 од овој закон.

(3) Во постапката во споровите од мала вредност рокот за жалба, како и роковите од членот 314 став (2) и членот 328 став (1) на овој закон изнесува осум дена.

(4) Во споровите од мала вредност не е дозволена ревизија против правосилна одлука на второстепениот суд.

## Глава триесетта

# ПОСТАПКА ПРЕД ИЗБРАНИТЕ СУДОВИ

## Член 439

Со одредбите на оваа глава се уредува постапката пред избраните судови, чие седиште е во Република Македонија, освен ако од одредбите на друг закон или меѓународен договор не произлегува дека определен избран суд, чие седиште е во Република Македонија се смета како странски избран суд.

## Член 440

За споровите со меѓународен елемент за правата со кои слободно располагаат странките можат да договорат надлежност на домашен или на странски избран суд, ако барем една од нив е физичко лице со живеалиште или со трајно престојувалиште во странство, односно правно лице со седиште во странство, ако за тие спорови не е предвидена исклучителна надлежност на суд во Република Македонија.

## Член 441

(1) Споровите без меѓународен елемент за правата со кои слободно располагаат странките можат да ги изнесуваат пред постојаните избрани судови, основани при стопанските комори и при другите организации предвидени со закон, ако со законот не е утврдено дека определените видови спорови ги решава исклучиво друг суд.

(2) Надлежност на избраните судови во другите случаи може да се предвиди само со закон.

## Член 442

(1) Договор за избран суд може да се склучи како во поглед на определен спор, така и во поглед на идните спорови што можат да произлезат од определен правен однос. Договорот за избран суд е полноважен само ако е склучен во писмена форма.

(2) Договорот за избраниот суд е склучен во писмена форма и кога е склучен со размена на писма, телеграми, телекси, електронска пошта или други средства за телекомуникации, што овозможуваат писмен доказ за склучениот договор.

(3) Договорот за избраниот суд е склучен во писмена форма и кога е склучен со размена на тужба, во која тужителот го наведува постоењето на тој договор и одговор на тужбата, во кој тужениот не го оспорува.

(4) Договорот за избран суд може да се докажува само со исправи.

## Член 443

Договорот за избран суд е полноважно склучен и кога одредбата за надлежност на избраниот суд е содржана во општите услови за склучување на правно дело.

## Член 444

(1) Бројот на судиите на избраниот суд мора да биде непарен.

(2) Ако со договорот на странките не е определен бројот на судиите, секоја странка назначува по еден судија, а тие избираат претседател.

(3) Судиите на судовите можат да бидат избрани само за претседател на избраниот суд.

## Член 445

(1) Ако странките за решавање на определен спор договориле надлежност на избран суд, судот до кој е поднесена тужба во истиот спор и меѓу истите странки на приговор од тужениот ќе се огласи за ненадлежен, ќе ги укине спроведените дејствија во постапката и ќе ја отфрли тужбата.

(2) Приговорот од ставот (1) на овој член тужениот може да го стави најдоцна на подготвителното рочиште, а ако подготвително рочиште не се одржува, на главната расправа пред да се впушти во расправање за главната работа.

## Член 446

(1) Странката што според договорот за избраниот суд треба да назначи судија на избраниот суд, може да ја повика противната странка во рок од 15 дена да го изврши ова назначување и да ја извести за тоа.

(2) Поканата во смисла на ставот (1) од овој член е полноважна само ако странката што ја упатува назначила свој избран судија и ја известила за тоа противната странка.

(3) Кога според договорот за избраниот суд назначувањето на судија треба да го изврши трето лице, секоја странка може да му ја упати поканата од ставот (2) на овој член на тоа лице.

(4) Лицето кое е повикано да назначи судија на избраниот суд е врзано за назначувањето што е извршено штом тоа назначување му е соопштено на противникот, односно на една од странките.

## Член 447

(1) Ако судијата на избраниот суд не биде навреме назначен, а од договорот не произлегува нешто друго, судијата на предлогот од странката ќе го назначи судот.

(2) Ако избраните судии не можат да се согласат за изборот на претседателот, а од договорот не произлегува нешто друго, претседателот на предлог од секој судија или странка ќе го назначи судот.

(3) За назначување на судија, односно на претседател на избраниот суд е надлежен судот кој за спорот би бил надлежен во прв степен доколку не е склучен договорот за избраниот суд.

(4) Против решението на судот не е дозволена жалба.

(5) Странката што не сака да го користи овластувањето од ставот (1) или (2) на овој член може со тужба да бара судот надлежен за назначувањето да го прогласи престанувањето на важноста на договорот за избраниот суд.

## Член 448

(1) Освен во случајот од членот 447 на овој закон, секоја странка може со тужба да бара судот да прогласи престанување на важноста на договорот за избраниот суд:
1) ако странките не можат да се согласат за изборот на судиите што тие заеднички треба да ги назначат и
2) ако лице кое во самиот договор за избраниот суд е назначено за судија на избраниот суд не сака или не може да ја врши оваа должност.

(2) За барањето одлучува судот предвиден во членот 447 став (3) на овој закон.

(3) На рочиштето за расправање за барањето судот ќе ги повика странките, но судот може одлуката да ја донесе и во случај кога странките што се уредно повикани не дошле.

## Член 449

(1) Судија на избран суд е должен да се изземе кога постојат причините за изземање од членот 64 на овој закон. Од истите причини можат странките да бараат изземање на судија на избран суд.

(2) Странката која сама или заедно со противната странка назначила избран судија може да бара негово изземање, само ако причината за изземање настанала или странката за неа дознала откако избраниот судија е назначен.

(3) Ако странките поинаку не се спогодиле, за изземањето одлучува судот предвиден во членот 447 став (3) на овој закон.

## Член 450

Ако странките поинаку не се спогодиле, избраните судии ќе ја определат постапката пред избраниот суд.

## Член 451

(1) Сослушување на сведоци пред избраниот суд се врши без полагање на заклетва.

(2) Спрема сведоците, странките и другите лица кои учествуваат во постапката, избраниот суд не може да употреби присилни средства ниту да изрекува казни.

(3) Избраниот суд може да побара од судот месно надлежен за укажување правна помош (член 170), да изведе одделни докази што сам не е во можност да ги изведе. Врз постапката за изведување на докази ќе се применат одредбите на овој закон за изведување на докази пред замолен судија.

## Член 452

Избраниот суд може да донесе пресуда по справедливост, само ако странките му дале такво овластување.

## Член 453

(1) Кога избраниот суд се состои од повеќе од еден судија, пресудата се донесува со мнозинство гласови, ако во договорот за избраниот суд поинаку не е определено.

(2) Ако не може да се постигне потребното мнозинство на гласови, избраниот суд е должен за тоа да ги извести странките.

(3) Ако за случајот од ставот (2) на овој член странките поинаку не се спогодиле, секоја од нив може со тужба да бара судот предвиден во членот 447 став (3) на овој закон да изрече престанување на важноста на договорот за избраниот суд.

## Член 454

(1) Пресудата на избраниот суд мора да биде образложена, ако странките не договориле нешто друго.

(2) Оригиналот на пресудата и сите преписи ги потпишуваат сите избрани судии. Пресудата важи и кога некој судија ќе одбие да ја потпише ако пресудата ја потпишале мнозинството судии и на пресудата го утврдиле ова одбивање на потпишувањето.

(3) До странките се доставуваат преписи од пресудата преку судот предвиден во членот 447 став (3) на овој закон. Постојаните избрани судови сами вршат доставување на своите пресуди.

## Член 455

Оригиналот на пресудата, како и потврдите за извршеното доставување се чуваат кај судот предвиден во членот 447 став (3) на овој закон, а ако пресудата ја донел постојаниот избран суд, тогаш кај тој суд.

## Член 456

(1) Пресудата на избраниот суд има спрема странките сила на правосилна пресуда, ако со договорот не е предвидена можност за побивање на пресудата пред избраниот суд од повисок степен.

(2) На барање од странката судот предвиден во членот 447 став (3) на овој закон на преписот од пресудата ќе стави потврда за правосилноста и извршноста. Постојаните избрани судови сами ставаат потврда за правосилноста и извршноста на своите пресуди.

## Член 457

(1) Пресудата на избраниот суд може да се поништи по тужба од странката.

(2) За решавање по тужбата е надлежен судот предвиден во членот 447 став ( 3) на овој закон.

## Член 458

Поништување на пресудата на избраниот суд може да се бара, ако:
1) воопшто не е склучен договор за избраниот суд или ако тој договор не бил полноважен (членови 440 до 444);
2) во поглед на составот на избраниот суд или во поглед на одлучувањето е повредена некоја одредба на овој закон или на договорот за избраниот суд;
3) пресудата не е образложена во смисла на членот 454 став (1) од овој закон, или ако оригиналот и преписите на пресудата не се потпишани на начинот определен во членот 454 став (2) на овој закон;
4) избраниот суд ја пречекорил границата на својата задача;
5) изреката на пресудата е неразбирлива или е противречна сама на себеси;
6) пресудата на избраниот суд е во спротивност со Уставот на Република Македонија и со утврдените основи на општественото уредување и
7) постои некоја од причините за повторување на постапката од членот 392 на овој закон.

## Член 459

(1) Тужбата за поништување на пресудата на избраниот суд може да се поднесе до надлежниот суд во рок од 30 дена. Ако поништувањето се бара од причините наведени во членот 458 точки од 1 до 6 на овој закон, овој рок се смета од денот кога пресудата е доставена до странката, а ако странката за причините узнала подоцна, тогаш од денот на узнавањето. Во поглед на сметањето на рокот кога се бара поништување од причината наведена во членот 458 точка 7 на овој закон, согласно ќе се применуваат одредбите од членот 393 ставови (1) и (2) на овој закон.

(2) По истекот на една година од правосилноста на пресудата на избраниот суд не може да се бара поништување на оваа пресуда.

## Член 460

Странките не можат спогодбено да се откажат од примената на одредбите од членот 449 ставови (1) и (2), членот 454 ставови (2) и (3) и членовите 457, 458 и 459 на овој закон.

## Глава триесет и прва

# ПОСТАПКА ВО СТОПАНСКИТЕ СПОРОВИ

## Подрачје на примена

## Член 461

Во постапката во стопанските спорови ќе се применуваат одредбите на овој закон, ако во одредбите на оваа глава поинаку не е определено.

## Член 462

Одредбите за постапката во стопанските спорови се применуваат:
1) во споровите од меѓусебните стопански односи во кои двете странки се правни лица и
2) во споровите што се однесуваат на бродовите и на пловидбата на внатрешните води, како и во споровите врз кои се применува пловидбеното право (пловидбени спорови), освен споровите на превозот на патници.

## Член 463

Одредбите за постапката во стопанските спорови се применуваат и во споровите што произлегуваат од меѓусебните стопански односи на имателите на дуќани и на другите поединци кои во вид на регистрирано занимање вршат некоја стопанска дејност односно од меѓусебните стопански односи на тие лица и правните лица од членот 462 точка 1 на овој закон.

## Член 464

Одредбите за постапката во стопанските спорови се применуваат и во споровите меѓу лицата од членот 462 точка 1 на овој закон и странски физички и правни лица што произлегуваат од нивните меѓусебни стопански односи, како и во такви меѓусебни спорови на странски физички или правни лица.

## Член 465

Одредбите за постапка во стопанските спорови ќе се применуваат и кога во спорот, покрај лицата од членот 462 точка 1 и членот 464 на овој закон, како сопарничари од членот 186 став (1) точка 1 на овој закон учествуваат и други физички или правни лица.

## Надлежност и состав на судот

## Член 466

Во споровите заради утврдување на постоење или непостоење на договор, заради извршување или раскинување на договор, како и во споровите заради надомест на штета поради неизвршување на договор, покрај судот од општа месна надлежност, месно е надлежен и судот на местото каде што според спогодбата на странките тужениот е должен да го изврши договорот.

## Член 467

Во постапката во стопанските спорови судија поединец суди ако вредноста на предметот на спорот не го надминува износот од 1.200.000 денари, а во споровите за плаќање камата без оглед на вредноста на предметот на спорот.

## Подготвување на главната расправа

## Член 468

(1) Во итни случаи претседателот на советот може веднаш по претходно испитување на тужбата да закаже подготвително рочиште или рочиште за главна расправа. Против оваа одлука на претседателот на советот не е дозволена жалба.

(2) Претседателот на советот е овластен во итни случаи рочиштето да го закаже по телефон или со телеграма.

## Правни лекови

### Член 469

(1) Ревизија во стопанските спорови против правосилна пресуда донесена во втор степен е дозволена ако вредноста на предметот на спорот на побиваниот дел на правосилната пресуда надминува 1.000.000 денари.

(2) Ревизија во стопанските спорови против второстепена правосилна пресуда секогаш е дозволена во споровите од членот 372 став (3) точки 4 и 5 на овој закон.

## Други одредби

### Член 470

Ако обете странки спогодбено предложат рочиштето да се одложи за да се обиде порамнување, судот ќе го уважи овој предлог и веднаш ќе ги извести странките за денот и часот кога ќе се одржи ново рочиште.

### Член 471

Во постапката во стопанските спорови важат следниве рокови:
1) рок од 30 дена по истекот на кој не може да се поднесе на предлог за враќање во поранешна состојба од членот 110 став (4) на овој закон;
2) рок од осум дена за поднесување на жалба против пресуда, односно решение, а рок од три дена за поднесување на одговор на жалба и
3) рок од осум дена за извршување на чинење, а за чинења што не се состојат во парично давање, судот може да определи подолг рок.

### Член 472

(1) Во постапката во стопанските спорови странките не можат надвор од рочиштето да даваат изјави усно на записник кај судот.

(2) Исправата врз основа на која се издава платен налог според членот 418 од овој закон, не мора да биде приложена во оригинал или во заверен препис. Доволно е ако преписот на таквата исправа го заверил овластениот орган на правното лице.

(3) Во постапката во стопанските спорови нема да се применуваат одредбите од членот 419 став (1) на овој закон.

### Член 473

(1) Во постапката во стопанските спорови, спорови од мала вредност се спорови во кои тужбеното барање се однесува на побарување во пари што не го надминува износот од 300.000 денари.

(2) Како спорови од мала вредност се сметаат и споровите во кои тужбеното барање не се однесува на побарување во пари, а тужителот во тужбата навел дека се согласува наместо исполнување на определеното барање да прими определен паричен износ што не го надминува износот од ставот (1) на овој член (член 33 став (1)).

(3) Како спорови од мала вредност се сметаат и споровите во кои предметот на тужбеното барање не е паричен износ, туку предавање на подвижен предмет чија вредност, што тужителот во тужбата ја навел, не го надминува износот од ставот (1) на овој член (член 33 став (2)).

(4) Во постапката во споровите од мала вредност во стопанските спорови не се применуваат одредбите за подготвително рочиште.

## Дел четврти

# ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 474

(1) Ако пред денот на примената на овој закон е донесена првостепена пресуда или решение со кое постапката пред првостепениот суд се завршува, натамошната постапка ќе се спроведе според дотогашните прописи.

(2) Ако по денот на примената на овој закон биде укината првостепената одлука од ставот (1) на овој член, натамошната постапка ќе се спроведе според овој закон.

## Член 475

Одредбата на членот 440 од овој закон престанува да важи со денот на влегувањето во сила, односно со денот на примената на закон кој ќе ја уреди постапката за меѓународната трговска арбитража.

## Член 476

Со денот на примената на овој закон престанува да важи Законот за парничната постапка ("Службен весник на Република Македонија" број 33/1998 и 44/2002).

## Член 477

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува по истекот на три месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.